Врз основа на член 98 став 1 алинеа 2 од Законот за заштина на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13,12/14 и 44/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за усвојување на Завршната сметка на ЈОУ Детска градинка"Детска Радост" Гевгелија за 2013 година**

1.Се усвојува Завршната сметка на ЈОУ Детска грдинка "Детска Радост" Гевгелија за 2013 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлуки бр.02-50-51/6,7 од 26.02.2014 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-672/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 164 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ"бр.66/04,89/08,116/10 и 51/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2013 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2013 година, усвоен од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-127/2 од 30.12.2013 година.

2.Решението да се достави до ЈОУБиблиотека "Гоце Делчев"Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-673/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 164 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ"бр.66/04,89/08,116/10 и 51/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2013 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2013 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлуки бр.02-26/2,3 од 27.02.2014 година.

2.Решението да се достави до ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен



Бр.07-674/1 Претседател

15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 164 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ"бр.66/04,89/08,116/10 и 51/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2014 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2014 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-127/3 од 30.12.2013 година.

2.Решението да се достави до ЈОУБиблиотека "Гоце Делчев"Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-675/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ"бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11,51/11,136/12,23/13 и 44/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија за 2013 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија за 2013 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-17/1-3 од 11.03.2014 година.

2. Решението да се достави до ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-679/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09,97/10,6/12,119/13 и 41/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2013 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2013 година , усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-274/3 од 10.03.2014 година.

2.Решението да се достави до ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-680/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09,97/10, 6/12,119/13 и 41/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2013-31.12.2013 година при ЈПКД"Комуналец" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2013-31.12.2013 година при ЈПКД"Комуналец" Гевгелија, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-274/2 од 10.03.2014 година.

2.Решението да се достави до ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-681/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09,97/10,6/12,119/13 и 41/14 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за 2014 година**

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2014 година , усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-274/4 од 10.03.2014 година.

2.Решението да се достави до ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-682/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 28/99, 49/03, 82/05, 24/07,116/10,47/11, 51/11,136/12,23/13 и 44/14 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Извештајот за работењето на ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методија" Гевгелија за 2013 година**

1.Се усвојува Извештајот за работењето на ЈОУРаботнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2013 година, усвоен од Управниот одбор на Јавната установа со Одлука бр.03-6 од 12.02.2014 година.

2.Решението да се достави до ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-676/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ"бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11,51/11, 136/12,23/13 и 44/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2013 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2013 година ( сметка 903 и сметка 787), усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлуки бр.03-10 и 11 од 28.02.2014 година.

2.Решението да се достави до ЈОУРаботнички универзитет "Кирил и Методија"Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-677/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 28/99, 49/03, 82/05, 24/07,116/10,47/11, 51/11, 136/12,23/13 и 44/14 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2014 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2014 година, усвоена од Управниот одбор на Јавната установа со Одлука бр.03-5 од 12.02.2014 година.

2.Решението ќе се достави до ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-678/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 50 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.),Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2014 година, по расправата по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2013 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2013 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-659/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.61/04,96/04,67/07,156/09 и 47/11 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2014 година, по расправата по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2013 до 31.12.2013 година, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2013 до 31.12.2013 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-660/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2014 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2013 година, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2013 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-664/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 16.05.2013 година, по расправата по Извештајот за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција,рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2013 година, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација,одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2013 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-6651 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 35 и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на

15.03.2014 година по расправата по Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за подрачјето на општина Гевгелија за периодот 01.07.2013-31.12.2013 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за подрачјето на општина Гевгелија за периодот 01.07.2013 - 31.12.2013 година.

2.Овој заклучок да се достави до МВР,Сектор за внатрешни работи Струмица,Полициска станица од општа надлежност Гевгелија.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-684/1 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.03.2014 година, по претресот на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2013 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.За организирано извршување на одредени работни активности во ЈПКД "Комуналец"Гевгелија, Стручната служба на Јавното претпријатие да изработи елаборат и Предлог на Одлука за основање на нови сектори во Јавното претпријатие и тоа:

-Сектор за одржување на јавните (локални) патишта
-Сектор за одржување на јавното осветлување
-Сектор за шинтерска служба
-Сектор за примарна рециклажа од селектиран отпад

2.Да се изработи елаборат за обезбедување на заштитните зони околу бушотините и каптажите за вода за пиење.

3.Овој Заклучок да се достави до ЈПКД "Комуналец"Гевгелија.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 680/2 Претседател
15.03.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Завршна сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година ........ 70

2.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на комунални услуги - испорака на вода за пиење, канализација (одведување на урбани отпадни води) и погребални дејности за 2013 година ........................................................................................................................ 130

3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година ..................................................................... 131

4.Одлука за донесување на Процена за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности ...................................................... 132
5.Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект-станбена зграда на Здружението на пензионерите на општина Гевгелија ........................................................................ 132
6.Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "ВладоКантарџиев" Гевгелија за 2013 година ...................................... 133
7. Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2013 година ......................................... 133
8.Решение за давање на мислење на Програма за изведување на настава во природа со учениците од четврто одделение при ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија ................................................................................................................. 134
9. Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2013 година ................................................ 134
10. Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2013 година ..................................... 134
11.Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2013 година ........................... 135
12. Решение за усвојување на Годишна сметка на Средното општинското училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2013 година ...................................... 135
13. Решение за усвојување на Завршна сметка на ЈОУ Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2013 година ............................................................... 136
14. Решение за усвојување на Годишен извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2013 година ............................................ 136
15. Решение за усвојување на Годишна сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2013 година ......................................................................... 136
16. Решение за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2014 година ................................................................ 137
17.Решение за усвојување на Годишна сметка на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија за 2013 година ................................................................... 137
18.Решение за давање на согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2013 година ........................................................ 138
19.Решение за давање на согласност на Финансиски извештај за периодот 01.01.2013 - 31.12.2013 година при ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ......................... 138
20.Решение за давање на согласност на Програма за работни активности ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2014 година ......................................................... 138
21. Решение за усвојување на Извештај за работењето на ЈОУ РУ "Кирил и Методија" Гевгелија з 2013 година ........................................................................ 139
22.Годишна сметка на ЈОУ РУ "Кирил и Методија" Гевгелија за 2013 година ...................................................................................................................... 139
23.Решение за усвојување на Програма за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2014 година .................................. 140
24.Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2013 година ........................................................................ 140
25.Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2013 до 31.12.2013 година ............................................................................ 141
26.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2013 година ......... 141
27.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2013 година ........................................... 141

28.Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за подрачјето на општина Гевгелија за период 01.07.-31.12.2013 година ........................................................................................................ 142

29.Заклучок за организирано изршување на одредени работни активности во ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, Стручната служба на Јавното претпријатие да изработи елаборат и Предлог на Одлука за основање на нови сектори во Јавното претпријатие ........................................................................................................ 142

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија

O P [ T I N A   G E V G E L I J A

# SLU@BEN GLASNIK
# NA OP[TINA GEVGELIJA

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен. весник на РМ„ бр. 5/02 год.), член 80-а од Законот за градење („Службен. весник на РМ„ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11,54/11, 13/12, 144/13, 25/13,79/13,137/13,163/13,27/14 и 28/14 год.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.04.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија**

1. **Причина и цели за изработка на Програмата**

Основна причина за изработка на Програмата за поставување на урбана опрема е законската обврска за нејзина изработка, донесување и спроведување.

Со оваа Програма се постигнуваат следните цели:

- евиденција на урбана опрема на територијата на општина Гевгелија;
- естетско обликовни подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- вработување на невработени лица;
- можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- брз сервис и услуга на граѓаните од непосредна близина (продажба на весници, сувенири, цвеќиња, телефонски говорници).

2. **Видови на урбана опрема**

Според Законот за градење („Сл. весник на РМ„ бр. 70/13 – пречистен текст) урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти,опрема во функција на туристичи, културни, спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна

површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон. Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

Урбаната опрема ќе се поставува со претходен избор од неколку типски идејни решенија.

Се утврдува модуларен систем (кој ќе биде прикажан со графички дел – проект) за објектите во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

**а) Платформи**

Платформите кои служат за организирање на спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации) како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивно користење. Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука. Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

**б) Сплавови – платформи за јавни настани на вода**

Сплавови се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена површина до 100 м2. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

**в) Информативни паноа**

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на градот, возен ред и друго) и огласување на културно – уметнички, спортски и други манифестации. Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот. Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**г) Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед**

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4.0 м2, а за продажба на цвеќе не поголема од 16.0 м2.

**ѓ) Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби. Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите од став 1 на овој член изнесува 1.5 x 1.5 м, како би се

овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**е) Монтажно – демонтажни типски објекти**

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција се објекти со површина до 16.0 м2 кои можат да се поставаат на одредени места. Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна).

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно – промотивни или деловно – информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

- **Обликовни услови**

- монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на времени објекти и урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда;
- на монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50 см;
- на надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот;

- **Сообраќајни услови**

- монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалидизирани лица и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1.5 – 2.5 м., а од раскрсница мин. 10.0 м од почетокот на радиусот за десно свртување;

- **Технички услови**

- при поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно – технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен

пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација;

- подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**ж) Автобуски постојки**

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4.0 – 16.0 м2 и висина до 4.0 м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во зависност од фреквенцијата на сообраќајот има четири типа на автобуски стојалишта и тоа:

а) Тип А – само автобуска постојка

Во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

б) Тип Б – автобуска постојка со билетара

Во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

в) Тип В - автобуска постојка со киоск

Во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

г) Тип Г - автобуска постојка со билетара и киоск

Во рамките на овој тип има билетара, киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли. Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ќе бидат поставени се одредува од страна на Општината. При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2.5 м.

**з) Објекти за обезбедување**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3.0 м2. За нив важат стандардите за монтажно – демонтажни и типски објекти.

**ѕ) Јавни санитарни јазли**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**и) Тераси, шанкови и настрешници**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено

безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ„ бр. 78/06, 140/07 и 12/09 и 142/10) особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп. На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди. Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, настрешници, чадори, постамент за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина. Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови или клупи изнесува 1.5 м. Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат. Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минимална слободна височина од 2.4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткриват само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

Тендите се типски – монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина. При поставување на тенди

над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3.2 м. Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса. Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно – демонтажен елемент кој се поставува на монтажно - демонтажни столба кои не смеат да бидат прицврстени на јавната површина, со платно и со роло механизам. При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3.2 м. Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија. Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса и да бидат фиксно прицврстени за подлогата. Висината да не биде поголема од 0.80 м. Над нив може да се изведе застаклен дел до висина од мах. 1.60 м. од подлогата на летната тераса. Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високо естетско ниво. Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваат само помеѓу соседни летни тераси.

**ј) Покриени и отворени шанкови**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини. Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација. Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**к) Самостоечки рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл. весник на РМ„ бр. 54/07, 86/08, 98/08 и 64/09) и акт на Советот на Општината.

**л) Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**љ) Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците. Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема. Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1.0 x 1.2 м за луѓето со хендикеп. Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

**м) Жардињери, граничници**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина. Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот. Максимална висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

**н) Тезги**

Тезгите се лесно подвижни елементи на урбана опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определен со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи со пригодна намена. Не е дозволено продажба на храна. Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветна на локацијата. Минималната површина на тезгите изнесува 2.0 – 4.0 м2 и се поставуваат и одстрануваат по завршување на дејноста. Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезот на јавни, деловни и станбени објекти.

**њ) Елементи за изложување на производи**

Елементи за изложување на производи се витрини, полици и фрижидери. Елементите за изложување на производи се поставуваат на јавни површини пред трговски локали, по правило во широчина на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина. Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи. Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвара на било кој начин (најлони, застаклување и сл.).

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациските услови, со високи естетско – функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

Во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа Програма прикажани се локациите на кои може да се поставува урбаната опрема, кои ќе се прецизираат со изработката на микролокациските услови.

- Платформи кои служат за организирање на спортски, културни, туристички и забавни настани – во близина на споменикот на Сава Михајлов во Гевгелија, и во централните делови на населените места во општината;
- Информативни паноа, телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци, жардињери и граничници – на територија на цел град, и на населените места;
- Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед – локациите ќе се утврдуват по согледување на надлежниот орган;
- Тераси, шанкови и настрешници, покриени и отворени шанкови – во централното градско подрачје и пред угостителски објекти во градот и населените места во општината;
- Самостоечки рекламни паноа – се задржуват локациите на постоечките
  рекламни паноа, односно на сите улици и зелени површини во градот и населените места кои ги исполнуваат критериумите за непреченост во движењето и сообраќајот;
- Опрема за забава на деца и детски игралишта – во близина на градскиот стадион.

2. **Критериуми за определување на типот на урбаната опрема**

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- функционални критериуми како што се намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста;
- естетско морфолошките критериуми овозможуваат редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност;
- материјално експлоатациони критериуми ги одредуваат економските аспекти категорија време и објекти.

Урбаната опрема која се поставува на подрачјето на општина Гевгелија треба да ги задоволува основните барања за градбата согласно Законот за градење („Сл. весник на РМ„ бр. 70/13).

Урбаната опрема не смее да претставува архитектонска бариера односно да го попречува безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп. Урбаната опрема треба да биде технички и обликовно проектирана, беспрекорно изведена, во склад со амбиентот на локацијата, со примена на современи материјали, исправни и естетски прифатливи.

Доградба, надградба и други надворешни и внатрешни интервенции на урбаната опрема освен интервенциите за нивно тековно одржување, не се дозволуваат.

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината. Урбаната опрема со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршење на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба. При поставување на урбана опрема, не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3.2 м, а за поставување на монтажно – демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4.5 м.

При поставување на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди:

-урбаната опрема да е на минимално растојание од 0.80 м од рабникот на коловозот ( корпа за отпадоци, жардињери), односно 1.5 – 2.5 м од рабникот на коловозот ( автобуски стојалишта, киосци, рекламни табли).

-Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3.2 м над слободната проодна површина.

-Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа programa и условите од други прописи.

-Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации и изложби, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

При поставување на урбаната опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1.5 м, а во централното градско подрачје 2.5 м. Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столбчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1.2 м. Широчината на слободната проодна површина на тротоарите се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење. -Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците, која изнесува минимум 8.0 м од пресечната точка на двете регулациони линии. Доколку пешачката површина е поголема од 5.0 м во радиус на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2.5 м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

При поставување на урбана опрема, барателот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата;

-примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбаната опрема за дејностите од кои тоа се очекува,

принцип на повеќеводни кровови – со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.;
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи за јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите за заштитата на културно – историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истите може да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив. При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина.

Урбаната опрема може да биде само приземна, со максимална висина на венец до 3.5 м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач, само како заштита на објектот, со кота на приземје не повисока од 15 см.

**5. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема**

Согласно Законот за градење („Сл. весник на РМ„ бр. 70/13) урбаната опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема кое го издава Градоначалникот на општина Гевгелија.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема во размер 1:1000. Точното позиционирање на урбаната опрема го одредува стручна служба од општина Гевгелија.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл. весник на РМ„ бр. 123/08), Одобрението за поставување на урбана опрема се издава на образец во А4 формат. Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Општина Гевгелија согласно Законот за градење („Сл. весник на РМ„ бр. 70/13–пречистен текст) води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема.
Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна просторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија.
Кога просторот пред деловната просторија на која се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост, потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбаната опрема може да биде:

- дневно за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.);
- краткотрајно за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.);
- сезонско за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.);
- годишно за период од 1 година (угостителство, трговија, градилиште);
- долгогодишно, за период од 1 до 5 години.

Одобрение за поставување на урбана опрема се издава врз основа на поднесено барање кое заинтересираниот субјект го доставува до општина Гевгелија заедно со комплетна документација.

I. За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед,:
- одобрение за вршење на дејност издадено од општина Гевгелија,
- проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата,
-доказ за регулирано плаќање на комунална такса,
-геодетски елаборат со нумерички податоци.

II. За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа: тераси со или без настрешници, покриени и непокриени шанкови:
- одобрение за вршење на дејност издадено од општина Гевгелија,
- заверен елаборат врз основа на кој е издадено одобрение за вршење на дејност,
-доказ за регулирано плаќање на комунална такса,
-извод од Програма,
-геодетски елаборат со нумерички податоци.

III. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти:
- извод од Програма со микролокациски услови,
-основен ревидиран проект,
-геодетски елаборат со нумерички податоци.

**IV**.Чешми, клупи, корпи за отпадоци, телефонски говорници, автобуски постојки, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење дејност:
- извод од Програма со микролокациски услови.

**V.** Фонтана, со споменик, канделабри, водени базени:
-извод од Програма со микролокациски услови,
-основен ревидиран проект.

Постапката по барањето до донесување на одобрението за поставување на урбана опрема ја спроведува Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина – во натамошниот текст: надлежно одделение на Општината.

Надлежното одделение на Општината врши увид на лице место и проверка на елаборатот од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија.

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:
- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување,
- престане важењето на одобрението за вршење на дејност,
- не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања.

Во случаите од претходно наведеното, надлежниот орган нема да издаде ново одобрение во наредниот период од 6 месеци.

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобрението не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

Даденото одобрение за поставување на урбана опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

**6.Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на времени објекти и урбана опрема**

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на времени објекти и урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот (физичко или правно лице).

**7. Динамика на реализација на Програмата**

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе зависи од створените правни и технички услови.

**8. Вршење надзор**

Вршењето надзор над поставувањето, одржувањето, дислокацијата и отстранувањето на времени објекти и урбана опрема е во согласност со Законот за градење („Сл.весник на РМ„ бр. 70/13 – пречистен текст).

**9. Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на општина Гевгелија преку Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина.

Графичкиот приказ е составен дел на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

**10.**Со влегување во сила на оваа Предлог-Програма престанува важноста на Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија, објавени во( „Сл. гласник на општина Гевгелија„ бр. 13/11 год.).

**11.**Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-887/1
22.04.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 14 и 15 од Законот за градежно земјиште ("Сл. весник на РМ" бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13 и 137/13 год.) и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп („Сл. весник на РМ,бр.102/11, 169/11, 14/12, 38/12, 54/12, 63/12, 150/12, 3/13, 142/13 и 158/13 год.) и член 38 од Статутот на општина Гевгелија

("Сл. гласник на општина Гевгелија" бр. 26/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.04.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на граници на централното и вон централното подрачје во градот Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат границите на централното и вон централното подрачје во градот Гевгелија, односно просторот на кој ќе се применуваат цените од Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп.

**Член 2**

Границите на Зоната-централно подрачје во градот Гевгелија се:
-од север: Булевар "Гевгелија"
-од југ: ул. "Новопланирана 5"
-од исток: ул."Борис Кидрич" и ул."Железничка" и
-од запад: поранешна Западна собирна улица

Во овој опфат влегуваат следните улици: "Мечкин камен","Илинденска", "Рајко Жинзифов","Мирче Ацев","Самоилова","Илија Миов","Ѓоко Тутушев","Браќа Миладинови", "Јанко Урдинов","Југославија", "Лена Ѓорова", "Васо Карајанов", "Кирил и Методи","Страшо Пинџур", "Ристо Фаршинин", "Ѓорги Велков","1-ви Мај", "Лена Ковачева","Ристо Чавдаров","Димитар Влахов","Сараевска","Загребска","Танче Камберов", "Ристо Бојмалиев", "Титоградска", "Јосиф Јосифовски", "Солунска", "Маршал Тито","Кукушка", "Петар Мусев", "Ванчо Прке", "Крушевска", "Ристо Јанев", "Кожуф", "Ристо Шуклев", "Караорман", "Деко Ковачев", "Панче Пешев", "Миле Пецанов", "Леонид Јанков", "Сава Михајлов", "Воденска", "Митко Зафиров" ,"Партизанска", "4-ти Јули", "7-ми Ноември", "Радован Ковачевиќ,", "Земунска", "Мицо Шаренков", "Скопска", "Борис Карпузов","Ѓорче Петров","Панде Дуганов",Гевгелиски партизански одред", "Македонија",, "Смилева", "Таља Бикова", "Слободан Митров Данко", "11-ти Октомври","Гоце Делчев", "Даме Груев", "Белградска", "Ѓорге Стамов", "Коле Неделковски", "Љубљанска", "26-ти Април", "Јане Сандански", "Питу Гули", "Владо Кантарџиев", "Кочо Рацин", "Нако Вардарски".

**Член 3**

Зоната"вон централно подрачје" е просторот помеѓу границата на централното подрачје, опишана во членот 2 од оваа Одлука и границата на градежниот реон утврдена со Генералниот урбанистички план на градот Гевгелија.

**Член 4**

Градежното земјиште во сопственост на Република Македонија во границите на централното и вонцентралното подрачје може да се оттуѓи, да се даде на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се востанови право на стварна служБеност и на него да се востановат други стварни права, на начин и под услови утврдени со Законот за градежно земјиште и друг закон.

Прилг кон одлуката е и графичкиот приказ за границите на зоните.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр. 07-888/1
22.04.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на општина Гевгелија
***Драги Хаџи -Николов с.р***

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 32 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 10/08 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.04.2014 год., донесе

## О Д Л У К А
## За давање на користење и одржување на две простории во во објектот на општина Гевгелија во Прдејци на ЈЗУ Здравствен дом "Гевгелија"Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење и одржување на две простории во објектот на општина Гевгелија во Прдејци на ЈЗУ Здравствен дом"Гевгелија"Гевгелија, начинот и рокот на користење, како и други прашања во врска со користењето.

**Член 2**

Објектот на општина Гевгелија во Прдејци е сопственост на општината.

**Член 3**

Во објектот се даваат на користење и одржување две простии во површина од 40 м2 што се наоѓаат на јужната страна на објектот и имаат посебен влез од источната страна.

Просториите се даваат на користење и одржување без надоместок заради давање на услуги од здравствена заштита на примарно ниво (Проект:"Рурален доктор").

ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија е должен при користењето на просториите да постапува како добар корисник, согласно законските прописи.

За предавањето на просториите на користење ќе се состави записник.

**Член 4**

ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија не може просториите во објектот да ги дава во подзакуп на друго физичко или правно лице со било каков правен акт.

**Член 5**

За правата и обврските во врска со користењето и одржувањето на просториите ќе се склучи договор со кој ќе регулира времето на користење, начинот на одржување и други прашања.

Договорот од претходниот став ќе се раскине и пред истекот на рокот, покрај во случаите што ќе бидат утврдени со договорот, и ако општината има потреба од реализирање на одредена урбанистичка планска документација.

Договорот од претходниот став со ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија, во име на општината, како сопственик на објектот, се овластува да го потпише Градоначалникот на општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-889/1 Претседател
22.04.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.04.2014 година, по претресот на Предлог-Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија, да се предвиде по една локација за поставување на урбана опрема за забава на деца и за детски игралишта во сите урбани единици во градот Гевгелија.

Постојните детски игралишта кои се изоставени од Генералниот урбанистички план да се разгледа можноста да се вратат во планот.

Во Деталниот урбанистички план за Урбана единица 7 локацијата од околу 2000м2 во државна сопственост да се изврши промена на намената на дел од земјиштето и да се предвиде поставување на урбана опрема.

3.Овој Заклучок да се достави до Секторот за урбанизам,комунални работи и заштита на животната средина,Одделение за урбаниза.архитектура,градежништво и заштита на животната средина..

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-887/2 Претседател
22.04.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р***

---

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08 и 124/10 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 22.04.2014 година, по расправата по Предлог-Елаборат за процена на штета од

елементарна непогода - невреме проследено со појава на град и дожд што ја зафати општина Гевгелија на 23.02.2014 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Елаборат за процена на штета од елементарна непогода - невреме проследено со појава на град и дожд што ја зафати општина Гевгелија на 23.02.2014 година, изготвен од Комисијата за процена и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи на општина Гевгелија.

2.Елаборатот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Државниот завод за статистика, за разгледување и преземање на потребните активности и мерки согласно законските прописи.

3.Елаборатот од точка еден на овој заклучок е прилог на заклучокот.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-886/1 Претседател
22.04.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р***

---

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија (IСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година (IСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 32/12 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 30.014,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка IДетска радоств Гевгелија, за месец ноември 2013 година и тоа:

- Васко Ристов________________________________ 1.490,00
- Магица Цицмиловиќ__________________________ 3.731,00
- Борис Миленковски __________________________ 1.352,00
- Маја Филипова______________________________ 1.490,00
- Лилјана Ангова______________________________ 1.490,00
- Мануела Шабанова___________________________ 1.075,00
- Кристина Мирческа__________________________ 1.490,00
- Слаџана Соколова____________________________ 1.490,00
- Марина Атанасова____________________________ 2.888,00
- Ирена Каранфилова___________________________ 1.874,00
- Лидија Картова_______________________________ 1.490,00
- Тодор Шаренков______________________________ 10.154,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година во износ од 30.014,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 13-2284/2 Градоначалник
11.12.2013 год. на општина Гевгелија
Гевгелија ***Иван Франгов с.р***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија (ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година (ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 28/13 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2014 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 14.758,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија, за месец јануари 2014 година и тоа:

- Васко Ристов______________________________ 1.490,00
- Магица Цицмиловиќ________________________ 3.363,00
- Борис Миленковски ________________________ 1.398,00
- Маја Филипова_____________________________ 1.490,00
- Лилјана Ангова____________________________ 1.490,00
- Мануела Шабанова__________________________ 1.352,00
- Кристина Мирческа_________________________ 1.490,00
- Слаџана Соколова__________________________ 1.490,00
- Марина Атанасова__________________________ 2.980,00
- Лидија Картова____________________________ 1.490,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална

помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година во износ од 18.033,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 13-135/2 Градоначалник
21.01.2014 год. на општина Гевгелија
Гевгелија ***Иван Франгов с.р***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија (ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година (ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 28/13 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2014 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 14.758,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија, за месец јануари 2014 година и тоа:

- Васко Ристов_____________________________ 1.444,00
- Магица Цицмиловиќ________________________ 1.563,00
- Борис Миленковски ________________________ 1.444,00
- Маја Филипова____________________________ 1.490,00
- Лилјана Ангова____________________________ 1.490,00
- Мануела Шабанова_________________________ 983,00
- Кристина Мирческа_________________________ 1.490,00
- Слаџана Соколова__________________________ 1.490,00
- Марина Атанасова__________________________ 1.874,00
- Лидија Картова_____________________________ 1.490,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година во износ од 14.758,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 13-336/2 Градоначалник
11.02.2014 год. на општина Гевгелија
Гевгелија ***Иван Франгов с.р***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија (ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година (ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 28/13 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2014 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 18.135,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија, за месец февруари 2014 година и тоа:

- Васко Ристов________________________________ 1.490,00
- Магица Цицмиловиќ__________________________ 4.940,00
- Борис Миленковски __________________________ 1.306,00
- Маја Филипова______________________________ 1.490,00
- Лилјана Ангова______________________________ 1.352,00
- Мануела Ашовалиева_________________________ 1.213,00
- Кристина Мирческа___________________________ 1.398,00
- Слаџана Соколова____________________________ 1.490,00
- Марина Атанасова____________________________ 1.966,00
- Лидија Картова______________________________ 1.490,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ІДетска радоств Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година во износ од 18.135,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 13-657/1 Градоначалник
19.03.2014 год. на општина Гевгелија
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 128 став 6 и член 132 став 1 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12,24/13 и 14/2014 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на директор на**
**Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1.На Никола Марачков, со завршен Електро Технички Факултет,вработен во Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија, му престанува мандатот на директор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија заради истек на мандат.

2.Никола Марачков да биде распореден на работа во ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, на работно место соодветно на неговата стручна подготовка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-41/6 Градоначалник
07.04.2014 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франговс.р.***

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12,24/13 и 14/2014 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 08.04.2014 година,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1.За вршител на должноста директор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува

-Магдалена Каркалашева, дипломиран професор по одделенска настава, вработена во Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија .

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија,Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-41/8 Градоначалник
08.04.2014 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франговс.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија........................................................................................................ 145
2.Одлука за утврдување на граници на централното и вонцентралното подрачје во градот Гевгелија.................................................................................159
3.Одлука за давање на користење и одржување на две простории во објектот на општина Гевгелија во Прдејци на ЈЗУ Здравствен дом "Гевгелија" Гевгелија.........................................................................................................160

4.Заклучок по Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија..........................................................................................161

5.Заклучок за усвојување на Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода - невреме проследено со појава на град и дожд што ја зафати општина Гевгелија на 23.02.2014 година.......................................................161

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1. Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година,бр.13-2284/2/13........................................................................162

2. Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година, бр.13-135/2/13..........................................................................163

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година, бр.13-336/2/13..........................................................................164

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година, бр.13-657/2/13..........................................................................165

5.Решение за престанок на мандат на директор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија за Никола Марачков од Гевгелија........165

6.Решение за именување Вршител на должноста директор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија на Магдалена Каракалашева од Гевгелија...........................................................................................................166

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија

O P [ T I N A   G E V G E L I J A

# SLU@BEN GLASNIK
# NA OP[TINA GEVGELIJA

Врз основа на член 11 од Законот за социјалната заштита (ІСлужбен весник на Република Македонијав бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13 и 164/13), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (ІСлужбен весник на Република Македонијав бр. 5/02 и 11/05) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав бр. 25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05. 2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За социјална заштита за потребите на граѓаните на општина Гевгелија за 2014 година**

## I. ВОВЕД

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита.

## II. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Социјалната заштита, како организирана дејност од страна на државата и локалната самоуправа, која има за цел да се спречат и надминат основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот, најчесто ги третира следниве ризици:

- Ризици по здравје ( болест, повреда и инвалидност )
- Ризици од старост и стареење
- Ризици на кои се изложени еднородителските семејства
- Ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично
- Ризици од сиромаштија и ризиците од друг вид на социјална исклученост.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.

## III. ОПИС НА АКТИВНОСТИ ОПФАТЕНИ СО ПРОГРАМАТА

### 1. Помош и поддршка на лица во ризик

Имајќи го во предвид фактот дека социјалата е еден од трите основни столбови на одржлив развој, Општина Гевгелија ќе вложи максимални напори за поголем квалитет на живот на населението, а особено на оние лица кои се со загрозена

материјална состојба и на кои им е потребна социјална помош. За таа намена, Општина Гевгелија ќе ги превземе следните активности:

- **Еднократна парична помош за физички лица**

Општина Гевгелија, како и во изминатите години, ќе обезбеди финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална ситуација а тука спаѓаат лица со ниски прамања или приматели на социјална помош.

Во оваа категорија ќе бидат земени во предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи како и лица неспособни за работа.

Овие лица треба да достават барање за доделување на финансиска помош заради нарушена здравствена состојба и потреба од лекување или оперативен зафат или други ризични ситуации кои ги нарушуваат нивните услови за живот, со што ќе приложат лекарски упат или друг доказ за потребата за финасова помош.

**Временски период на реализација:** оваа активност ке се реализира во текот на целата година.

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 250.000,00 денари.

**- Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДГ Детска радост Гевгелија**

Оваа активност се однесува на деца кои потекнуваат од семејства кои се приматели на социјална парична помош, односно семејства со ниски примања. Средствата ќе се исплаќаат врз основа на податоци кои месечно ќе ги доставува ЈОУДГ Детска радост Гевгелија.

**Временски период на реализација:** оваа активност ке се реализира во текот на целата година.

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 200.000,00 денари.

**- Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од семејства корисници на социјална помош, еднородителски семејства и штитениците на Дневниот центар за деца со посебни потреби.**

За децата - жители на Општина Гевгелија, кои потекнуваат од семејства кои се приматели на социјална парична помош или од родителски семејства, како и децата кои го посетуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби, општината секоја година доделува новогодишни пакетчиња.

Податоците за бројот на овие деца ги доставува Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа- Гевгелија.

Бројот на овие деца на годишно ниво е од 80 - 100.

**Временски период на реализација:** декември

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 35.000,00 денари.

**- Доделување на огревно дрво на лица кои се корисници на право на социјална помош**

Оваа активност се однесува на лица кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија. Дрвата за огрев ќе се доделат по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа-Гевгелија.

**Временски период на реализација:** оваа активност ке се реализира во месец јануари.

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 100.000,00 денари.

**- Доделување на јајца за Велигденските празници на лица кои се корисници на право социјална помош**

И оваа активност, како претходната, се однесува на лица кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија. Истата ќе се реализира по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа- Гевгелија.

**Временски период на реализација:** оваа активност ке се реализира пред велигденските празници.

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 25.000,00 денари.

**2. Еднократна парична помош на новородено дете**

Општина Гевгелија ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца, чии родители се со постојано живеалиште во Општина Гевгелија, во износ од 6.000,00 денари.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:

- лична карта на родителите,
- извод од матична книга на родените (за новороденчето)
- број на трансакциска сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови, туку општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината.

**Временски период на реализација:** оваа активност ке се реализира во текот на целата година.

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 270.000,00 денари.

**3. Субвенционирање на превоз на одредени категории лица со посебни потреби во општинскиот линиски превоз на патници.**

Субвенционирањето на превоз во општинскиот линиски превоз на патници ќе се врши за лица со посебни потреби во општина Гевгелија и тоа:

- Лица со интелектуална попреченост,
- Телесно инвалидизирани лица,
- Лица со оштетен вид,
- Лица со оштетен слух,
- Инвалиди на трудот,
- Бубрежно болни лица,
- Инвалидски пензионери,
- Воени инвалиди.

За лицата со 100% инвалидитет ќе се субвенционира и превоз за неговиот придружник.

Евиденција на лица со посебни потреби кои се корисници на субвенции до општинската администрација Гевгелија и субјектите кои вршат општински линиски превоз, доставуваат установите и здруженијата во кои тие членуваат.

Средствата ќе се уплаќаат на правните субјекти кои вршат општински линиски превоз.

**Временски период на реализација:** оваа активност ке се реализира во текот на целата година.

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 360.000,00 денари.

**4. Субвенционирање на потрошувачката на комунални услуги-испорака на вода за пиење, канализација (одведување на урбани отпадни води) и погребални дејности.**

Оваа активност се однесува на домаќинства кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги-испорака на вода за пиење, канализација (одведување на урбани отпадни води) и погребални дејности, издадена од давателот на услуга-ЈПКД ІКомуналецв Гевгелија, доколку:

-остварува право на социјална парична помош, согласно Законот за социјалната заштита,

-редовно ги плаќа сметките за потрошената вода и другите комунални услуги,

-потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

За остварување на ова право, се поднесува барање до ЈПКД Комуналец Гевгелија, со кое се приложува и доказ за исполнување на горенаведените услови.

Надоместокот ќе се исплаќа на месечна основа, а изнесува до 500,00 денари.

**Временски период на реализација:** оваа активност ке се реализира во текот на целата година.

**Потребни средства:** за реализација на оваа активност се предвидени средства во Буџетот на општина Гевгелија за 2014 во износ од 450.000,00 денари.

## IV. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ВО 2014-2015 година

| р. бр. | активност | период на реализација | корисници | планирани средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Помош и поддршка на лица во ризик<br>- Еднократна парична помош за физички лица<br>- Субвенционирање на престојот во градинка<br>- Доделување на новогодишни пакетчиња<br>- Доделување на огревно дрво<br>-Доделување јајца за велигденските празници | -во текот на целата година<br>-во текот на целата година<br>-декември<br>-јануари<br>-април-мај | лица кои се нашле во положба на социјален ризик, деца од семејства корисници на социјална парична помош, еднородителски семејства, штитениците на Дневниот центар за деца со посебни, лица корисници на социјална помош | 610.000,00 |
| 2. | еднократна парична помош за новородено дете | во текот на целата година | родители со место на живеење на територијата на општина Гевгелија | 270.000,00 |
| 3. | субвенционирање на превоз во општинскиот линиски превоз на патници | во текот на целата година | лица со посебни потреби | 360.000,00 |
| 4. | субвенционирање на потрошувачката на комунални услуги | во текот на целата година | корисници на социјална парична помош | 450.000,00 |
| | вкупно | | | 1.690.000,00 |

## V. БУЏЕТ

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на општина Гевгелија 2014 година, а во вкупен износ од 1.690.000,00 денари.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр. 07-1126/1
31.05.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), а во врска со член 34 и 36 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08,104/08,15/09,95/10,180/11 и 171/12 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за зголемување и прераспределба на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година**

**Член 1**

Со ова Одлука се врши зголемување и прераспределба на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година, кој е објавен во ("Службен гласник на општина Гевгелија" број 28/13 год.) во делот на буџетот на донации, на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинанс. | Дотации | Донации |
|---|---|---|---|---|
| 1.Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| А00 СОВЕТ НА ОПШТИНАТА | | | | |
| 742114 Приходи од Европска унија | | | | 10.193 |
| и се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки на донација - 785 | | | | |
| Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
| 420230 Патувања во странство-сместување | | | | 17.873 |
| 425970 Консултански услуги | | | | 52.500 |
| 426990 Други тековни расходи | | | | -60.180 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија" и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година.

Бр.07-1124/1 Претседател
31.05.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување солидарна помош за настраданите во поплавите во Република Србија,Република Боста и Херцеговина и Република Хрватска**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува доделување на солидарна помош од општина Гевгелија за настраданите од поплавите што ги зафатија Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска.

**Член 2**

Средствата за солидарна помош во износ од 450.000,00 денари од Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година ќе се преведат на жиро сметката на Општинската организација на Црвен крст Гевгелија (Во натамошниот текст:Црвениот крст).

Средствата од став 1 на овој член во износ од по 150.000,00 денари, Црвениот крст Гевгелија да ги преведе на Црвениот крст на Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска.

Црвениот крст Гевгелија да достави писмен доказ до општина Гевгелија за преведените средства на републиките зафатени со поплавата

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 1125/1<br>
31.05.2014 год.<br>
Гевгелија

Претседател<br>
на Советот на општина Гевгелија,<br>
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12,55/13,163/13 и 42/14 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија СРМ 7102 на КП.бр.376 , КО Негорци, општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија СРМ 7102 на КП.бр.376 , КО Негорци, општина Гевгелија

**Член 2**

Потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација од член 1 на оваа одлука се утврдува од поднесената иницијатива од ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје.

**Член 3**

Средствата за изработка на планската документација од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1129/1 Претседател
31.05.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 17 и 17-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12,55/13,163/13 и 42/14 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на иницијатива за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 10 (10.1) КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува прифаќање на иницијатива за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 10 (10.1) КО Гевгелија.

**Член 2**

Изработување на Генералниот урбанистички план од член 1 на оваа одлука се утврдува од поднесената иницијатива од Алтра ДОО Гевгелија за промена на намена на земјиштето од класа на намена Б-комерцијални и деловни намени во класа на намена Г-2 лесна и незагадувачка индустрија.

**Член 3**

Средствата за изработување на планот од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1133/1 Претседател
31.05.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 17 и 17-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 , 55/13,163/13 и 42/14 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

### За прифаќање на иницијативата за измена и дополнување на Генерален урбанистички план за УБ 10 (10.2) КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува прифаќање на иницијатива за измена и дополнување на Генерален урбанистички план за УБ 10 (10.2) КО Гевгелија(Во натамошниот текст:Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план).

**Член 2**

Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план од член 1 на оваа одлука се утврдува од поднесената иницијатива од Борис Ристов од Гевгелија за промена на намена на земјиштето од класа на намена Б-комерцијални и деловни намени во класа на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 3**

Средствата за изработување на планот од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1131/1
31.05.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 17 и 17-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 , 55/13, 163/13 и 42/14 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

### За прифаќање на иницијативата за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 10 (10.2) КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува прифаќање на иницијатива за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 10 (10.2) КО Гевгелија.

**Член 2**

Изработување на Генерален урбанистички план од член 1 на оваа одлука се утврдува од поднесената иницијатива од АД Трансбалкан Гевгелија за промена на намена на земјиштето од класа на намена Б-комерцијални и деловни намени во класа на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 3**

Средствата за изработување на планот од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 1134/1
31.05.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 17 и 17-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## За прифаќање на иницијативата за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 10 (10.2) КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува прифаќање на иницијатива за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 10 (10.2) КО Гевгелија.

**Член 2**

Изработување на Генерален урбанистички план од член 1 на оваа одлука се утврдува од поднесената иницијатива од Здружението на возачи"Гевгелија" Гевгелија за промена на намена на земјиштето од класа на намена Б-комерцијални и деловни намени во класа на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 3**

Средствата за изработување на планот од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1132/1 Претседател
31.05.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 17 и 17-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12,55/13, 163/13 и 42/14 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## За прифаќање на иницијативата за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 15 КО Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува прифаќање на иницијатива за изработување на Генерален урбанистички план (измена и дополнување) за УБ 15 КО Гевгелија.

### Член 2

Изработување на Генерален урбанистички план од член 1 на оваа одлука се утврдува од поднесената иницијатива од Драги Крстевски и други од Гевгелија (група граѓани) за промена на намена на земјиштето од класа на намена В-5 верски заедници во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

### Член 3

Средствата за изработување на планот од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1130/1 Претседател
31.05.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Постапката за распределба на линиите, со Објава ќе ја спроведе 5-то члена комисија формирана од Градоначалникот.

Комисијата во рок од 30 дена по завршувањето на објавата за својата работа поднесува извештај до Градоначалникот на Општина Гевгелија како и предлог листа на доделени линии на превозниците.

Врз основа на предлог листата Градоначалникот во рок од 15 дена донесува решение за избор на доделени линии на превозниците.

**Член 34**

При распределбата на линиите ќе се води сметка превозникот да ги исполнува критериумите според следниот редослед:

- има поголем број сопствени регистрирани автобуси;
- има соодветна опрема во просторот за одржување и поправка на автобусите;
- најниска просечна старост на автобусите;
- поголем број на вработени;
- соодветен стручен кадар за квалитетно одржување и поправки на автобусите како и за квалитетно вршење на превозот;
- располага со соодветен паркинг за возила;
- најдолго време врши јавен превоз на патници и
- најниска понудена цена.

## 7. КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА И ИЗГЛЕД НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА.

**Член 35**

Постапката за одземање и добивање на дозвола за редовен линиски превоз на патници во Општина Гевгелија опфаќа одделни дејствиа со кои определено правно или физичко лице кое поседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници се стекнува со право да врши превоз на патници на определена линија, согласно утврден и одобрен возен ред.

**Член 36**

Барањето за издавање на дозвола за општински превоз на патници од страна на превозникот кој има одобрен возен ред за определена линија, се поднесува до Градоначалникот на општина Гевгелија.

Кон барањето превозникот поднесува решение со кое му е одобрен возниот ред за линијата за која бара дозвола и регистриран возен ред.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред. Побарање на превозникот може да се издадат и повеќе примероци.

**Член 37**

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за нејзино издавање.

**Член 38**

Барањето за издавање на дозвола за општински линиски превоз на патници ќе биде одбиено ако барателот:

- не достави одобрен и регистриран возен ред;
- во рок од 30 дена од денот на одобрувањето на возниот ред не поднесе барање за издавање на дозвола;
- нема лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници;
- нема доволен број на возила во сопственост (автобуси и комби возила);
- нема најмалку по еден вработен возач во редовен работен однос по возило.

**Член 39**

По истекот на рокот за кој е издадена дозволата од член 4 на оваа одлука, истата може да се продолжи.

Барањето за продолжување на важноста на дозволата се поднесува до Градоначалникот на општина Гевгелија во рок од 30 дена пред истекот на рокот за општински линиски превоз на патници.

Кон барањето за продолжување на важноста на дозволата, превозникот покрај доказите од член 4 на оваа одлука приложува и копија од издадената дозвола чие продолжување се бара.

**Член 40**

Дозволата од член 4 на оваа одлука нема да се продолжи ако:

- истекол рокот на важноста на лиценцата;
- нема доволен број на соодветни возила во сопственост (автобуси и комби возила) и најмалку по еден возач во редовен работен однос по возило;
- ако во текот на важењето на дозволата извршил повреда на прописите за техничка исправност на возилата и времето на управување и одмор на возачите.

**Член 41**

Дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници на превозникот може да му се одземе и пред истекот на рокот на нејзината важност ако:

- престанала важноста на лиценцата за вршење на општински линиски превоз на патници;
- превозникот не ги исполнува условите врз основа на кои е издадена;
- превозникот не се придржува на регистрираниот возен ред, редовно не ја одржува линијата, самоиницијативно ја менува трасата на линијата, качува и слегува патници надвор од автобуските постројки согласно регистрираниот возен ред.
- на барање на превозникот;

**Член 42**

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да се замени со нова на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање на нова дозвола дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се види дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

## II. НАДЗОР

**Член 43**

Надзор над законитоста на работата на превозниците што вршат општински линиски превоз на патници врши надлежниот општински орган.

**Член 44**

Надзор на примената на одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и одредбите на оваа Одлука врши овластен инспектор за патен сообраќај на Општината.

**Член 45**

Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Гевгелија се должни на овластените инспектори за патен сообраќај на општината, да им овозможат вршење на инспекциски надзор, да им даваат потребни известувања и да им ја оставаат на увид потребната техничка и друга документација.

## III. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 46**

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

Превозниците кои вршат превоз на патници во општинскиот линиски сообраќај во Општина Гевгелија, должни се да го усогласат своето работење со одредбите на оваа Одлука, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**Член 48**

Обврските од член 8 и 9 од оваа Одлука превозниците кои вршат превоз на патници во општинскиот линиски сообраќај во Општина Гевгелија се должни да ги реализираат во рок од три месеци по влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 49**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Гевгелија („Службен гласник на Оштина Гевгелија “ бр.3/06 год.).

**Член 50**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на оштина Гевгелија “.

Бр.07-1848/1
30.09.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 7 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11,53/11, 144/12,55/13,163/13 и 42/14 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2014 година, донесе

# О Д Л У К А
## за донесување Детален урбанистички план за дел од Блок 3 општина Гевгелија за плански период 2012-2017

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува донесување на Детален урбанистички план за дел од Блок 3, општина Гевгелија, за плански период 2012-2017 со графички приказ на планот и текстуален дел (во натамошниот текст: Деталниот урбанистички план).

### Член 2

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 5,2ха.

Границата на планскиот опфат е:

-Осовина на ул."Слободан Митров Данко",осовина на ул."Ѓорги Стамов",граница на КП 3657/2 и КП 3676 КО Гевгелија,осовина на ул."Љубљанска".

### Член 3

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план е со намена:

А-домување

-А1 -домувања во станбени куќи

-А2 -домувањање во станбени згради

В-јавни институции

- В2-здравство и социјална заштита

Е-инфраструктура

-Е1-комунална инфраструктура

-Е2 - комунална супраструктура

### Член 4

Деталниот урбанистички план се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа одлука.

### Член 5

Составен дел на оваа одлука, покрај документите од член 4 се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција, стручното мислење и согласноста бр.14-12524/2 од 19.09.2014 година од Министерството за транспорт и врски на планот.

### Член 6

Деталниот урбанистички план, текстуалниот и графичкиот дел од планот не се објавува, како и документите од членот 4, а се наоѓаат во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животнат средина, Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина.

Деталниот урбанистички план, по усвојувањето, се доставува до надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 7**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат и потпис на носителот на планот.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1847/1
30.09.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14 и 44/14 год.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## За проширување на програмите за вршење на дејноста на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува проширување на програмите за вршење на дејноста на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија во објектот со седиште с. Богородица, општина Гевгелија.

**Член 2**

Објектот е со површина од 124,6 м2 и е наменски доградeн и опремен согласно стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца и располага со две занимални, дистрибутивна кујна, санитарен простор за деца и санитарен простор за вработени и соодветна опрема.

**Член 3**

Објектот е од мал капацитет и во него ќе се организира дејност за 40 деца, згрижени во две хетерогени групи со целодневен престој на деца, на возраст од 2 до 6 години, односно до вклучување во основно образование.

**Член 4**

Називот на клонот на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија во населеното место Богородица ќе гласи "Малото Штркче".

**Член 5**

Дидактичките средства и опремата се набавени согласно пропишаните стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца ("Службен весник на РМ" бр. 28/14 и 40/14).

**Член 6**

За реализација на програмата за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст ќе се обезбеди соодветен стручен и друг кадар, согласно пропишаните стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и

нормативите за вршење на дејноста на установите за деца ("Службен весник на РМ" бр. 28/14 и 40/14).

**Член 7**

Средства за работење на клонот "Мало Штркче" во с. Богородица, општина Гевгелија, ќе се обезбедуваат преку ЈОУ за деца- детска градинка "Детска радост" Гевгелија, односно Буџетот на општина Гевгелија, Буџетот на Република Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата за што во наредниот период ќе се превземат активности за обезбедување на истите.

**Член 8**

Клонот "Мало Штркче" со посебна одлука на Советот ќе биде предаден на користење, одржување и управување на на ЈОУДГ "Детска радост" Гевгелија.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ("Службен гласник на општина Гевгелија").

Бр.07-1872/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.година, донесе

## О Д Л У К А
## За давање на користење, одржување и управување на Објектот -клон "Малото Штркче" на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на Објектот-клон "Малото Штркче" во с. Богородица на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, како и други прашања во врска со функционирањето на клонот (во понатамошниот текст: клон "Малото Штркче").

**Член 2**

Клонот "Малото Штркче" во с. Богородица е изграден со средства од Буџетот на општината и е сопственост на општина Гевгелија.

**Член 3**

Клонот "Малото Штркче" ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија.

Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на објектот и опремата во истиот, на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, ќе се состави записник.

**Член 4**

Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Гевгелија не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Директорот на Јавната општинска установа за деца-детска градинка "Детска радост" Гевгелија се обврзува да ги превземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на клонот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1850/1 Претседател
30.09..2014 год. На Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов. с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 5 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 25 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на имиња на улици во населено место Прдејци

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат имиња на улиците и инфраструктурен објект во населено место Прдејци како и куќните броеви на истите.

**Член 2**

Во населеното место Прдејци се определуваат имиња на следните улици и тоа:

1.Улица "Индустриска" започнува од влезот во населеното место Прдејци, е дел од Регионалниот пат Р 1102 Гевгелија- Миравци и се движи на север до границата на планскиот опфат.

Краци на улица"Индустриска" се:

-крак на запад кој свртува на југ до спој со клон на улица"Индустриска".

-крак на исток кој се движи до граница на плански опфат.Од овој крак се издвојува крак на југ до спојот со улица"Атанас Ѓуров".

-клон на запад со слеп завршеток.

Улица "Индустриска" и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 31 (16) и парни 2-50(25).

Улицата "Индустриска"со краците и клонот ќе имат исто име.

2.Улица "Ванчо Баламов" започнува од улица "Индустриска" оди на исток, скршнува на север до раскрсници со улица "Атанас Ѓуров", до кафана Милениум.

Краци на улица"Ванчо Баламов" се:

-крак на исток, скршнува на север до спојот со улица"Браќа Толеви"

-крак на исток,север и спојува со ул."Ванчо Баламов"

-крак на север, скршнува на запад, на север,на исток и пак на север до спојот со улица"Атанас Ѓуров".

-крак на југ кој се движи до граница на плански опфат.Од овој крак се издвојуваат еден крак на запад кој скрншнува на север до спојот со улица "Ванчо Баламов"и еден крак на запад кој скршнува на југ, на исток и оди до крак на улица "Ванчо Баламов".

-клон на запад кој завршува со слеп завршеток.

Улицата "Ванчо Баламов" со краците и клоновите ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-71 (36) и парни од 2-16 (33).

Улицата "Ванчо Баламов"со краците и клоновите ќе имат исто име.

3.Улица "Атанас Ѓуров"започнува од раскрсницата со улица "Индустриска"на исток која продолжува до раскрсница со улица "Железничка".

Краци на улица"Атанас Ѓуров"се:

-крак на север (од кафана Милениум) до раскрсница со улица "Вардарска".

Улицата "Атанас Ѓуров" со кракот ги опфака куќни броеви непрни од 1-43 (22) и парни 2-30 (15).

Улицата "Атанас Ѓуров"со кракот ќе имат исто име.

4.Улица "Браќа Толеви" започнува од кракот на улица"Ванчо Баламов" оди на исток (после црквата) по линија на опфатот од јужната страна свртува на север до раскрсница со улица "Железничка" продолжува на запад до раскрсница со ул."Ванчо Баламов".

Краци на улица"Браќа Толеви" се:

-крак на југ, кој скршнува на запад до спојот со улица"Ванчо Баламов".

-крак на север, кој скршнува на исток до спојот со улица "Железничка".

-крак на запад кој продолжува до раскрсница со крак на улица "Ванчо Баламов"

Улицата "Браќа Толеви" со краците и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-61 (31) и парни од 2-36 (18).

Улицата "Браќа Толеви"со краците ќе имат исто име.

5.Улица"Вардарска"започнува од спојот со кракот улица "Индустриска" оди на југ до раскрсница со крак на улица"Атанас Ѓуров"продолжува на исток, скршнува на југ и пак на исток до раскрсница со улица "Железничка".

Улицата "Вардарска" ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-39 (20) и парни од 2-30 (15).

6.Улица "Железничка"започнува од раскрсницата со улица "Браќа Толеви", оди на север, свртува на исток и продолжува до границата на планскиот опфат .

Краци на улица"Железничка" се :

-крак на исток од раскрсница со улица"Браќа Толеви" до граница на планскиот опфат

-краци два на север кои се спојуваат во еден кој оди до граница на планскиот опфат.

Улица "Железничка" со краците ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-27 (14) и парни 2-34 (17).

Улицата "Железничка"со краците ќе имат исто име.

Улиците со број 1,2,3 и 4 се заменуваат со: Ванчо Баламов, Атанас Ѓуров, Браќа Толеви и Железничка.

Градежните парцели,односно објектите на краците што се издвојуваат од левата страна на улиците ќе имаат непарни броеви, а градежните парцели, односно објектите на краците што се издвојуваат од десната страна на улиците ќе имаат парни броеви.Куќните броеви на градежните парцели, односно објектите на краците се опфатени во вкупниот број на куќните броеви на улицата.

**Член 3**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Државниот завод за статистика за да се стави матичен број на улиците.

**Член 4**

Одлуката со матичниот број на улиците ќе се достави до Централен регистар на РМ за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во населеното место Прдејци ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-1852/1
30.09.2014 год.
Гевгелиија

Претседател
на Советот на општина Гевгелиија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 8 од листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12) и член 38 став 1 точка 25 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
### за определување на имиња на улици во населено место Мрзенци

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат имиња на улиците во населено место Мрзенци како и куќните броеви на истите.

Член 2

Во населеното место Мрзенци се определуваат имиња на следните улици и тоа:

1.Улица "Гоце Делчев" (постојна) се издвојува од регионалниот пат Р 1102 на исток, продолжува во полукруг, свртува на југ и продолжува до границата на опфтот.

Краци на улицата "Гоце Делчев" се:

-краци на север два до спојот со улица "Методи Андонов Ченто".

-крак на исток до спојот со улица "Методи Андонов Ченто".

-крак на југ до спојот со улица"Борис Трајковски"

-клонови еден на север и еден на запад со слеп завршеток.

Краците и клоновите на улица "Гоце Делчев"ќе го носат името на улицата

Улицата "Гоце Делчев" ги опфака куќните броеви непарни од 1-103 (51) и парни од 2-120 (60).

2.Улица "Методи Андонов Ченто" (постојна "Маршал Тито")се издвојува од Регионалниот пат Р 1102, оди на исток и во полукруг скршнува на југ и продолжува до границата на планскиот опфат (се спојува со ул."Гоце Делчев") .

Краци на улица "Методи Андонов Ченто" се:

- краци четири на север до граница на планскиот опфат.

- крак на југ,скршнува на исток, на југ и оди до спојот со кракот на улица "Гоце Делчев"од кој се издвојува крак на исток до спојот со улица"Методи Андонов ченто".

-крак на исток до спојот со улица"Методи Андонов Ченто".

-клонови три на исток.

Краците и клоновите на улицата"Методи Андонов Ченто "ќе го носат името на улицата.

Улицата "Методи Андонов Ченто" ги опфака куќните броеви непарни од 1 до 123 (62) и парни од 2-104 (52).

3. Улица "Борис Трајковски" започнува од улица"Гоце Делчев" на југ, свртува на исток и во полукруг оди на југ, во полукруг свртува на север до рскрсницата со улица"Гоце Делчев".

Краци на улица "Борис Трајковски" се:

- крак на запад до спојот со улица"Гоце Делчев".

-крак на исток до спојот со улица "Борис Трајковски".

-крак на југ до црквата "Св.Елена и Константин"

-клон на запад со слеп завршеток

Краците и клонот на улица "Борис Трајковски" ќе го носат името на улицата

Улицата "Борис Трајковски" ги опфака куќните броеви непарни од 1-97 (49) и парни од 2-62 (31).

4.Улица "Бошко Бозаџиев"започнува од раскрсницата со улица "Методи Андонов Ченто" кај кафана Јавор Џоко и оди на исток свртува на север, на запад и спојува со кракот на ул."Методи Андонов Ченто".

Краци на улица "Бошко Бозаџиев" се:

-краци два на исток до граница на плански опфат.

Краците на улица"Бошко Бозаџиев"ќе го носат името на улицата.

Улицата "Бошко Бозаџиев" ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-27 (14) и парни од 2-48 (24).

5. Улица "Индустриска"започнува од регионалниот пат Р 1102 оди на запад од каде еден дел свртува на север, на запад и оди до граница на плански опфат, а друг дел свртува на југ, југозапад и оди до граница на плански опфат.

Краци на улица "Индустриска" се:

-крак на запад до граница на планскиот опфат.

-краци два на исток до спој со регионален пат Р 1102.

-еден клон на исток со слеп завршеток.

Краците и клонот на улица"Индустриска" ќе го носат името на улицата

Улицата "Индустриска" ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-35(18) и парни 2-36 (18).

Градежните парцели,односно објектите на краците што се издвојуваат од левата страна на улиците ќе имаат непарни броеви, а градежните парцели, односно објектите на краците што се издвојуваат од десната страна на улиците ќе имаат парни броеви.Куќните броеви на градежните парцели, односно објектите на краците се опфатени во вкупниот број на куќните броеви на улицата.

**Член 3**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Државниот завод за статистика за да се стави матичен број на улиците.

**Член 4**

Одлуката со матичниот број на улиците ќе се достави до Централен регистар на Република Македонија за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во населеното место Мрзенци ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-1851/1
30.09.2014 год.
Гевгелилја

Претседател
на Советот на општина Гевгелилја,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 4 од листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 25 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
**за определување на имиња на улици во населено место Богородица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат имиња на улиците во населено место Богородица како и куќните броеви на истите.

**Член 2**

Во населеното место Богородица се определуваат имиња на следните улици и тоа:

1.Улица "Маршал Тито"(постојна) започнува од влезот во населеното место, оди на северозапад, па на север , скршнува на исток и во полукруг скршнува на североисток до границата на планскиот опфат.

Краци на улица "Маршал Тито"се:

-крак на запад кој свртува на север и се спојува со улица"Маршал Тито".

-крак на југозапад кој се спојува со улица "Гоце Делчев", а од кој издвојува на север крак до спојот со улица"Маршал Тито".Од ова се издвојува крак на југ до спојот со улица"Гоце Делчев".

-краци два на југоисток кои одат до спојот со улица "Гоце Делчев", од кој се издвојува клон на исток со слеп завршеток

-крак на југ кој се спојува со улица"Гоце Делчев" од кој се издвојува клон на запад со слеп завршеток.Од овој крак се издвојуваат два крака на исток до спојот со улица"Динка Тошев".

-клон на југ со слеп завршеток

Улицата "Маршал Тито" со краците и клонот ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-133 (67) и парни од 2-270 (135).

Улицата "Маршал Тито"со краците ќе имат исто име.

2.Улица "Гоце Делчев" (постојна) започнува од спојот со улица"Маршал Тито"оди на исток до граница на планскиот опфат, свртува на север, па на запад до раскрсница со ул."Динка Тошев".

Краци на улица"Гоце Делчев" се:

-крак на југ ,свртува на исток, па на југ, па на исток до раскрсница со крак на улица"Иван Марков Братот".

-крака два на југ продолжуваат до спојот со улица "Иван Марков -Братот".

-крак на југ до спојот со улица"Иван Марков -Братот"од кој се издвојува крак на исток до спојот со крак на улица "Гоце Делчев".

-крак на југ кој скршнува на исток до спојот со крак на улица "Гоце Делче.

-крак на југ до спојот со улица "Иван Марков- Братот".

-клон на југ со слеп завршеток

Улицата "Гоце Делчев"со краците и клонот ги опфака куќните броеви непарни од 1-47 (24) и парни од 2-286 (143).

Улицата"Гоце Делчев" со кракитеи клонот ќе имат исто име.

3.Улица "Иван Марков -Братот" (постојна Ристо Димков) се издвојува на југоисток од улица"Гоце Делчев" и оди до граница на планскиот опфат.

Краци на улица "Иван Марков -Братот" се:

-крак на југ кој скршнува на север до кракот на улица"Иван Марков-Братот"

-крак на југ кој оди до раскрсница со улица"Иван Марков- Братот"

-крак на југ кој свртува на југоисток па на североисток до раскрсница со улица "Иван Марков- Братот".

Улица "Иван Марков -Братот"со краците ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-43 (22) и парни од 2-164 (82).

Улицата "Иван Марков -Братот"со краците ќе има исто име.

4.Улица "Динка Тошев" (постојна) се издвојува од улица"Гоце Делчев", оди на север до раскрсница со ул."Маршал Тито".

Краци на улица"Динка Тошев"се:

-крак на север -започнува од раскрсница со улица"Гоце Делчев" на север и оди до улица"Маршал Тито" .

-краци три на исток до спојот со крак на улица"Динка Тошев"

Улицата"Динка Тошев" со краците ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-21 (10) и парни од 2-112 (56).

Улицата´Динка Тошев" со краците ќе имат исто име.

**5.**Улица "Филип II Македонски" започнува од раскрсницата со улица "Маршал Тито", оди на запад до граница на планскиот опфат.

Краци на улица"Филип II Македонски" се:

-крак на југозапад, свртува на север до раскрсница со клон на улица" "Филип II Македонски" .

-клон на југозапад со слеп завршеток и од него се издвојува крак на исток, скршнува на југ до спојот со кракот на улица "Филип II Македонски" .

-крак на југ кој оди на исток и се спојува со клонот на улица "Филип II Македонски".

Улицата "Филип II Македонски" ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-143 (72) и парни од 2-40 (20).

Улицата "Филип II Македонски" со краците и клоновите ќе има исто име.

**6.**Улица"Александар Македонски" се издвојува на север од улица "Филип 2 Македонски", продолжува на исток по линијат на планскиот опфат,скршнува на север ,скршнува на исток ,па на југ, до раскрсница со улица "Маршал Тито".

Краци на улица"Александар Македонски":

-крак на југ до спојот со улица"Маршал Тито"

-крак на североисток до спојот со улица"Александар Македонски", од кој се издвојуваат еден крак на југоисток до спојот со улица"Маршал Тито", еден на северозапад до спојот со улица"Александар Македонски", еден крак на северозапад до спојот со улица"Александар Македон"од кој се издвојуваат два крака на север до спојот со улица "Александар Македонски".

Улицата "Александар Македонски" ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-81 (41) и парни од 2-106 (53).

Улицата"Александар Македонски" со краците ќе има исто име.

Градежните парцели,односно објектите на краците што се издвојуваат од левата страна на улиците ќе имаат непарни броеви, а градежните парцели,односно објектите на краците што се издвојуваат од десната страна на улиците ќе имаат парни броеви.Куќните броеви на градежните парцели, односно објектите на краците се опфатени во вкупниот број на куќните броеви на улицата.

**Член 3**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Државниот завод за статистика за да се стави матичен број на улиците.

**Член 4**

Одлуката со матичниот број на улиците ќе се достави до Централен регистар на РМ за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во населеното место Богородица ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-1853/1
30.09.2014 год.
Гевгелилја

Претседател
на Советот на општина Гевгелилја,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 7 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 25 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на имиња на улици во населено место Давидово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат имиња на улиците и мостот во населено место Давидово како и куќните броеви на истите.

**Член 2**

Во населеното место Давидово се определуваат имиња на следните улици и тоа:

1.Улица "Александар Македонски" започнува од влезот во населеното место Давидово и се движи на запад до центарот на населеното место (до плоштадот "Мала Богородица).

Улицата "Александар Македонски" и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 57 (29) и парни 2-24 (12).

2.Улица "Илинденска"започнува од центарот на населеното место и се движи на југоисток до граница на планскиот опфат.

Од улицата "Илинденска" се издвојува крак на запад кој свртува на југ,поминува покрај магазинот на "Винојуг" и оди до граница на планскиот опфат.

Улицата "Илинденска" со кракот ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-59 (29) и парни од 2-74 (36).

Улицата"Илинденска" со кракот ќе има исто име.

3.Улица "Гоце Делчев" започнува од раскрсницата со улица "Илинденска" и се движи на југ до граница на планскиот опфат.

Улицата "Гоце Делчев" ги опфака куќни броеви непрни од 1-27 (13) и парни 2-20 (10).

4.Улица "Св.Илија" започнува од центарот на населеното место и се движи на запад до црквата "Мала Богородица".

Од улицата "Св.Илија" од центарот се издвојува крак на запад со слеп завршеток.

Улицата "Св.Илија" со кракот ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-55 (27) и парни од 2-42 (21).

Улицата"Св.Илија" со кракот ќе има исто име.

5.Улица "Јордан Марков" започнува од кај гробиштата (раскрсница со улица "8-ми Септември") се движи на запад, свртува на северозапад до граница на планскиот опфат.

Од улицата "Јордан Марков" се издвојуваат два крака на север и еден крак на југ кој поминува преку Давидовска редка и продолжува до црквата.

Улицата "Јордан Марков" со краците ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-35 (18) и парни од 2-74 (38).

Улицата"Јордан Марков" со краците ќе има исто име.

6.Улица "8-Септември" започнува од Регионалниот пат Гевгелија - Миравци Р 1102,се движи на запад и од раскрсницата со улица"Јордан Марков" свртува на северозапад до граница на планскиот опфат.

Од улицата "8-ми Септември" на северозапад се издвојуваат два крака.

Улицата "8-ми Септември" со краците ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-51 (26) и парни од 2-26 (13).

Улицата"8-ми Септември" со краците ќе има исто име.

Градежните парцели,односно објектите на краците што се издвојуваат од левата страна на улиците ќе имаат непарни броеви, а градежните парцели,односно објектите на краците што се издвојуваат од десната страна на улиците ќе имаат парни броеви.Куќните броеви на градежните парцели, односно објектите на краците се опфатени во вкупниот број на куќните броеви на улицата.

**Член 3**

Центарот на населеното место се именува во Плоштад "Мала Богородица".

Мостот на Давидовска река во центарот на населеното место се именува со име "Стојков Леонид".

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Државниот завод за статистика за да се стави матичен број на улиците.

**Член 5**

Одлуката со матичниот број на улиците ќе се достави до Централен регистар на Република Македонија за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

**Член 6**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во населеното место Давидово ќе се информират грѓаните и правните лица преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 7**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот од денот на објавувањето во ("Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-1855/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелилја,
Гевгелилја *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 6 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 25 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гввгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**О Д Л УК А**
**за определување на имиња на улици во населено место Смоквица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат имиња на улиците и на други инфраструктурни објекти во населено место Смоквица како и куќните броеви на улиците.

**Член 2**

Во населеното место Смоквица се определуваат имиња на следните улици и тоа:

1.Улица "Ангел Динев" започнува од влезот во населеното место Смоквица, се движи на запад,скршнува на северозапад до центарот на населеното место (до Домот на културата).

Улицата "Ангел Динев" ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 - 53 (27) и парни 2-114(57).

2.Улица "Костадин Зупов"започнува од центарот на населеното место се движи на север, скршнува на североисток до граница на плански опфатѕ. Од истата се издвојува крак на запад кој оди до граница на плански опфат.

Улицата "Костадин Зупов" со кракот ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-81 (41) и парни од 2-50 (25).

Улицата"Костадин Зупов" со кракот ќе има исто име.

3.Улица "Костадин Попето-Војвода" започнува од центарот на населеното место и се движи на запад до граница на планскиот опфат.

Од улицата "Костадин Попето-Војвода" се издвојува крак на југ до ул."Гоце Делчев".

Улицата "Костадин Попето-Војвода" со кракот ги опфака куќни броеви непрни од 1-31 (15) и парни 2-30 (15).

Улицата"Костадин Попето-Војвода" со кракот ќе има исто име.

4.Улица "Гоце Делчев" започнува од центарот на населеното место и се движи на југ до улицата "Владо Картов", од каде свртува на југозапад, на југоисток до спој со улица "Владо Картов".

Од улицата "Гоце Делчев" се издвојува еден клон на запад со слеп завршеток.

Улицата "Гоце Делчев" со клонот ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-33 (17) и парни од 2-60 (30).

Улицата"Гоце Делчев" со клонот ќе има исто име.

5.Улица "Владо Картов" започнува од раскрсницата со улица "Ангел Динев"( од кај Паркот на Слободата) се движи на запад, скршнува на југ па на запад до границата на планскиот опфат.

Од улицата "Владо Картов" се издвојува на север крак до улица "Гоце Делчев"

Улицата "Владо Картов" со кракот ги опфаќа куќните броеви непарни од 1-55 (28) и парни од 2-62 (31).

Улицата"Владо Картов" со кракот ќе има исто име.

Градежните парцели,односно објектите на краците што се издвојуваат од левата страна на улиците ќе имаат непарни броеви, а градежните парцели, односно објектите на краците што се издвојуваат од десната страна на улиците ќе имаат парни броеви. Куќните броеви на градежните парцели, односно објектите на краците се опфатени во вкупниот број на куќните броеви на улицата.

**Член 3**

Местото каде што се поставени спомен бистите на Ангел Динев, Петар Зарлинов,Ѓорги Делев и Костадин Зупов, се именува со "Парк на слободата".

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Државниот завод за статистика за да се стави матичен број на улиците.

**Член 5**

Одлуката со матичниот број на улиците ќе се достави до Централен регистар на РМ за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

**Член 6**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во населеното место Смоквица ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 7**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-1854/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелилја,
Гевгелилја ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка

31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2013/2014 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2013/2014 година предложен со Одлука бр.02-4/27 од 29.08.2014 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1864/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2014/2015 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2014/2015 година предложена со Одлука бр.02-4/28 од 29.08.2014 година од Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1865/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Крсте Мисирков " Гевгелија за учебната 2013/2014 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2013/2014 година предложен со Одлука бр.02-251/1 од 29.08. 2014 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1866/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2014/2015 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2014/2015 година предложена со Одлука бр.02-251/1 од 29.08. 2014 година усвоена од Управниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1867/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишен извештај за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2013/2014 година**

1.Се усвојува Годишен извештај за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2013/2014 година предложен со Одлука бр.02-94/5 од 29.08. 2014 година на Училишниот одбор на основното музичко училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1873/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10, 18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2014/2015 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2014/2015 година предложена со Одлука бр.02-94/4 од 29.08. 2014 година на Училишниот одбор на основното музичкко училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1874/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2013/2014 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2013/2014 година предложен со Одлука бр.02-165/1 од 11.07. 2014 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1870/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08,33/10, 116/1,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14 и 135/14 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2014/2015 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2014/2015 година предложена со Одлука бр.02-185/1 од 27.08.2014 година на Училишниот одбор на основното училиште.
2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1871/1 Претседател
30.09.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 34 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ"бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14 год.), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и дугите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година на Министерот за образование и наука), и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање мислење на Програма за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев"Негорци во учебната 2014/2015 година**

1.Со ова решение се дава позитивно мислење на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци во учебната 2014/2015 година.
2.Програмата е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ"Ристо Шуклев"Негорци.
3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-1871/2 Претседател
30.09..2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
### за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија

**Член 1**

Во Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год. ) во членот 3 зборот "Кованци" се заменува со зборот "Кованец"и зборот "Хума" се заменува со зборот "Ума".

**Член 2**

По членот 138 се додава нов член 138а кој гласи:

"Член 138а

Локалитетот Смрдлива Вода што се наоѓа во КО Конско се утврдува како Месна заедница за локалитет Смрдлива Вода.

Органите на Месната заедница од став 1 на овој член ќе се изберат и Месната заедница ќе функционира согласно одредбите на Правилата за работа на облиците на месната самоуправа - урбаната и месните заедници во општина Гевгелија, донесени од Советот на општина Гевглија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.9/07 год.).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2491/1<br>
6.12.2014 год.<br>
Гевгелија

Претседател<br>
на Советот на општина Гевгелија,<br>
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
### за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 9 во градот Гевгелилја

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 9 во градот Гевгелија (ридот Караорман) и определуваат куќните броеви.

**Член 2**

Во границите на Блок 9 на предвидените улици со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица "Св Климент Охридски" започнува од кружниот тек што се наоѓа на југоисточната страна на Бок 9 (до каналот Раул) продолжува на запад до спојот со улица "Галилео Галилеј, свртува на југ и продолжува до Динќут и излегува на улица "Моински пат".

Улицата"Св.Климент Охридски"поминува низ Блок 15.3,15.4,15,5 и Блок 15.1 и 15.2 и е гранична улица помеѓу Блок 9 и Блок 15.3, 15.4 и 15.5.

Улицата "Св Климент Охридски" ги опфаќа куќните броеви: парни од 2-48 (24).

2.Улица "Галилео Галилеј " започнува од раскрсницата со улица "Ристо Крле" и улица "Павел Шатев", оди на запад , во полукруг скршнува на југ, во полукруг скршнува на запад и пак во полукруг на југ и се спојува со улица "Св Климент Охридски".

Улицата "Галилео Галилеј" ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-113 (57) и парни од 2-44 (22)

3.Улица "Апостол Петков" започнува од улица "Св.Климент Охридски"оди на север, скршнува на исток и во полукруг скршнува на север до спојот на улица "Галилео Гелилеј".

Краци на улица "Апостол Петков":

-краци два на север

-крак на запад

Улицата "Апостол Петков"со краците ќе има исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-94 (47) и парни од 2-82 (41)

4.Улица "Павел Шатев" започнува од улицата "Апостол Патков" која оди на исток и во полукруг скршнува на север до спојот на улица "Гелилео Галилеј".

Краци на улицата "Павел Шатев":

-крак на запад до спојот со улица "Галилео Галилеј".

-крак на југ до спојот со улица "Апопстол Петков".

Улицта "Павел Шатев" со краците ќе има исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-85 (43) и парни од 2-56 (28).

5. Улица "Пере Тошев" започнува од улицата "Апостол Петков" која оди на запад до спојот на улица "Гелилео Галилеј".

Улицата "Пере Тошев" ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-31 (16) и парни од 2-34 (17).

6.Улица "Никола Коперник", започнува од улицата "Св.Климент Охридски"оди на запад до спојот со улица "Гелилео Галилеј".

Краци на улицата "Никола Коперник":

-крак на запад, кој во полукруг скршнува на југ до улица"Галилео Галилеј".

-крак на југ кој скршнува до првиот крак на оваа улицата.

Улицата "Никола Коперник"со краците ќе има исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-75 (38) и парни од 2-30 (15).

**Член 3**

Граница на Деталниот урбанистички план за Блок 9 се улиците:

-од исток:улица"Ристо Крле, доаѓа од Блок 7

-од југ:улица"Св.Климент Охридски",

-од север и запад:улица"Галилео Галилеј",започнува од раскрсницата со улица"Ристо Крле",оди на запад, на југ и се спојува со улица"Св.КлиментОхридски".

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 9 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и во општината, како и на ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувањето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувањето на куќните броеви.

Бр.07-2481/1 Претседател
6.12.2014 год. на Советот на општина Гевгелилја,
Гевгелилја ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
### за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 6 во градот Гевгелилја

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 6 во градот Гевгелија (Мрзенски рид) и определуваат куќните броеви.

**Член 2**

Во границите на Блок 6 на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица "Никола Тесла"започнува од улицата"7-ми Ноември"(постојна), и продолжува на исток до спојот со улица "Борис Кидрич"(постојна).

Улицата "Никола Тесла"е гранична улица со Блок 10.

2.Улица "Исак Њутон"започнува од улица"7-ми Ноември", продолжува на исток, скршнува на југ, во полукруг оди на запад од таму на југ до раскрсница со улица"Никола Тесла".

Улицата "Исак Њутон" ги опфаќа куќните броеви: парни од 2-36 (18)

3.Улица "Илија Џаџев"започнува од улица"Исак Њутон", продолжува на југ до спојот со улица"Никола Тесла".

Краци и клонови на улицата "Илија Џаџев":

-крак на југ, од кој се издвојува клон кој оди на север и скршнува на запад.

-клон на запад и север.

Улицата со краците и клоновите ќе има исто име и ги опфака куќните броеви: непарни 1-25 (13) и парни 2-42 (21).

4.Улица "Александар Бел"започнува од улица"Исак Њутон", продолжува на југ и во полукруг продолжува на исток до ракрсница со улица "Исак Њутон".

Краци и клонови на улицата" Александар Бел":

-крак на север

-крак на север кој продолжува до спојот со улица"Никола Тесла".

Улицата со краците ќе има исто име и ги опфака куќните броеви: непарни 1-65 (33) и парни 2- 16(8).

5.Улица "Луј Пастер" започнува од улица"Исак Њутон", продолжува на југ од каде во полукруг продолжува на исток .

Краци на улицата"Луј Пастер":

-крак на југозапад кој оди до спојот со улицата.

Улицата со кракот ќе има исто име и ги опфака куќните броеви: непарни 1-45 (23) и парни 2-90 (45).

6.Улица"Ѓорѓи Гисник" започнува од улица"Исак Њутон", продолжува на запад, во полукруг скршнува на север, во полукруг скршнува на запад оди на југ, скршнува на север и спојува со улица "Горѓи Ѓисник"

Крак на улицата "Ѓорги Гисник" ":

-крак на исток.

Улицата со кракот ќе има исто име и ги опфака куќните броеви: непарни 1-47 (27) и парни 2- 50(25).

**Член 3**

Граница на Деталниот урбанистички план за Блок 6 се улиците:

-од исток:улица"Борис Кидрич"(постојна),

-од југ:улица"Никола Тесла",

-од запад:улица"7-ми Ноември"(постојна)

- од север: улица"Исак Њутон".

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 6 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-2482/1
6.12.2014 год.
Гевгелилја

Претседател
на Советот на општина Гевгелилја,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
### за определување на имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 7 (7.1-7.5 ) во градот Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 7(7.1-7.5) во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

**Член 2**

Во границите на Блок 7(7.1-7.5) во градот Гевгелија на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња и тоа:

1.Улица "Никола Карев" (постојна) започнува од улица"7-ми Ноември", оди на запад до спојот односно раскрсницата со улица"Ристо Крле".

Краци и клонови на улицата "Никола Карев":

-крак на север кој оди до спојот со улица "Димо Хаџи-Димов".

-крак на север кој скршнува на североисток до спојот со кракот што оди на север .

-крак на југ,скршува на исток и скршнува на југ до спојот со кракот на улица "Серменинска".

Улицата со краците ќе имаат исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-101 (52) и парни 2- 132(66).

**2.**Улица Серменинска (постојна) започнува од улица"7-ми Ноември", оди на запад, скршнува на југ и пак на запад до спојот со улица"Ристо Крле".

Краци и клонови на улицата "Серменинска":

-крак на север, исток и југ со слеп завршеток.

-клон на југ со слеп завршеток.

-клон на север со слеп завршеток.

Улицата со краците и клоновите ќе имаат исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-195 (97) и парни 2- 164(82).

**3.**Улица Методи Антонов Ченто започнува од раскрсницата со улица"Серменинска" оди на север до спојот со улица"Димо Хаџи-Ди

Краци и клонови на улицата "Методи Антонов Ченто":

-крак на запад, скршнува на север, на запад и оди до спојот со кракот на улица "Никола Карев" што оди на север.

-клон на исток и север со слеп завршеток.

Улицата со краците и клоновите ќе имаат исто име и ги опфаќаат куќните броеви: непарни 1- 85(47) и парни 2- 54 (27).

4.Улица "Кузман Шапкарев" започнува од улица "Серменинска" оди на север, до улица "Димо Хаџи-Димов".

Краци и клонови на улицата "Кузман Шапкарев":

-крак на исток, кој скршнува на југ до спојот со постојна улица"Никола Карев". Од овој крак се издвојува клон со слеп завршеток.

Улицата со краците и клоновите ќе имаат исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-105 (55) и парни 2-148 (79).

5.Улица "Христо Узунов" започнува од раскрсницата - спојот со улица"Серменинска" продолжува на југ, скршнува на исток па на југ, го поминува каналот Рауљ, скршнува на запад, на север и пак на запад со слеп завршеток.

Краци и клонови на улицата "Христо Узунов":

-крак на југ кој оди до спојот односно раскрсницата со улица"Деко Ковачев" и улица"Ѓорги Сугарев".

-клонови 2 на југ и 1 на север со слеп завршеток.

Улицата со краците и клоновите ги опфаќа куќните броеви: непарни 1- 65 (33) и парни 2-148 (74).

6.Улица Деко Ковачев (постојна) е продолжеток од постојна ул."Деко Ковачев" така што од "Булевар Гевгелија" продолжува на север до хотел Пелагонија од каде скршнува на запад до улица"Христо Узунов" и улица"Ѓорѓе Сугарев".

Краци и клонови на улицата"Деко Ковачев":

-краци 2 на југ до спојот со ул."Булевар Гевгелија".

-клон на исток со слеп завршеток

-крак на север од хотел Пелагонија до раскрсница со улица "Серменинска".

Улицата со краците и клоновите ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-201 (102) и парни 2-82 (41).

7.Улица Ѓорги Сугарев започнува од улица"Булевар Гевгелија", оди на север до раскрсницата со улица"Деко Коачев" и улица"Христо Узунов", скршнува на запад до спојот со улица"Ристо Крле".

Краци и клонови на улицата"Ѓорги Сугарев:

-крак на исток кој оди до спојот со кракот на улица"Деко Ковачев".

-клон на исток ,скршнув на север со слеп завршеток

-клон на југ кој се дели на два клона на исток и два клона на запад со слеп завршеток.

Улицата со краците и клоновите ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-159(80) и парни 2- 44(21).

**Член 3**

Граница на планскиот опфат на Блок 7 се улиците:

-од север: улица"Димо Хаџи-Димов", која започнува од улица "7-ми Ноември", оди на запад до раскрсница со улица"Ристо Крле".

-од запад:улица"Ристо Крле",која започнува од улица"Булевар Гевгелија" во подножјето на Караорман, оди на север до спојот со улица"Димо Хаџи-Димов".

-од исток:улица"7-ми Ноември".

-од југ: улица"Булевар Гевгелија"

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 7 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувањето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувањето на куќните броеви.

Бр.07-2480/1 | Претседател
6.12.2014 год. | на Советот на општина Гевгелилја,
Гевгелилја | *Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 4 во градот Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени во Деталниот урбанистички план Блок 4 во градот Гевгелија и определуваат кукните броеви.

### Член 2

Во границите на Блок 4 на улиците предвидени со планот се утврдуваат имиња на улиците и тоа:

1.Улица Трифун Грековски започнува од семејната куќа на Томе Стамнов и оди на југ до улица " Ристо Јанев" (постојна- до Амбалажеркната).

Улицата "Трифун Грековски ги опфака куќните броеви: парни од 2-38 (19)

2.Улица "Алексндар Синѓер" се издвојува од улица "Трифун Грековски" и оди на запад и завршува со слеп завршеток. Од улица "Александар Сингер" се издвојува крак до спојот со улица "Миле Пецанов"од кој се издвојува клон на исток, клон на север и клон на југозапад, сите со слеп завршеток.

Улицата "Александар Синѓер" со кракот и клоновите ќе имаат исто име.

Улица со краците ќе опфака куќните броеви: непарни од 1-67 (35) и парни од 2-72 (36).

3.Улица "Миле Пецанов" (постојна) по спојот со улица"Трифун Грековски" продолжува на запад под исто име улица"Миле Пецанов" до спојот со улица"Кирил Манасиев".

Улицата ги опфака куќните броеви: непарни од 1-21 (11) и парни од 2-20 (10).

4.Улица "Драгослав Ортаков" продолжува на север од улица"Ристо Јанев" (постојна)и завршува со слеп завршеток. Од оваа улица се издвојуваат два крака на исток.

Улицата"Драгослав Ортаков" со крците ќе имаат исто име.

Улицата ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-41 (21) и парни од 2-62 (31).

5.Улица "Кирил Манасиев" започнува од кружниот тек во подножиетона Караорман и оди на југ до раскрсницата со улица"Ристо Јанев".

Улицата"Кирил Манасиев"поминува и низ Блок 15.3.,15.4,15.5 и Блок 15.1 и 15.2. и оди до раскрсницата со улица"Моински пат".

Улицата ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-33 (17).

6.Улица "Булвар Гевгелија" (постојна) после раскрсницата со улица "Деко Ковачев", продолжува на запад до раскрсницата со улица "Трифун Грековски"

под исто име уллица "Булевар Гевгелија" и пак продолжува на запад до улица"Кирил Манасиев".

Улицата "Булевар Гевгелија"ги опфака кукните броеви непарни од 1-15 (8).

7.Улица "Ристо Јанев" (постојна) после улица "Трифун Грековски" продолжува на запад под исто име улица"Ристо Јанев" до улица "Кирил Манасиев".

Улицата Ристо Јанев" во овој дел ги опфака кукните броеви парни од 2-24 (12).

**Член 3**

Граница на планскиот опфат на Блок 4 се улиците:

-од исток:улица"Трифун Грековски"

-од север:улица"Булевар Гевгелија"

-од запад:улица "Кирил Манасиев", која започнува од улица"Булевар Гевгелија" оди на југ до раскрсница со улица"Ристо Јанев".

-од југ:улица"Ристо Јанев"(постојна).

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 4 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувањето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувањето на куќните броеви.

Бр.07-2483/1
6.12.2014 год.
Гевгелилја

Претседател
на Советот на општина Гевгелилја,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план за Блок 5.3 и 5.6 во градот Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 5.3 и 5.6 во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

### Член 2

Во границите на Блок 5.3 и 5.6 во градот Гевгелија на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица "Ацо Шопов" оди на југ од улица"Моински пат" (постојна) до раскрсница со улица"Петар Мазев", улица што оди покрај шкарпата на Сува река.

Краци на улицата "Ацо Шопов":

-крак на исток кој скршнува на север и оди до улицата "Моински пат " од кој се издвојуива клон на исток со слеп завршеток.

Улицата"Ацо Шопов" е гранична улица со Блок 14.1. и 14.2.

Улицата со кракот и клонот ќе имат исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-43 (23).

2.Улица "Лазар Личеновски" започнува од кружниот тек кај влезот на касарната и улица"Маршал Тито"(постојна) и оди на југ до улица"Васил Иљоски ".

Крак на улица"Лазар Личеновски":

-крак на запад кој оди до улица"Ацо Шопов".

Улицата со кракот ќе има исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-37 (19) и парни 2-22 (11).

3.Улица Васил Иљоски започнува од улица"Ристо Бојмалилев" (постојна) и се движи на запад, скршнува на југ до улица"Петар Мазев".

Краци и клонови на улицата "Васил Иљоски":

-крак на север кој скршнува на запад до улица"Лазар Личеновски" од кој се издвојуваат еден клон на исток и еден клон на запад со слеп завршеток.

-клон на југ со слеп завршеток.

-клон на југ со слеп завршеток.

Улицата со краците и клоновите ќе имаат исто име и ги опфаќаат куќните броеви: непарни 1-65 (33) и парни 2-54 (27).

4.Улица"Петар Мазев" е дел од јужен Булевар, односно е продолжеток на улицата која доаѓа од раскрсницата со улицата"Железничка", во близина на

новиот мост на Сува река и оди на запад до граница на планскиот опфат утврдена со Генералниот урбанистички план.

Улицата ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-23 (12).

5.Улица "Ристо Бојмалиев" (постојна) започнува од кружниот тек кај касарната и продолжува на југ до улица"Петар Мазев".

Крак на улица"Ристо Бојмалиев:

-крак на запад кој се разгранува во три клона и тоа еден клон на запад, еден клон на исток и еден клон на југ со слеп завршеток.

Улицата со кракот и клоновите ќе има исто име и ги опфаќа куќните броеви: парни 2-108 (54).

**Член 3**

Граница на Деталниот урбанистички план за Блок 5.3 и 5.6 се улиците:

-од север: дел од улица" Моински пат" (постојна)

-од запад: улица"Ацо Шопов"

-од исток: улица"Ристо Бојмалиев" (постојна)

-од југ: улица"Петар Мазев" (дел од јужен Булевар).

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 5.3 и 5.6 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувањето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувањето на куќните броеви.

Бр.07-2484/1<br>6.12.2014 год.<br>Гевгелилја

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелилја,<br>***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и

член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 10 во градот Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 10 во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

### Член 2

Во границите на Блок 10 во градот Гевгелија на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица Индустриска (постојна) започнува од улица"Булевар Гевгелија" (постојна) и се движи на север до фабриката 7-ми Ноември и од таму се дели на два крака, крак на запад кој се спојува со магистрална улица "7-ми Ноември" (постојна) и крак на североисток кој се спојува со улица"Никола Тесла".

Краци и клонови на улица "Индустриска":

-краци два на исток со слеп завршеток.

-крак на исток кој го поминува индустрискиот колосек и се спојува со собирна улица"Борис Кидрич"(постојна).

-крак на запад кој скршнува на север и се спојува со кракот на запад кој доаѓа од улица"Индустриска"и скршнува на југ како клон со слеп завршеток.

-клон на запад со слеп завршеток.

Улицата со краците и клоновите ќе има исто име и ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-35 (18) и парни 2-38 (19).

2.Улица" Никола Тесла" започнува од улица"7-ми Ноември" и се движи на исток и спојува со улица"Борис Кидрич" (оваа улица е јужна граница на Блок 6).

Улицата "Никола Тесла"е гранична улица со Блок 6.

Улицата "Никола Тесла" ги опфаќа куќните броеви: парни 2-18 (9).

3.Улица "Борис Ќидрич" (собирна) е продолжеток на улица"Борис Ќидрич" (постојна) која започнува од кај мостот на улица"Булевар Гевгелија" се движи на север и преку индустрискиот колосек продолжува до граница на планскиот опфат утврдена со Генералниот урбанистички план на Гевгелија.

Улицата Борис Ќидрич ги опфаќаат куќните броеви: непарни 1-21 (11)

4.Улица "7-ми Ноември", е дел од постојна улица "7-ми Ноември" која доаѓа од градот и се движи на север до граница на планскиот опфат , утврдена со Генералниот урбанистички план на Гевгелија.

Краци на улица"7-ми Ноември":

-крак на исток кој скршнува на југ , скршнува на исток и пак на југ и спојува со клонот на улица"Индустриска" кој доаѓа од исток.

Од овој крак се издвојува еден клон на запад со слеп завршеток, клон на север со слеп завршеток, а од него се издвојува клон со слеп завршеток.

-клон на североисток.

Улицата со краците и клоновите ќе има исто име и ги опфаќа куќните броеви: парни 2-44 (22).

**5.**Улица "Булевар Гевгелија", е дел од постојна улица Булевар Гевгелија која започнува од влезот во Гевгелија и продолжува на запад до Блок 9.

Улицата ги опфаќа куќните броеви: парни 2-22 (11).

**Член 3**

Граница на Блок 10 се улиците:

-од север :улица "Никола Тесла" .

-од запад: магистрална улица"7-ми Ноември".

-од исток: улица"Борис Ќидрич" (постојна)

-од југ: магистрална улица" Булевар Гевгелија"(постојна)

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 10 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувањето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувањето на куќните броеви.

Бр.07-2485/1 Претседател
6.12.2014 год. на Советот на општина Гевгелилја,
Гевгелилја ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 14.1 и 14.2 во градот Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 14.1 и 14.2 во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

### Член 2

Во границите на Блок 14.1 и 14.2 во градот Гевгелија на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица "Ацо Шопов" започнува од улица"Моински пат"(постојна) и се движи на југ до спојот со улица "Патар Мазев".

Краци на улица "Ацо Шопов":

-крак на запад кој се спојува со улица "Аргир Манасиев".

Улицата со кракот ќе има исто име.

Оваа улица е грнична улица со Блок 5.3 и 5.6.

Улицата со кракот ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-23 (11) и парни 2-40 (20).

2.Улица"Аргир Манасиев"започнува од улица"Моински пат", се движи на југ, скршнува на исток до раскрсница со улица "Ацо Шопов"

Краци на улица "Аргир Манасиев":

-крак на исток со слеп завршеток.Од овој крак се издвојува крак до спојот со улица "Моински пат".Од овој крак се издвојува клон на запад со слеп завршеток.

-два крака на север кои се спојуват со кракот на улица"Ацо Шопов".

-два крака на југ кои се спојуват со улица "Петар Мазев".

-клон на југ со слеп завршеток.

Укицата со краците и клонот ќе имат исто име.

Улицата "Аргир Манасиев"е гранична улуца помеѓу Блок 14.1 и 14.2. и Блок 14.4 и 14.5.

Улицата со краците и клонот ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-63 (31) и парни 2-42 (21).

3.Улица "Моински пат" (постојна) започнува од кружниот тек кај влезот на касарната.Во овој блок започнува од спојот со улица "Ацо Шопов" и продолжува на запад до спојот со улица"Аргир Манасиев".

-Клон на улица"Моински пат" на југ со слеп завршеток.

Улицата "Моински пат"со клонот ги опфаќаат куќните броеви: непарни 1-33 (16).

Улицата со клонот ќе имат исто име.

4.Улица "Петар Мазев",започнува од раскрсницата со улица "Ацо Шопов" и оди на запад до раскрсница со улица"Филип Втори Македонски".

Улицата ги опфаќа куќните броеви: парни 2-10 (5).

### Член 3

Граница на Блок 14.1 и 14.2 се улиците:

-од север :улица "Моински пат" (постојна).

-од запад: улица"Аргир Манасиев".

-од исток: улица"Ацо Шопов".
-од југ: улица"Петар Мазев".

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 14.1 и 14.2 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувањето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувањето на куќните броеви.

Бр.07-2486/1
6.12.2014 год.
Гевгелилја

Претседател
на Советот на општина Гевгелилја,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2 во градот Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2 во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

**Член 2**

Во границите на Блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2 во градот Гевгелија на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица "Аргир Манасиев" започнува од раскрсницата со улица"Моински

пат", се движи на југ, скршнува на исток и оди до расксницата со улица "Ацо Шопов"(улица која доаѓа од Блок 14.1 и 14.2).

Краци на улица "Аргир Манасиев":

-краци три на запад кои одат до спојот со улица"Тодор Чочков".

Улицата со краците ќе има исто име.

Улицата "Аргир Манасиев"е гранична улуца помеѓу Блок 14.1 и 14.2. и Блок 14.4 и 14.5.

Улицата со краците ги опфаќа куќните броеви: парни 2-74 (37).

2.Улица"Тодор Чочков"започнува од улица"Моински пат" се движи на југ до раскрсница со улица "Филип Втори Македонски".

Краци на улица "Тодор Чочков":

-крак на запад кој скршнува на југ, на исток и на североисток до спојот со истиот крак.

Укицата со кракот ќе има исто име.

Улицата со кракот ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-103 (52) и парни 2-86 (43).

3.Улица "Зафир Хаџимитров"започнува од раскрсницата со улица"Тодор Чочков", оди на запад, скршнува на југ, на исток, на североисток пак на исток и оди до раскрсница со улица"Тодор Чочков".

Од ова улица се издвојува клон на исток кој скршнува на север до спојот со истата улица.

Улицата со клонот ќе имат исто име.

Улицата "Зафир Хаџимитров"со клонот ги опфаќаат куќните броеви: непарни 1-117 (58) и парни 2-164(82)

4.Улица "Филип Втори Македонски" започнува од раскрсницата со улица"Булевар"Гевгелија(постојна) кај бензинската "Шимов", оди на исток, минува низ Блок 12,поминува преку железничката линија Гевгелија-Солун, оди паралелно со регулираното корито на Сува река, низ Блок 8, до раскрсница со улица "Петар Мазев", од каде свртува на запад, на север до раскрсница со улица "Моински пат".

Улицата"Филип Втори Македонски"е продолжеток од Блок 12.

5.Улица "Моински пат"(постојна),продолжува и во овој блок од раскрсницата со улица "Аргир Манасиев", оди на запад до раскрсница со улица"Филип Втори Македонски", односно до граница на плански опфат утврдена со Генералниот урбанистички план на Гевгелија.

Улицата ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-29(14) и парни 2-76 (38).

6. Улица "Кирил Манасиев" е продолжеток на улицата која започнува од кружниот тек во подножјето на Караорман и продолжува на југ до раскрсницата со улица "Моински пат".

Оваа улица поминува и низ Блок 15.3, 15.4 и 15.5.

Улицата ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-11(5).

7.Улица"Блаже Коневски"се издвојува од улица"Кирил Манасиев", оди на запад при што во еден дел скршнува на југ до спојот со улица"Моински пат"и во друг дел скршнува на север до спојот со улица"8-Септември".

Краци на улица "Блаже Коневски":

-краци два на север до спојот со улица "8-ми Септември".

-краци два на југ до спојот со улица"Моински пат".

-крак на запад кој скршнува на север и спојува со улица"8-ми Септември".

Улицата со краците ќе имат исто име.

Улицата со краците ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-171 (85) и парни 2-124 (62).

8.Улица "8-ми Септември" започнува од раскрсницата со улица "Кирил Манасиев" оди на запад до раскрсница со улица "Св.Климент Охридски."

Улицата "8-ми Септември"е гранична улица помеѓу Блок 15.1,15.2 и Блок 15.3,15.4 и 15.5.

Улицата ги опфаќа куќните броеви: непарни од 1-113(52).

**Член 3**

Граница на Блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2 се улиците:

-од север :улица "8-Септември" .

-од запад: улица"Филип Втори Македонски" и улица"Св.Климен Охридски".

-од исток: улица"Кирил Манасиев" и "Аргир Манасиев".

-од југ: " Филип Втори Македонски".

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-2487/1
6.12.2014 год.
Гевгелилја

Претседател
на Советот на општина Гевгелилја,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и

член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 11 во градот Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува име на улица предвидена со Деталниот урбанистички план во Блок 11 во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

### Член 2

Во границите на Блок 11 во градот Гевгелија на улицата предвидена со планот се утврдува следното имиња на улици и тоа:

1.Улица "Васил Главинов" започнува од улица"Булевар Гевгелија" и оди на север до граница на плански опфат, утврден со Генералниот урбанистички план на Гевгелија.

Краци на улица "Васил Главинов":

-крак на запад кој скршнува на југ до мостот на улица "Булевар Гевгелија".

-крак на запад кој оди до спојот со кракот од алинеа 1.Од овој крак се издвојува крак на север, скршнува на запад до спојот со кракот од алинеа 1;

-крак на запад од кој се издвојува крак на север.

-крак на запад од кој се издвојува крак на север.

-крак на југ кој скршнува на запад до спојот со кракот од алинеа 1.

- крак на запад до спојот со кракот од алинеа 1.;

-крак на исток кој скршнува на југоисток со слеп завршеток.

-крак на исток.

Улицата со краците ќе имат исто име.

Улицата со краците ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-125 (63) и парни 2-22 (11).

2.Улица"Булевар"Гевгелија (постојна) започнува од влезот во Гевгелија и продолжува на запад до Блок 9.

### Член 3

Граница на Блок 11 се улиците:

-од запад: улица"Борис Ќидрич"(постојна).

-од исток: заштитно зеленило на Автопат Е 75.

-од југ: улица"Булевар "Гевгелија(постојна)

### Член 4

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на деловни објекти во Блок 11 ќе се информират граѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Граѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-2489/1 Претседател
6.12.2014 год. на Советот на општина Гевгелилја,
Гевгелилја ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
### за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 12 во градот Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 12 во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

**Член 2**

Во границите на Блок 12 во градот Гевгелија на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица "Филип Втори Македонски" започнува од раскрсницата со улица"Булевар"Гевгелија (постојна) оди на исток до Мотел Вардар, скршнува на југ, во полукруг скршнува на запад и оди паралелно со регулираното корито на Сува река се до железничката пруга и од таму продолжува до граница на планскиот опфат, утврдена со Генералниот урбанистички план на Гевгелија.

Краци на улица "Филип Втори Македонски":

-крак на запад, скршнува на југ и во еден дел оди на исток,во полукруг свртува на север, на запад, на југ до спојот со истиот крак, а во друг дел продолжува на запад при што во еден дел оди на север до спојот со улца "Ѓорѓе Пулевски"и во друг дел оди до спој со улица"Филип Втори Македонски".

-крак на север кој оди до спојот со првиот крак.

Улицата со краците ќе имат исто име.

Улицата "Филип Втори Македонски"поминува и низ Блок 14.1 и 14.2 и Блок 14.4.и 14.5.

Улицата со краците ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-13 (7) и парни 2-180 (90).

2.Улица"Ѓорѓе Пулевски"започнува од улица"Филип Втори Македонски" се движи на запад, скршнува на север, во полукруг на североисток, скршнува на север и оди до кракот на улица "Булевар "Гевгелија.

Краци на улица "Ѓорѓе Пулевски":

-крак на запад,скршнува на југозапад кој во еден дел оди на север до спој со истата улица и во друг дел оди на југ до раскрсница со истата улица.

-крак на исток до спојот со кракот на истата улица.

-крак на запад, скршнува на север кој во полукруг скршнува на исток, на југ до спој со истата улица.

Укицата со краците ќе имат исто име.

Улицата со краците ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-27 (13) и парни 2-146 (73).

3.Улица "Булевар"Гевгелија (постојна) од која се издвојува крак кој оди на југ,во полукруг на запад, скршнува на север до мостот на улица "Булевар"Гевгелија.Од овој крак се издвојува клон на исток со слеп завршеток.

Улицата "Булевар"Гевгелија со краците и клонот ги опфаќаат куќните броеви: непарни 1-33 (17).

Улицата со краците и клонот ќе имат исто име.

4.Улица "Железничка"(постојна),започнува од раскрсницата со улица "Филип Втори Македонски" оди на север до раскрсница со улица"Маршал Тито"(постојна) од каде продолжува улица "Борис Ќидрич"(постојна)

Улицата "Железничка" ги опфаќа куќните броеви: парни 2-6 (3).

5.Улица "Борис Ќидрич"(постојна) започнува од раскрсницата со улица "Маршал Тито" и улица"Железничка"оди на север до мостот на улица "Булевар"Гевгелија".

Улицата "Борис Ќидрич´ ги опфаќа куќните броеви: парни 2-10 (5).

**Член 3**

Граница на Блок 12 се улиците:

-од север :улица "Булевар"Гевгелија (постојна)

-од запад:улица"Железничка"(постојна) и улица"Борис Ќидрич" (постојна).

-од исток: коритото на Река Вардар и дел од Регионалниот пат Гевгелија-Богданци Р1-109.

-од југ: коритото на Сува река.

**Член 4**

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави до Централниот регистар за да се стави матичен број на улиците и изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

Одлуката со новоименуваните улици ќе се достави и до Државниот завод за статистика.

**Член 5**

За именувањето на улици и определување на куќни броеви на станбени и деловни објекти во Блок 12 ќе се информират грѓаните преку локалните средства за информирање, со истакнување на огласна табла во населеното место и општината, како и ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

Грѓаните и правните лица своите лични и други документи ќе ги усогласуваат со одредбите на оваа Одлука кога за тоа ќе имат потреба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на влегувњето во сила, а ќе се применува по обележувањето на улиците и поставувњето на куќните броеви.

Бр.07-2490/1
6.12.2014 год.
Гевгелилја

Претседател
на Советот на општина Гевгелилја,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11 год.), точка 1 од Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објкти на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гвгелија на седницата одржана на 6.12.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на имиња на улици предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 15.3, 15.4 и 15.5 во градот Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат имиња на улиците предвидени со Деталниот урбанистички план во Блок 15.3, 15.4 и 15.5 во градот Гевгелија и определуваат куќните броеви.

**Член 2**

Во границите на Блок 15.3, 15.4 и 15.5 во градот Гевгелија на улиците предвидени со планот се утврдуваат следните имиња на улици и тоа:

1.Улица "Иван Антонов" започнува од улица "Кирил Манасиев", оди на запад до спојот со улица "Св.Климент Охридски".

Краци на улица "Иван Антонов":

-крак на север кој скршнува на исток до спојот со улица "Кирил Манасиев". Од овој крак се издвојуват два крака на север кој ги спојува крак од исток према запад.

-Клонови еден на југ и два на запад со слеп завршеток.

Улицата со краците и клонот ќе имат исто име.

Улицата со краците и клонот ги опфаќа куќните броеви: парни 2-158 (79) и непарни од 1-213 (107).

2.Улица "Петар Поп-Арсов" започнува од улица"Кирил Манасиев" се движи на запад до спојот со улица "Св.Климент Охридски".

Краци на улица "Петар Поп-Арсов":

-крак на запад кој оди до спојот на улица"Св.Климент Охридски".

-крак на североисток кој скршнува на југ до спојот со истата улица.

-два клона на југ со слеп завршеток.

Улицата со краците и клонот ќе имаат исто име.

Улицата со краците и клонот ги опфаќа куќните броеви: непарни 1-159 (79) и парни 2-86 (43).

3.Улица "Св.Климент Охридски" започнува од кружниот тек во подножјето на Караорман, оди на запад, скршнува на југ и во полукруг оди до раскрсницата со улица"8-ми Септември".

-крак на југ кој скршнува на запад и спојува со истата улица.

-крак на северозапад кој оди до граница на планскиот опфат.

-крк на запад кој оди до граница на планскиот опфат. Овие два крака ги поврзуват два крака во правец север-југ.

-клон на југ со слеп завршеток.

Оваа улица е јужна граница на Блок 9 и Блок 15.3, 15.4 и 15.5, како и поминува низ Блок 9 и 15.1, 15.2 и 15.3, 15.4 и 15.5.

Улицата со краците и клонот ќе имат исто име.

Улицата со краците и клонот ги опфаќаат куќните броеви: непарни 1-61 (30) и парни 2-120 (60).

4.Улица "8-ми Сепрември" започнува од раскрсницата со улица"Кирил Манасиев " и продолжува на запад до раскрсница со ул."Св.Климент Охридски".

Оваа улица е гранична улица со Блок 15.1 и 15.2.

Улицата ги опфака куќните броеви: парни 2-62 (31).

5.Улица"Кирил Манасиев"започнува од кружниот тек во подножјето на Караорман, оди на југ до раскрсницата со улица"8-ми Септември". Оваа улица поминува низ Блок 15.1 и 15.2.

Улицата опфаќа куќни броеви: парни 2-32(16)

**Член 3**

Граница на Блок 15.3, 15.4 и 15.5 се улиците:

-од север и запад : улица "Св.Климент Охридски"

-од исток: улица"Кирил Манасиев"

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедени средства, по претходно дадено позитивно мислење од страна на Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 17**

Средствата од ставка 464990-Други трансфери, програма До-Градоначалник, покрај за работи и активности на градоначалникот, ќе се користат и за финансиска помош на физички лица, кои во одредени непредвидени случаи се нашле во состојба на социјална загрозеност; за новородено дете на родители со живеалиште во општина Гевгелија, во износ од 6.000,00 денари, како и на физички и правни лица, кои со својата активност се

ангажирани за збогатување на одредени манифестации, организирани од општината по повод одбележување на одредени настани.

За користење на средствата од претходниот став решение донесува градоначалникот на општината.

**Член 18**

Средствата од ставка 464990- Други трансфери, програма Ј8, ќе се користат како учество за извршени погребални услуги на граѓаните.

**Член 19**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на приходите на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 20**

Буџетот на општина Гевгелија се извршува од 01.01.2015 до 31.12.2015 година.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„ а ќе се применува од 01 јануари 2015 година.

Бр. 07-2626/1<br>26.12.2014 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 84 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ"бр.117/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13 и 163/13), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија" бр.93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14 и 115/14) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 26.12..2014 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
## За уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2015 година

### ВОВЕД

Со оваа Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2015 година, се уредува:

- **I.** Просторот кој е предмет на уредување;
- **II.** Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- **III.** Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
- **IV.** Извори за финансирање на Програмата за уредување на градежното земјиште;
- **V.** Трошоци за уредување на градежното земјиште;
- **VI.** Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- **VII.** Динамика и мерки за извршување на Програмата;

- **VIII.** Преодни и завршни одредби.

## I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на градот Гевгелија кое е опфатено со Генералниот урбанистички план на Гевгелија и Деталните урбанистички планови за урбаните блокови, градежното земјиште во населените места и локалитетот Смрдлива вода за кои е донесена Урбанистичка документација за населено место односно Урбанистички план за село, просторот долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, како и просторите надвор од населените места за кои има донесено Урбанистички план вон населено место.

## II. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира следново :

### II.1. Подготвителни работи

Во подготвителни работи за уредување на градежното земјиште спаѓаат:
- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

### II.2. Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште се врши со цел да се опреми земјиштето со објекти на основната и секундарната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета:
- Изработка на елаборати за експропријација;
- Решавање на имотно-правните односи со сопственици на земјиштето;
- Решавање на станбеното прашање на сопствениците и носителите на станарско право на објектите кои се рушат;
- Уривање на постојни градежни објекти и расчистување на градежното земјиште.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се смета опремување со објекти на основната и секундарната инфраструктура заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона, електрична и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, што го определува општината.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти на основната и секундарната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

### III.1. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата надвор од градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:
- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичките планови;
- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;

- Проектирање и изградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба на улично осветлување;
- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение.

### III.2. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата во границите на градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата во границите на градежната парцела го врши инвеститорот и се состои од:

- Проектирање и изградба на приклучок на водоводната мрежа со водомерна шахта и водомер и врска со секундарната водоводна мрежа;
- Проектирање и изградба на приклучок на фекалната канализација со посебна шахта и врска со собирна шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на атмосферската канализација со посебна шахта и врска со собирната шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на ниско-напонската електрична мрежа во приклучен ормар (за индивидуални станбени објекти), а за колективни станбени објекти до и со приклучен разводен ормар;
- Одводнување на градежната парцела од буични води; и
- Друго.

## IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Изворите за финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште во општина Гевгелија се :

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
2. Комунални такси;
3. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ;
4. Трансфери од владини институции;
5. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

| Р:бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Д | ДА | Месна самоуправа - Капитални проекти | 1.200.000,00 |
| 2 | Е | ЕА | Општинска администрација- Капитални трошоци на општината | 45.200.000,00 |
| 3 | Ф | | Урбано Планирање | 55.300.000,00 |
| 4 | Ј | | Комунални дејности | 58.100.000,00 |
| 5 | Л | ЛА | Спорт и рекреација - Капитални расходи | 1.350.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **161.150.000,00** |

## V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежното земјиште се прикажани во следните програми и потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Оддел | Точка | ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| Д | | | | | | МЕСНА САМОУПРАВА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ДА | | | | МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ) | 1.200.000,00 |
| | ДА0 | | | Месна самоуправа - Капитални проекти | 1.200.000,00 |
| | | 1 | | Изградба и Реконструкција на објекти | 1.200.000,00 |
| | | | 1.1.1 | Изградба и реконструкција на објекти | |

| Е | | | | | | ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕА | | | | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА | 45.200.000,00 |
| | ЕА0 | | | Капитални трошоци на општината | 8.700.000,00 |
| | | 1 | | Изработка на проектна документација | 300.000,00 |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба и реконструкција на објекти | |
| | | | 1.1.2 | Проектна документација за доградба и реконструкција на објектите на детските градинки | |
| | | 2 | | Изградба и Реконструкција на објекти | 7.200.000,00 |
| | | | 2.1.1 | Реконструкција на кровови и фасади на Детски Градинки во општина Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Реконструкција на кровот на Пионерски дом | |
| | | | 2.1.3 | Доградба на административни простории | |
| | | | 2.1.4 | Реконструкција на задружен дом во с.Моин | |
| | | | 2.1.5 | Реконструкција на кровот на објектот на МЗ Петрово | |
| | | | 2.1.6 | Реконструкција на Младински дом во с.Кованец | |
| | | | 2.1.7 | Реконструкција на Дом на култура во с.Смоквица | |
| | | | 2.1.8 | Набавка на мебел и осветлување во Народен театар | |
| | | | 2.1.8 | Изградба деловни простории на Автобуската станица | |
| | | | 2.1.9 | Реконструкција на кров и фасада на ДГ „Сончогледи“, Гевгелија (Плаќање за изведените работи од 2014 година) | |
| | | | 2.1.10 | Реконструкција на кров на објект во сопственост на општина Гевгелија на ул.„Маршал Тито“бр144 Гевгелија (поранешна РТГ) (Плаќање за изведените работи од 2014 година) | |
| | | 3 | | Одржување на згради | 1.000.000,00 |
| | | | 3.1.1 | Фасадирање на згради во централно градско подрачје | |
| | | 4 | | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | 200.000,00 |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | ЕАА | | | Изградба на градски плоштад | 1.500.000,00 |
| | | 1 | | Изработка на проектна документација | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | 2 | | Изградба на објекти | |
| | | | 2.1.1 | Изградба на градски плоштад | |
| | | 3 | | Надзор над изградба на објекти | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| | ЕАБ | | | Изградба на Градско пазариште | 35.000.000,00 |
| | | 1 | | Изградба на објекти | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на Градско пазариште | |
| | | 2 | | Надзор над изградба на објекти | |
| | | | 2.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |

| Ф | | | | | | УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ф2 | Ф20 | | | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 6.000.000,00 |
| | | 1 | | Договорни услуги и други тековни расходи | 6.000.000,00 |
| | | | 1.1.1 | Договори со правни лица за одредени ископи, одвоз и превоз и др. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1.1.2 | Договори со физички лица за изработка на катастарски елаборати, вештачења, геометриски мерења и други стручни работи | |
| | | 1.1.3 | Рушење на објекти (дивоградби, рушење на објекти кои се експроприрани и др.) | |
| | | 1.1.4 | Изработка на катастарски елаборати и катастарски подлоги, нумерички податоци, вештачења, геометриски мерења, ажурирани катастарски подлоги потребни за изработка на Урбанистички планови објавување на огласи и др. | |
| | | 1.1.5 | Изработка на подземен катастар | |
| **ФА** | | | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ** | ***49.300.000,00*** |
| | **ФА0** | | **Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци** | **33.300.000,00** |
| | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **3.000.000,00** |
| | | 1.1.1 | Инфраструктурни, Идејни, Основни и други проекти за изградба на комплетна инфраструктура (улици, водовод, фекална и атмосферска канализација и улично осветлување) за урбани блокови во градот за кои се донесени Детални Урбанистички планови, односно за селата за кои се донесени Урбанистички планови за села и вон населено место каде што се донесени Урбанистички планови вон населено место | |
| | | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурен, идеен и основен проект) за гасификација на општина Гевгелија | |
| | | 1.1.3 | Инфраструктурен Идеен и Основен проект за регулација на р.Вардар во делот опфатен со Урбанистичките планови (м.в Милци) | |
| | | 1.1.4 | Изработка на проектна документација за инфраструктурни објекти | |
| | | 1.1.5 | Изработка на проектна документација за регулација на реки и други водотеци | |
| | | 1.1.6 | Изработка на проектна документација за посебни делови од инфраструктура и други проекти | |
| | **2** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | **3** | | **Изградба на улици (Бетонирање или поплочување или асфалтирање на улици и краци, тротоари и пешачки патеки)** | **11.500.000,00** |
| | | 3.1.1 | Изградба на улици во Гевгелија | |
| | | 3.1.2 | Бетонирање или поплочување на дел од улици или краци на улици во Гевгелија | |
| | | 3.1.3 | Изградба на тротоари во Гевгелија | |
| | | 3.1.4 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Негорци | |
| | | 3.1.5 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Миравци | |
| | | 3.1.6 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Богородица, Мрзенци, Прдејци | |
| | | 3.1.7 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Н.Конско, Конско, Ума, Кованец, Серменин, Смоквица, Милетково, Давидово, Петрово, Габрово | |
| | | 3.1.8 | Изградба на пешачка патека од Негорски бањи до с.Негроци | |
| | | 3.1.9 | Изградба на потпорен ѕид во с.Миравци | |
| | | 3.1.10 | Изградба на улици Бетонирање и изградба на тротоари во Гевгелија и населените места (Плаќање за изведените работи од 2014 година) | |
| | | 3.1.11 | Изградба на улици во мултинаменски комплекс Милци | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 4 | | **Реконструкција на улици (Бетонирање, поплочување или асфалтирање на улици и краци, тротоари и пешачки патеки)** | **5.500.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Реконструкција на улици, краци и тротоари во Гевгелија | |
| | | | 4.1.2 | Реконструкција на улици, краци и тротоари во населените места | |
| | | | 4.1.3 | Реконструкција на Пешачка патека од ул.„Слободан Митров Данко“ кон ООУ„Владо Кантарџиев“ | |
| | | | 4.1.4 | Пешачка патека од ДГ”Детска Радост” кон “Булевар Гевгелија” | |
| | | | 4.1.5 | Реконструкција на улици, краци и тротоари во Гевгелија и населените места (Плаќање за изведените работи од 2014 година) | |
| | | 5 | | **Надомест за експропријација** | **13.000.000,00** |
| | | | 5.1.1 | Ново Градско пазариште | |
| | | | 5.1.2 | Продолжување на “Булевар Гевгелија кон запад (Караорман) | |
| | | | 5.1.3 | Продолжување на Западен Булевар | |
| | | | 5.1.4 | Улици во УБ 7 (нови улици и ул.”Серменинска”) | |
| | | | 5.1.5 | Мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци“), | |
| | | | 5.1.6 | Експропријација на градезно неизградено земјиште опфатено со објекти од јавен интерес во општина Гевгелија | |
| | **ФАА** | | | **Регулација на дел од коритото на “Сува Река”** | **4.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Регулација на дел од коритото на “Сува Река” | 4.000.000,00 |
| | **ФАБ** | | | **Регулација на дел од коритото на “Мрзенска (Серменинска) река”** | **3.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Регулација на дел од коритото на “Мрзенска (Серменинска) река” | 3.000.000,00 |
| | **ФАЦ** | | | **Регулација на одводниот канал “Рауљ”** | **1.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Регулација на одводниот канал “Рауљ” – учество на О.Гевгелија (За целосно довршување на изградбата на одводниот канал „Рауљ“, аплицирано е до фондовите на ЕУ и проектот и е одобрен на општина Гевгелија. Вкупната вредност на проектот изнесува 345.808 евра, а финансирањето е 85% - 293.936 евра од ЕУ и 15% - 51.872 евра од Министерството за локална самоуправа на РМ. Реализацијата на проектот ќе изнесува 15 месеци од потпишување на договорот и истиот ќе се реализира 2015/2016 година.) | |
| | **ФАГ** | | | **Изградба на примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ“ Гевгелија** | **8.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ“ Гевгелија | 8.000.000,00 |
| **J** | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| **J7** | **J70** | | | **ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | ***7.000.000,00*** |
| | | 1 | | **Одржување и користење на паркови и зеленило** | **7.000.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Уредување и одржување на паркови и зеленило во општина Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Набавка на насади и растенија за хортикултурно уредување на зелени површини | |
| **J8** | **J80** | | | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | ***4.000.000,00*** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | | **Други оперативни расходи** | **4.000.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Расчистување и одржување на депонии | |
| | | | 1.1.2 | Расчистување и одржување на одводни канали | |
| **JA** | **JA0** | | | **ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | ***6.000.000,00*** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **200.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба на улично осветлување на улици во градот и населениете места каде што е потребно. | |
| | | 2 | | **Изградба на Улично осветлување и Инсталации за напојување со електрична енергија** | **5.600.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на нови линии за улично осветлување во Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на нови линии за улично осветлување во населените места Миравци, Негорци, Богородица, Мрзенци, Давидово, Смоквица, Милетково, Кованец, Смрдлива Вода | |
| | | | 2.1.3 | Изградба на улично осветлување на Моински пат до локалитетот "Динќут" вклучувајќи го и целиот локалитет | |
| | | | 2.1.4 | Изградба на улично осветлување на патот Гевгелија-Негорски бањи | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **200.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **JE** | **JE0** | | | **ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ** | ***500.000,00*** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **50.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба на катна гаража во Гевгелија | |
| | | 2 | | **Изградба и Реконструкција на паркиралишта** | **400.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба и Реконструкција на паркинг простори во Гевгелија и населените места | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **ЈГ** | | | | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | ***20.500.000,00*** |
| | **ЈГ0** | | | **Изградба на системи за водоснабдување** | **6.500.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **500.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на нови линии за водоснабдување во Гевгелија и населените места | |
| | | | 1.1.2 | Проектна документација за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија, Негорци, Миравци и другите населени места | |
| | | 2 | | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **5.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.3 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.4 | Изградба на нови водоводни линии во делови од градот за кои се донесени Детални урбанистички планови | |
| | | | 2.1.5 | Изградба на водоводни линии во населените места | |
| | | | 2.1.6 | Изградба на дел од систем за водоснабдување на мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци“) | |
| | | 3 | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **800.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција водоводни линии во градот и населените места | |
| | | | 3.1.2 | Реконструкција на водоводот во Кованец | |
| | | | 3.1.3 | Реконструкција на водоводот (каптажа) во Габрово | |
| | | | 3.1.4 | Реконструкција односно замена на постојната водоводна линија од Миравци кон Давидово со должина од 1600м | |
| | | 4 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **200.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **ЈГА** | | | **Изградба на постројка за подобрување на квалитетот на водата за пиење со опремување на лабораторија за контрола на квалитетот на водата** | **3.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на постројка за подобрување на квалитетот на водата за пиење со опремување на лабораторија за контрола на квалитетот на водата | 3.000.000,00 |
| **ЈГД** | | | **Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)** | **3.000.000,00** |
| | **1** | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 1.1.1 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | 3.000.000,00 |
| **ЈГЕ** | | | **Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)** | **2.000.000,00** |
| | **1** | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 1.1.1 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | 2.000.000,00 |
| **ЈГИ** | | | **Изградба на систем за дополнително водоснабдување на Гевгелија** | **5.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 1.1.1 | Хидрогеолошки истражни работи, и реализација на проектот за дополнително водоснабдување на Гевгелија со изградба на нови бунари од подрачјето покрај реката Вардар од десната страна североисточно од Гевгелија | 5.000.000,00 |
| **ЈГМ** | | | **Изградба на систем за водоснабдување на с.Ново Конско** | **1.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на систем за водоснабдување на с.Ново Конско | 1.000.000,00 |
| **ЈИ** | | | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | ***17.100.000,00*** |
| **ЈИ0** | | | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **15.100.000,00** |
| | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **800.000,00** |
| | | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на фекални канализации во населените места кои немаат канализација: во Моин, Ново Конско, Смоквица, Давидово, Милетково, Ума,Смрдлива вода | |
| | | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за атмосферска канализација (колектор) на ул.„Јосиф Јосифовски“, „Ристо Фршинин“ и „Илинденска“ | |
| | | 1.1.3 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар) | |
| | | 1.1.4 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на други фекални канализациони линии | |
| | **2** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 | | **Фекални канализации, колектори и пречистителни станици** | **6.000.000,00** |
| | | 3.1.1 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 4 во Гевгелија | |
| | | 3.1.2 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија | |
| | | 3.1.3 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија | |
| | | 3.1.4 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 14 во Гевгелија | |
| | | 3.1.5 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | | 3.1.6 | Изградба на дел од фекална канализација за мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци“) | |
| | | 3.1.7 | Довршување на изградба на фекална канализација во Негорци | |
| | | 3.1.8 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Богородица | |
| | | 3.1.9 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Мираавци | |
| | | 3.1.10 | Изградба на други помали фекални канализациони линии во градот и населените места | |
| | 4 | | **Изградба на други објекти - Атмосферски канализации** | **7.000.000,00** |
| | | 4.1.1 | Изградба на атмосферска канализација на ул.„Јосиф Јосифовски“, „Ристо Фршинин“, „Илинденска“, „7 Ноември“, „Мицо Шаренков“, „Радован Ковачевиќ“ Гевгелија, | |
| | | 4.1.2 | Изградба на други атмосферски канализации во градот и населените места | |
| | 5 | | **Реконструкција на фекални канализации и колектори** | **1.000.000,00** |
| | | 5.1.1 | Реконструкција на фекални канализациони линиии во градот и населените места | |
| **JИК** | | | **Изградба (продолжување) на главниот колектор за отпадни води на фекална канализација Гевгелија** | **1.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на фекални канализации** | |
| | | 1.1.1 | Изградба (продолжување) на главниот колектор за отпадни води на фекална канализација Гевгелија | 1.000.000,00 |
| **JИЛ** | | | **Изградба на пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и инд. зони „Блокотехна“ и „Прдејци“** | **1.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на фекални канализации** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и инд. зони „Блокотехна“ и „Прдејци“ | 1.000.000,00 |
| **JM** **JM0** | | | **ИЗГРАДБА НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | ***1.000.000,00*** |
| | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **100.000,00** |
| | | 1.1.1 | Основни проекти за изградба на паркови и зеленило | |
| | 2 | | **Изградба** | **600.000,00** |
| | | 2.1.1 | Изградба на паркови и зеленило во Гевгелија и во населените места | |
| | 3 | | **Реконструкција** | **250.000,00** |
| | | 3.1.1 | Реконструкција на паркови и зеленило | |
| | 4 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **JH** | **JH0** | | | **УРБАНА ОПРЕМА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | ***2.000.000,00*** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **50.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за поставување урбана опрема | |
| | | **2** | | **Изградба на објекти** | **1.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на фонтани | |
| | | **3** | | **Набавка на урбана опрема** | **950.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Набавка и монтирање на клупи, табли со натписи, часовници и детски играчки и друга урбана опрема | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Л** | | | | | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЛА** | **ЛА0** | | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | ***1.350.000,00*** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **80.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основен проект за изградба на спортска сала кај ДГ„Сончогледи"Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Основни проекти за изградба на спортски и детски игралишта | |
| | | **2** | | **Изградба на спортски објекти** | **1.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на Скејт парк | |
| | | | 2.1.3 | Изградба на игралиште во с. Петрово | |
| | | **3** | | **Реконструкција на спортски објекти** | **220.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на спортски и детски игралишта | |
| | | **4** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **ВКУПНО** | **161.150.000,00** |

**Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Д** | | **МЕСНА САМОУПРАВА** | **1.200.000,00** |
| | **ДА** | Месна самоуправа – Капитални проекти | 1.200.000,00 |
| **Е** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **45.200.000,00** |
| | **ЕА** | Капитални трошоци на општината | 45.200.000,00 |
| **Ф** | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **55.300.000,00** |
| | **Ф2** | Уредување на градежно земјиште | 6.000.000,00 |
| | **ФА** | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 49.300.000,00 |
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **58.100.000,00** |
| | **Ј7** | Одржување и користење на паркови и зеленило | 7.000.000,00 |
| | **Ј8** | Други комунални услуги | 4.000.000,00 |
| | **ЈА** | Изградба на јавно осветлување | 6.000.000,00 |
| | **ЈЕ** | Изградба на простор за паркирање | 500.000,00 |
| | **ЈГ** | Изградба на системи за водоснабдување | 20.500.000,00 |
| | **ЈИ** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 17.100.000,00 |
| | **ЈМ** | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 1.000.000,00 |
| | **ЈН** | Урбана опрема-Капитални расходи | 2.000.000,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **1.350.000,00** |
| | **ЛА** | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 1.350.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **161.150.000,00** |

**VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

### VI.1. Уредување на градежното земјиште

Уредување на градежното земјиште е изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирање, проектирање и изведување на инфраструктурата со која се уредува градежното земјиште се врши според урбанистичките планови (Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село и Урбанистички планови вон населено место).

За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно.

Како целосно уредено градежно земјиште се смета градежното земјиште во општина Гевгелија на кое е изградена или се планира изградба на инфраструктура најмалку од основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Општина Гевгелија, за градежното земјиште во рамки на урбаните опфати на градот, населените места или вон населено место, односно за градежното земјиште за кое се донесени урбанистички планови има изградено или ќе изгради инфраструктурни објекти кои го сочинуваат најмалку основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува и ќе се наплатува од инвеститорите како за целосно уредено градежно земјиште, а целосното уредување на градежното земјиште општината ќе го изврши по исполнување на правните и техничките услови за тоа и обезбедување на материјални средства, односно по изготвување на проектната документација за инфраструктурните објекти, изготвување и реализација на геодетски елаборати за експропријација, како и наплата на поголем дел од средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште од делот односно Урбаниот блок кој е предмет на уредување, а по претходно планирање на инфраструктурните објекти со годишната програма за уредување на градежното земјиште.

За градежното земјиште за кое не се планира целосно уредување, односно градежното земјиште за кое во Програмата децидно е нагласено дека нема или само делумно ќе се уредува, надоместокот ќе се наплаќа како за понизок степен на уреденост, согласно процентуалнта вредност на инфраструктурните објекти кои го сочинуваат понискиот степен на уреденост.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно во објектите на комуналната инфраструктура кои треба да ги изгради општината, не е земено предвид обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа, односно изградба на електрична мрежа, што треба да го обезбеди дистрибутерот на електрична енергија, и изведба на ПТТ мрежи што е обврска на операторите на телекомунакационите услуги, со што општината нема обврска да гради електрична и ПТТ мрежа. Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не се земени предвид и приклучните такси за инфраструктурните објекти (такса за приклучок на електричната мрежа и добивање на електроенергетска согласност, такси за приклучок на водоводната и канализационата мрежа и др.), кои се обврска на инвеститорите. Начинот, условите и висината на таксата, односно правата и обврските за приклучување на инфраструктурните објекти инвеститорите ги договараат со субјектите кои стопанисуваат со истите.

Инвеститорот може да го уреди градежното земјиште на свој трошок. Кога уредувањето на градежното земјиште се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин кој ќе го договори со општината, а особено преку уплатите на новите корисници на веќе поставените објекти.

Уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура како и партерно уредување во границите на градежната парцела го врши инвеститорот.

Кога заради уредување на градежното земјиште е потребно да се постави инфраструктурен објект на туѓо земјиште или друга недвижност, оштината воспоставува присилна комунална службеност заради поставување на објектот.

Одржувањето на објектите на инфрасруктурата на уредено градежно земјиште, го вршат субјектите кои стопанисуваат со истите.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општината кој се користи исклучиво наменски за уредување на градежното земјиште.

**VI.2. Степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура**

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост или планирана опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
   - Подземна електрична мрежа;
   - Улично осветлување;
   - Водоводна мрежа;
   - Фекална канализација; и
   - Атмосферска канализација.

2. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од основниот степен на уреденост и:
   - ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа;
   - Топлификациона мрежа;
   - Паркинг простори;
   - Гасоводна мрежа; и
   - Пречистителна станица за отпадни води.

3. Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
   - Сопствено водоснабдување (нема водоводна мрежа);
   - Септичка јама (нема фекална канализација);
   - Сопствен одвод на атмосферски води (нема атмосферска канализација);
   - Нестандардно улично осветлување; и
   - Надземна нестандардна електрична мрежа.

Трошоците за уредување на градежно земјиште, согласно кои се формира висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура, во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци, односно согласно проектираните трошоци за целосно уредување на градежното земјиште, за деловите за кои се планира уредувањето.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основниот степен на уреденост ќе се зголеми за соодветен процент, доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останатата инфраструктура кој претставува повисок степен на уреденост, и тоа за:

- Топлификациона мрежа 20%
- Гасоводна мрежа 20%
- Паркинг простори 15%
- Пречистителна станица за отпадни води 15%.

За делумно уредено градежно земјиште, односно за градежно земјиште за кое не се планира целосно уредување, или се планира само делумно уредување поради непостоење на технички услови за целосно уредување, надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплати за инфраструктурните објекти кои постојат или се планирани во делумното уредување и тоа како соодветен процент од висината на надоместокот:

- Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или пристап од некатегоризиран пат 45%

- Водоводна мрежа 10%
- Фекална канализација 15%
- Атмосферска канализација 10%
- Подземна електрична мрежа 15%
- Надземна нестандардна електрична мрежа или нестандардно улично осветлување 5%.

**VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште, се пресметува врз основа на новата корисна (нето) површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1 | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **Коефициенти** |
|---|---|---|
| - | Станбени простории | 1,0 |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,2 |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 2 | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Простории | 1,0 |
| - | Магацини | 0,5 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 |
| - | Балкони, тераси | 0,3 |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 |
| 3 | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Катни гаражи | 0,05 |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| - | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Базени | 0,2 |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |
| 4 | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г3 – Сервиси | 0,05 |
| - | Г4 – Стоваришта | 0,05 |
| 5 | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | |
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| 6 | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, временио сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом** | |
| - | Сите простории | 0,05 |
| 7 | **За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица** | |
| - | Сите простории | 0,05 |
| 8 | **За објекти за високо образование** | |
| - | Сите простории | 0,5 |
| 9 | **За објекти од културата** | |
| - | Сите простории | 0,01 |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати;
- Отворени паркиралишта;
- Подземни резервоари;
- Објекти заштитени како културно наследство.

За сите објекти од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина за сите објекти од табелата без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно коефициентите од табелата и другите одредби од оваа точка.

За објектите од група на класи на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани во точка 4 од табелата.

За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на иста градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објектикои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти. Површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови на објектот.“

### VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура изнесува:

- **За градот Гевгелија**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за градот Гевгелија, изнесува:

- Станбени објекти 1.500,00 ден./$м^2$
- Деловни и јавни 2.500,00 ден./$м^2$
- Производни објекти 6.000,00 ден./$м^2$
- Објекти од класата на намени Б5 и А4 4.000,00 ден./$м^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$
- Спортски објекти 100,00 ден./$м^2$

- **За Населени места**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци, како и за другите населени места за кои ќе се донесе Урбанистичка документација, изнесува:

- Станбени објекти 750,00 ден./$м^2$
- Деловни и јавни 1.250,00 ден./$м^2$
- Производни објекти 3.000,00 ден./$м^2$
- Објекти од класата на намени Б5 и А4 2.000,00 ден./$м^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$
- Спортски објекти 100,00 ден./$м^2$

- **Надвор од Населени места**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода изнесува:

- Станбени објекти 750,00 ден./$м^2$
- Деловни и јавни 1.250,00 ден./$м^2$
- Производни објекти 3.000,00 ден./$м^2$
- Објекти од класата на намени Б5 и А4 2.000,00 ден./$м^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$

- **За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои се или ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места опфатени со Урбанистички планови вон населено место, изнесува:

- Станбени објекти 3.000,00 ден./$м^2$
- Деловни и јавни 5.000,00 ден./$м^2$
- Производни објекти 6.000,00 ден./$м^2$
- Објекти од класата на намени Б5 и А4 6.000,00 ден./$м^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$

Одредбите од овој поднаслов се применуваат и на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а, кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

**VI.5. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

За надоместокот за уредување на градежното земјиште, неговата висина како и начинот на плаќање, општината и инвеститорот склучуваат Договор во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни, а по претходно изготвена детална пресметка.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште инвеститорите (физички и правни лица) може да го платат во цел износ одеднаш, или може да го платат на рати, но исклучиво со целосно

обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.

### VII. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

За реализација на инфраструктурни објекти од јавен интерес, општина Гевгелија, ќе поведува постапки за експропријација, пред надлежниот орган на управата.

Согласно Законот за експропријација, на сопствениците на недвижниот имот ќе им се надомести пазарната вредност на одземениот имот со давање на друга соодветна недвижност (доколку е можно,) или со надомест во пари.

Пазарната вредност на одземениот имот ќе се утврдува со примена на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а согласно постапката за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија која ја користи Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија.

### VIII. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите извори на средства предвидени со оваа Програма.

### IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети.

Измени и дополнувања на Програмата и прераспределба на средствата од една во друга позиција, се врши во иста постапка како и за донесување на нова Програма.

За започнатите постапки за издавање на Одобрение за градење кои не се завршени до денот на влегувањето во сила на оваа Програма, постапката ќе продолжи со примена на одредбите од оваа Програма.

За издадените Одобренија за градење чија важност е истечена, продолжување на нивната важност, односно за издавање на ново Одобрение за градење постапката ќе се спроведе со примена на одредбите од оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”, а ќе се применува од 01.01.2015 година.

Бр.07-2627/1 Претседател
26.12..2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 14 и 15 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија (“Службен гласник на општина Гевгелија” бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 26.12..2014 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## За изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2015 година

### Член 1

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во 2015 година, нивниот распоред и начин на користење и обемот на работите.

**Член 2**

Височината на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици, се утврдуваат во износ од 60.400.000,00 денари и тоа од следните извори на приходи:

6. Трансфери од владини институции, и тоа од:

1.1. Агенција за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици;

1.2. Агенција за рамномерен регионален развој;

7. Надоместок за уредување на градежно земјиште;
8. Комунални такси;
9. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ;
10. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по потпрограми се следните:

| | J | | **Комунални дејности** | ***60.400.000,00*** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | | **J6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 2.500.000,00 |
| **2** | | **JД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 57.000.000,00 |
| **3** | | **JФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 900.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | ***60.400.000,00*** |

**Член 3**

Средствата во висина од 60.400.000,00 денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Оддел | Точка | опис | износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **J** | | | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| **J6** | **J60** | | | | | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ** | ***2.500.000,00*** |
| | | | **1** | | | **Поправки и Тековно одржување** | **2.500.000,00** |
| | | | | *1.1* | | *Одржување на улици и патишта* | *2.200.000,00* |
| | | | | | 1.1.1 | Крпење на ударни дупки | |
| | | | | | 1.1.2 | Зимско одржување | |
| | | | | | 1.1.3 | Расчистување на општинските патишта Гевгелија-Богородица, Негорци-Кованец, Негорци-Серменин и Миравци - Петрово и крак кон Габрово, пат кон Хума | |
| | | | | *1.2* | | *Поправка и одржување на опрема* | *300.000,00* |
| | | | | | 1.2.1 | Поправка и одржување на семафори | |
| **JД** | | | | | | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | ***57.000.000,00*** |
| | **JД0** | | | | | **Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | **24.000.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | | **Изработка на проектна документација** | **500.000,00** |
| | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за улици во Гевгелија | |
| | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за улици во населените места | |
| | 1.1.3 | Изработка на проектна документација за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта во општина Гевгелија | |
| | 1.1.4 | Изработка на проектна документација за сообраќајни решенија за крстосници и кружни текови во Гевгелија | |
| **2** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **3** | | **Изградба на улици и патишта** | **16.200.000,00** |
| | 3.1.2 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 4 во Гевгелија | |
| | 3.1.3 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 5 (ул.„Ристо Јанев“ и др.) во Гевгелија | |
| | 3.1.4 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 7 (ул.“Серменинска“ и др ) во Гевгелија | |
| | 3.1.5 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 9 (Караорман) во Гевгелија | |
| | 3.1.6 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 14 во Гевгелија | |
| | 3.1.7 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | 3.1.8 | Изградба на улица кон КПУ Затвор Гевгелија (новопланирана 3 според ГУП) | |
| | 3.1.9 | Изградба на улици во мултинаменски комплекс Милци | |
| | 3.1.10 | Изградба на нови улици во с.Негорци (ул.„Ристо Петров“, „Ангел Трајков**“)** | |
| | 3.1.11 | Изградба на нови улици во с.Миравци (асфалтирање на ул.„Сава Михајлов“ до спој со ул.„М.Тито“ и спој со ул.„Лена Минчева“-350м; отворање на земјен пат односно продолжување на ул.„М.Пијаде“ на исток до Амбулантата, ул.„Едвард Кардељ“ | |
| | 3.1.12 | Изградба на нови улици во населените места Богородица, Мрзенци, Прдејци, Давидово | |
| | 3.1.13 | Доизградба на патот до црквата св.Богородица во Давидово | |
| | 3.1.14 | Изградба на пропуст бр.1 на локален пат за с.Милетково | |
| | 3.1.15 | Уредување на влезната улица во с.Конско | |
| | 3.1.16 | Уредување на улици во с.Серменин (улица кон манастирот и кон црквата и др.) | |
| | 3.1.17 | Изградба на улици во Гевгелија (Плаќање за изведените работи од 2014 година) | |
| **4** | | **Реконструкција на улици и патишта** | **7.000.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4.1.1 | Реконструкција на улици во Гевгелија (ул.”Индустриска”,“Ѓоко Тутушев” и др.) во Гевгелија | |
| | | | 4.1.2 | Реконструкција на улици во населените места во општината (Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци Прдејци) | |
| | | | 4.1.3 | Реконструкција на улици или краци на улици во руралните населени места. | |
| | | | 4.1.4 | Реконструкција на улици во Гевгелија (Плаќање за изведените работи од 2014 година) | |
| | **ЈДБ** | | | **Изградба на пат од мостот на Сува река до границата со Р.Грција** | **1.000.000,00** |
| | | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на на пат од мостот на Сува река до границата со Р.Грција | 1.000.000,00 |
| | **ЈДЦ** | | | **Изградба на заобиколе пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар)** | **1.000.000,00** |
| | | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (на заобиколе пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар) | 1.000.000,00 |
| | **ЈДЈ** | | | **Реконструкција на општинскиот пат Негорци-Серменин** | **8.000.000,00** |
| | | **1** | | **Реконструкција на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Реконструкција на општинскиот пат Негорци-Серменин | 8.000.000,00 |
| | **ЈДЛ** | | | **Изградба на пристапна сообраќајница до споменикот на слободата на Мрзенски рид** | **1.000.000,00** |
| | | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на пристапна сообраќајница до споменикот на слободата на Мрзенски рид | 1.000.000,00 |
| | **ЈДМ** | | | **Изградба (Доврשување) на патот за с.Ума** | **4.000.000,00** |
| | | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (Довршување) на патот за с.Ума | 4.000.000,00 |
| | **ЈДР** | | | **Изградба (продолжување) на Булевар Гевгелија во Гевгелија** | **18.000.000,00** |
| | | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (продолжување) на Булевар Гевгелија во Гевгелија | 18.000.000,00 |
| **ЈФ** | **ЈФ0** | | | **ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | ***900.000,00*** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **100.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта во општина Гевгелија | |
| | | **2** | | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација** | **800.000,00** |

| | |
|---|---|
| 2.1.1 | Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и општински патишта |
| 2.1.2 | Обележување на улици и општински патишта со хоризонтална сигнализација |
| 2.1.3 | Набавка и Поставување на табли со имиња на улици, куќни броеви и др. |
| 2.1.4 | Изградба (поставување) на семафори |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ (Ј6, ЈД и ЈФ)** **60.400.000,00** |

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **60.400.000,00** |
| | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 2.500.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 57.000.000,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 900.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **60.400.000,00** |

**Член 4**

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува сметано од 01.01.2015 година.

Бр.07-2628/1
26.12..2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2015 година

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село, УП за подрачје вон населено место), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културното наследство и отварање на нови локации за:

- домување
- комерцијални и деловни објекти
- јавни институции
- производство, дистрибуција и сервиси
- зеленило и рекреација
- инфраструктура

Преку донесените урбанистички планови општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се педвидени 7.000.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Измена и дополнување за ГУП по урбани блокови на град Гевгелија

-Урбан блок 1 – површина 63 ха.
-Урбан блок 2 – површина 40,8 ха.
-Урбан блок 3 – површина 26,3 ха.
-Урбан блок 4 – површина 49,5 ха
-Урбан блок 5 – површина 50,1 ха.
-Урбан блок 6 – површина 64,2 ха.
-Урбан блок 7 – површина 61 ха.
-Урбан блок 8 – површина 48,5 ха.
-Урбан блок 9 – површина 30,6 ха.
-Урбан блок 10 – површина 77,7 ха.
-Урбан блок 11 – површина 45,2 ха.
-Урбан блок 12 – површина 115,9 ха.
-Урбан блок 13 – површина 24,5 ха.
-Урбан блок 14 – површина 45,2 ха.
-Урбан блок 15 – површина 68,4 ха.
-Урбан блок 16 – површина 35,2 ха.
-Урбан блок 17 – површина 41,8 ха.

### 2.Изработка на ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за град Гевгелија по блокови и ревизија и изменена на донесени Детални урбанистички планови согласно приложената скица

2.1. Урбан блок 1

- Поделен е на шест дела (1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Слободан Митров Данко, Таља Бикова,Мирче Ацев, Новоплнирана 5, Петар Мусев

- Површина на опфат: 63ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, В јавни институции, В1 образование и наука, АБВ градски центар, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка:*

-Детален урбанистички план за дел од блок 1 (дел од 1.6)

**2.1.1** Детален урбанистички план за централно градско јадро блок 1 дел 1.1 општина Гевгелија.

**2.2. Урбан блок 2**

- Поделен е на четири дела (2.1; 2.2; 2.3; 2.4)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Слободан Митров Данко, Борис Кидрич, Новопланирана 2, Новопланирана 5, Мирче Ацев, Таља Бикова.

- Површина на опфат: 40,8 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот:А1 домување во стамбени куќи,А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени, В1 образование и наука, АБ комерцијална зона Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Д4 меморијални простори, Е2 комунална супраструктура-автобуска станица,Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка:*

-Детален урбанистички план за за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2)

**2.3. Урбан блок 3**

- Поделен е на три дела (3.1; 3.2; 3.3)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на Бул. Гевгелија, Борис Кидрич, Слободан Митров Данко, 7-ми Ноември.

- Површина на опфат: 26,3ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, В2 здравство и социјална заштита, АБ ( Комерцијална зона ) Е2 комунална супраструктура - катна гаража, Е2 комунална супраструктура - бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1 комунална инфрасруктура.

Забелешка : ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*- Во постапка:*

-Детален урбанистички план за за дел од блок 3 (3.2 и 3.3)

**2.4. Урбан блок 4**

- Поделен е на пет дела (4.1; 4.2; 4.3; 4.4; 4.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на Булевар Гевгелија, 7-ми Ноември, Слободан Митров Данко, Новопланирана 11, Западна 1.

- Површина на опфат: 49,5ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, АБ (комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: : ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка:*

-Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.1, дел од 4.2) и дел од блок 1 (дел од 1.5)

- Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.4).

**2.5. Урбан блок 5**

- Поделен е на шест дела (5.1; 5.2; 5.3; 5.4; 5.5, 5.6)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Новопроектирана 11, Слободан Митров Данко, Петар Мусев, Новопланирана 5, Новопланирана 4, Маршал Тито, Западна 1.

- Површина на опфат: 50,1ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, АБ ( комерцијална зона), Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка*

- Дететален урбанистички план за дел од блок 5 (дел од 5.2)
- Дететален урбанистички план за дел од блок 5 (5.1)

**2.6. Урбан блок 6**

- Поделен е на два дела (6.1; 6.2)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Новопланирана 7, граница на ГУП ул.Новопланирана 3, Новопланирана 8, 7-ми Ноември.

- Површина на опфат: 64,2ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А0 домување со посебен режим, А1 домување во стамбени куќи, Б1 комерцијални и деловни намени, В2 здравство и социјална заштита, Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка*

- Дететален урбанистички план за блок 6 (6.1 и 6.2)

**2.7. Урбан блок 7**

- Поделен е на пет дела (7.1;7.2; 7.3; 7.4; 7.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Новопланирана 3, 7-ми Ноември, Бул. Гевгелија, Западна 1.

- Површина на опфат: 61 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, В4 државни институции, АБВ (локален центар), АБ ( комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка*

-Детален урбанистички план за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5*)*

**2.8.Урбан блок 8**

-Поделен на четири дела (8.1, 8.2, 8.3, 8.4)

-Граница на плански опфат на блокот:

Осовина на ул.Новопланирана 5, Новопланирана 2, граница на ГУП, Ул. Новопланирана 4.

-Површина на плански опфат48,5ха.

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот: А2 домување во стамбени згради, Б комеријални и деловни намени, В јавни институции, Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.9. Урбан блок 11**

- Поделен е на три дела (11.1; 11.2; 11.3)
- Граници на опфатот на блокот:

Граница на ГУП, клучка на А1- за Гевгелија, осовина на Бул. Гевгелија, Борис Кидрич.

- Површина на опфат: 45,2ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: Б комерцијални и деловни намени, Г2,Г3Г4 производство, дистрибуција и сервиси, Д2 заштитно зеленило, Е2 комунална супраструктура бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка*

- Детален урбанистички план за блок 11 (11.1, 11.2 и 11.3)

**2.10. Урбан блок 12**

- Поделен е на пет дела (12.1; 12.2; 12.3; 12.4; 12.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на Бул. Гевгелија, клучка на А1 за Гевгелија, граница на ГУП, ул. Борис Кидрич.

- Површина на опфат: 115,9 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: Б комерцијални и деловни простори, Г2,Г3,Г4 производство, дистрибуција и сервиси, Д2 заштитно зеленило, Е2 комунална супраструктура бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е2 комунална супраструктура железничка станица со придружни содржини, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка*

- Детален урбанистички план за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5)

**2.11 Урбан блок 13**

- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Новопланирана 3, граница на ГУП

- Површина на опфат: 24,5 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот:Д2 заштитно зеленило, Д4 меморијални простори, Е1 комунална инфраструктура. .

**2.12. Урбан блок 14**

- Поделен е на пет дела ( 14.1, 14.2, 14.3, 14.4 и 14.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Новопланирана 4, граница на ГУП, УЛ. Новопланирана 2, граница на ГУП.

- Површина на опфат: 45,2 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот:А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, Г2,Г3,Г4 производство, дистрибуција И сервиси, Д2 заштитно зеленило, Д3 спорт и рекреација, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка:*

- Детален урбанистички план за блок 14 (14.1 и 14.2)

- Детален урбанистички план за блок 14 4, блок 14.5, блок 15.1 и блок 15.2

**2.13. Урбан блок 15**

- Поделен е на пет дела (15.1, 15.2, 15.3, 15.4 и 15.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Новопланирана 1, Западна 1, Новопланирана 1, граница на ГУП, ул. Новопланирана 10.

- Површина на опфат: 68,4 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, В1 образование и наука, В5 верски институции, АВБ локален центар, АБ комерцијална зона, Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка:*

-Детален урбанистички план за дел од блок 15 (15.3, 15.4 и 15.5)

**2.14. Урбан блок 16**

-Поделен е на четири дела (16.1, 16.2, 16.3, 16.4)

-Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Западна 1, 7-ми Ноември, Новопланирана 3.

-Површина на опфат: 35,2 ха.

-Фаза: Нацрт и Предлог план

Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

*Во постапка:*

- Детален урбанистички план за блок 16.

**2.15. Урбан блок 17**

-Поделен е на два дела (17.1, 17.2)

-Граници на опфатот на блокот:

Граница на ГУП, осовина на ул. Западна 1, Новопланирана 10.

-Површина на опфат 41,8 ха.

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот:А1 домување во индивидуални стамбени куќи, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**3.ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА**

**3.1.Општи акт за село Моин**
**3.2.Општи акт за село Ново Конско**
**3.3.Општи акт за село Серменин**
**3.4.Општи акт за село Кованци**
**3.5.Општи акт за село Хума**
**3.6.Општи акт за село Конско**
**3.7.Општи акт за село Давидово**
**3.8.Општи акт за село Смоквица**
**3.9.Општи акт за село Милетково**
**3.10.Општи акт за село Петрово**
**3.11.Општи акт за село Габрово**

## 4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

**4.1.Урбанистички план вон населено место на туристички локалитет Смрдлива Вода**
**4.2.Изменување и дополна на Урбанистички план вон населено место за комерцијални и деловни намени во КО Негорци м.в. „Долна Корија“ општина Гевгелија**
4.3. Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски Бањи
4.4. Урбанистички план вон населено место за Психијатриска болница Негорци
**4.5. Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски кпомплекс м.в. „Големо Брдо“ КО Миравци на потег автопат Демир Капија Смоквица, општина Гевгелија.**
**4.6. Измена и дополнување на дел од блок 3 од Урбанистички план вон населено mесто за мултинаменски стопански комплекс на потегГевгелија-граничен премин Богородица, општина Гевгелија**
**4.7. Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потегГевгелија-граничен премин Богородица општина Гевгелија за Блок 5.**

## 5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**5.1. Локална урбанистичка планска документација за потрбите на општина Гевгелија** согласно член 50а став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
**5.2. Локална урбанистичка планска документација за потрбите на граѓаните и правните лица** за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат, согласно член 50а став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Урбанистичките планови ќе се донесат во постапка пропишана во членот 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Гевгелија кои се од општ интерес може да врши Советот на Општината Гевгелија.

Оваа Годишна програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 07-2629/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 16 (став 4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11,144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 и 8/10). Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година , донесе

**ПРОГРАМА**
**за приоритетна изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2015 година**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои се изработуваат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, ДУП за градот Гевгелија, УП за село и УП за подрачјето вон населено место) во општина Гевгелија.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓанинот, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижното културното наследство и остварување на нови локации за :

- домување
- комерцијални и деловни намени
- јавни и нституции
- производство, дистрибуција и сервиси
- зеленило и рекреација
- инфраструктура

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Урбанистичките планови ќе се донесат во постапка пропишана во членот 24-а став 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Во постапката пропишана во предходно споменатиот член од Законот, односно по скратена постапка во која урбанистичкиот план се изработува и донесува како Предлог-план, ќе се донесат следниве планови предвидени со оваа програма и тоа:

**Од поднасловот 2. Изработка на Детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови и ревизија и измена на донесени Детални урбанистички планови од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Гевгелија за 2015 година, ќе се донесат плановите:**

1. (2.9.) Детален урбанистички план за блок 11
   Забелешка: *Изработката на планот ке се реализира по делови од блок.*
2. (2.10.) Детален урбанистички план за блок 12
   Забелешка: *Изработката на планот ке се реализира по делови од блок*
3. (2.12) Детален урбанистички план за дел од блок 14 – 14.1, 14.2

**Урбанистички планови за село**

1. Урбанистички план за село Мрзенци.
*-Планот е во постапка*
2. Урбанистички план за село Негорци.
3. Урбанистички план за село Прдејци.
*-Планот е во постапка.*
4. Урбанистички план за село Богородица
*-Планот е во постапка*
5. Урбанистички план за село Миравци
*-Планот е во постапка*

**Од поднасловот 4. Урбанистички планови вон населено место воПриоритетната Програмата за изработка на урбанистички планови заопштина Гевгелија, за 2015 година, ке се донесат плановите:**

1 Урбанистички план вон населено место за индустриска зона „Билото“ КО Прдејци.

III. Средства за изработка на урбанистичките планови се предвидени во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2015 година.

IV. Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.07-2630/1 Претседател
26.12.2014 год. на Совет на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Никоплов с.р.***

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 17/2011,53/2011,144/12,153/12 и 25/13 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2014 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопстевеност на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2015 година

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр. 17/11,53/11, 144/12,153/12 и 25/13 год.), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица. Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, оштините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено или неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиштето на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановаат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на општина Гевгелија дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2014 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

1.За индивидуално домување

-Гевгелија, локалитет Караорман, ДУП за 9.1 и 9.2 У.Е., Одлука бр. 07-1668/1 од 29.08.2014 година;

-Гевгелија,ДУП за блок 5.3 и 5.6 Одлука бр.07-1910/1 од 24.10.2013 година

-Гевгелија,ДУП за блок 3.1, Одлука бр.07-1889/1 од 27.09.2012 година

2.Времено домување

-Негорци, УПВНМ "Долна Корија" Одлука бр.07-1831/1 од 08.07.2011 година

3.Колективно домување

-Гевгелија, ДУП за градско централно подрачје. Одлука бр. 07-1830/1 од 8.07.2011 година".

-Гевгелија,ДУП за ГП 3.02 Блок 1 Централно градско подрачје Одлука бр.07-2365/1 од 3.12.2012 година.

-Гевгелија,ДУП за блок 5.3 и 5.6 Одлука бр.07-1910/1 од 24.10.2013 година

4.Лесна индустрија и мало стопанство

-Негорци - локалитет Блокотехна, ДУП за стопанска зона, Одлука бр. 08-124/4 од 28.04.1994 година.

-Негорци,ЛУПД за откупно дистрибутивен центар Одлука бр.07-626/1 од 13.03.2013 година.

5.Комерцијални и деловни објекти

-Гевгелија,ДУП за УЕ 4 Одлука бр. 01-144/1 од 2.03.1978 година".

-Гевгелија,ДУП за Блок 10 (10.1,10.3,10.4 и 10.5),Одлука бр.07-1667/1 од 13.09.1013 година.

6.Спорт и рекреација

-Богородица, урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, Одлука бр. 07-720/1 од 15.03.2011 година.

-Гевгелија,ДУП за Блок 5.3 и 5.6 Одлука бр.07-1910/1 од 24.10.2013 година

Б)Основи за изработка на Програмата

- Законски основ
  Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ„ бр. 17/2011 и 53/2011) и член 38, став 1, точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр. 25/06 и 8/10)

- Основни плански документи

  - Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за плански период од 2006 до 2011 година

Општина Гевгелија е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира:

- Планирање на локалниот економски развој;
- Утврдување на развојните и структурните приоритети и
- Водење на локалната економска политика.

Овој документ вклучува три стратешки компоненти, кои се меѓусебно поврзани и хармонизирани една со друга:

a) Локална проценка;

b) СВОТ Анализа - во три сектори: Инфраструктура, одржлив економски развој и квалитет на живот;

c) Стратешки планови - вклучувајќи визија, стратешки цели, развојни цели и преглед на програмите и проектите.

Стратегијата идентификува приоритетни области и стратешки избори, истата поставува широка рамка за економски, социјален и културен развој на општина Гевгелија за периодот 2006 - 2011 година. Сепак, потребна е понатамошна елаборација за креирање на планови за имплементација кои ќе ги дадат деталите за програмите и проектите, учесниците во активностите,

финансиски планови, предвидувања и ризици, развојни индикатори и временски проценки. Како што Република Македонија се движи кон ЕУ интеграциите, подобрените капацитети на локалните учесници ќе бидат искористени за интегрирање и хармонизирање на стратегијата со новите европски, национални и регионални политики.

Локален еколошки акционен план на општина Гевгелија, донесен на 09.05.1998

Цели на локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија се:

1. Одредување, проценка и рангирање на Еко проблемите во општината врз основа на релевантниот ризик по човечко здравје, животна средина и квалитет на живеењето.
2. Создавање на таков ЛЕАП што ќе ги одреди специфичните стратегии и активности за намалување на најсериозните ризици во средината.
3. Подобрување на севкупните еколошки услови во општината и штедењето на парите и жителите преку нискобуџетски стратегии и добри резулатати со најмали трошоци.
4. Промовирање на јавната свест, разбирање и одговорност за заштита на животната средина и зголемена јавна подршка за еколошки инвестиции (решенија).
5. Зајакнување на можностите како на локалната самоуправа така и на ниво на Невладини организации (НВО) за управување со имплементирање на еколошките проблеми вклучувајќи ја нивната способност за привлекување и на странски финансиски средства (инвестиции).

- Потстратегија за рурален развој на општина Гевгелија за плански период од 2008 до 2013 година

Визија

Создавање целосно инкорпориран и финансиски стабилен регион со услови за квалитетно живеење и работење.

Мисија

Подобрување на квалитетот на животот во руралната заедница преку:

- Создавање услови за одржлив социо-економски развој;
- Ефикасни институции;
- Јавни - приватни партнерства;
- Развиен бизнис сектор;
- Ефикасно управување со природни ресурси и инфраструктура и
- Зачувување на традиционални вредности.

Цели на потстратегијата за рурален развој

Специфични цели

- Да се анимира територијата и локалната работна сила (локални оператори / субјекти);
- Да се одржи локално претприемништво;

- Да се подобри менаџментот и комерцијалните капацитети на локалните фирми;
- Да се зголеми вработувањето;
- Да се заштитат природните и културните ресурси низ призмата на интегрираниот развој на територијата;
- Да се подобрат услугите за руралната популација за да се подобри квалитетот на живеење;
- Да се преквалификуваат човечките ресурси.

Социјални цели

- Да се промовираат иницијативи;
- Да се создадат (ресоздадат) врски;
- Да се мобилизираат човечките и финансиските ресурси;
- Да се преразгледат и надминат традиционалните шеми.

Производствени цели

- Да се создадат нови субјекти и основни услови за рурален развој;
- Да се модернизираат структурите;
- Да се подобрат условите за производство.

○ Туристички акционен план на општина Гевгелија и општина Валандово

Развојот на туризмот ќе биде остварен со креирање на линкови помеѓу сите стопански и нестопански сектори (производен, трговски, културен, невладин, образовните институции и верски установи) се со цел, поддршка на јавните и приватните иницијативи за креирање на конкурентни низи од активности кои што се перспективни на подолг рок, поради остварување на економските и социјалните придобивки во регионот.

Стратешки цели:

1. Збогатување на туристичката понуда на регионот (настани, активности и туристички услуги)
2. Да се подобри туристичката инфраструктура;
3. Да се зголеми туристичкиот маркетинг и промоција;
4. Развивање на човечки ресурси во правец на унапредување на туризмот
5. Да се зголеми развојот и инвестициите во туризмот.

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија за плански период од 2012 до 2022 година.

Просторната организација на градот подразбира дефинирање на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот. Преку усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции се предвидува подобрување на стандардот на домување, просторно дооформување на стопанските зони и нивно инфраструктурно екипирање, просторна дисперзија на нестоипанските дејности и функции на општествената надградба, оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување, екипирање на

градот со комунални инфраструктурни системи, прилагодување на сообраќајниот систем, заштита на културно-историското и градителско наследство на градот и примена на системот за управување на животната средина.

- Програма за изработка на урбанистички планови за 2014 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. ..../11 год.)

В) Лица вклучени во изработка на Програмата
1.Станка Карајанова - Раководител на Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина
2.Панче Ќиров, советник за планирање на просорот
3.Лидија Картова, советник - овластен урбанистички инспектор
4.Благица Митрова, советник за уредување на градежно земјиште, патишта и улици
5.Тони Николов, помлад соработник за изработка на проекти

Глави на програмата:

1.Цели на Програмата

- Општи цели на Програмата
  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој

- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети
  Заинтересираните граѓани на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработувања на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање на тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.

- Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план.

  А.Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

(ЗА ГЛАСНИК ТАБЕЛИ ДА СЕ ВМЕТНАТ)

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.720

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.721

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.722

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.723

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.724

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.725

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.726

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.727

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.728

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.729

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.

29.12.2014 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.19 стр.

б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:
- -број на градежна парцела
- -вкупна површина на градежна парцела
- -намена на земјиштето (основна класа)
- -намена на земјиштето (опис)
- -броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
- -површина за градба
- -бруто развиена површина
- -процент на изграденост
- -коефициент на искористеност на земјиштето
- -максимална дозволена висина
- -катност
- -почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
- -вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
- -времетраење на закупот.

в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:
- -број на градежна парцела
- -вкупна површина на градежна парцела
- -намена на земјиштето (основна класа)
- -намена на земјиштето (опис)
- -броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
- -површина за градба
- -бруто развиена површина
- -процент на изграденост
- -коефициент на искористеност на земјиштето
- -максимална дозволена висина
- -катност
- -почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
- -вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
- -времетраење на закупот.

г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

Табела со следните информации:
- -број на градежна парцела
- -вкупна површина на градежна парцела
- -намена на земјиштето (основна класа)
- -намена на земјиштето (опис)
- -броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
- -површина за градба
- -бруто развиена површина
- -процент на изграденост
- -коефициент на искористеност на земјиштето
- -максимална дозволена висина

-катност
-основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП)
-заинтересирано правно лице (компанија),
-предвидени услови за договорот.
(Табелите ќе се изработат по изработка на Геодетски елаборати).

3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

4.Динамика на реализација на Програмата

- Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на Програмата да се објават во четри турнуси, и тоа во по еден турнус во секој квартал од 2014 година.

- Пропишување на условите за надавање

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско наддавање на интернет страницата њњњ.гевгелија.гов.мк со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата, и

- "Службен весник на РМ"

Висината на депозитот за учество во јавното наддавање изнесува 10% до 30% од вкупната почетна цена за јавно наддавање.

На денот на јавното наддавање учесниците се легитимираат со лични исправи /лична карта или патна исправа/ и уредно полномошно за полномошниците.

Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Наддавањето се врши „чекорно„ со зголемување на вредноста со секој „чекор„ по м2.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е 30 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за 10% одреден за трошоци на постапката во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште, односно за едногодишна закупнина.

- Лица надлежни за реализација на Програмата

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост Република Македонија, кои задолжително треба да поседуваат овластување, се следните:

1.Станка Карајанова - Раководител на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина
2.Панче Ќиров, советник за планирање на просорот
3.Лидија Картова, советник - овластен урбанистички инспектор
4.Благица Митрова, советник за уредување на градежно земјиште, патишта и улици
5.Благој Ристов, виш соработник за јавни набавки

5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

| | |
|---|---|
| -Гевгелија, 9-та У.Е. „Караорман" | 16.051.000 |
| -Гевгелија, Касарна | 123.350.000 |
| - Гевгелија, централно подрачје | 10.724.710 |
| - Гевгелија (Пазар) | 0 |
| -Гевгелија, дел од УБ 5 | 18.845.000 |
| -Негорци, „Блокотехна „ | 7.300.000 |
| -Богородица, граничен премин | 3.187.000 |
| - Негорци,Откупно-дистрибутивен центар | 3.301.700 |
| - Негорци,"Долна Корија" | 3.833.850 |
| - Гевгелија, Блок 10 | 3.406.740 |
| Вкупно приходи: | 190.000.000 ден. |

6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

| | |
|---|---|
| -трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште | 8.192.000 |
| -трошоци по основ на експропријација | 9.000.000 |
| -трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица | 0 |
| -трошоци за промовирање односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште | 60.000 |
| Се вкупно: | 17.252.000 |

7. Преодни и завршни одредби

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на јавувањето во „Службениот гласник на општината„.

Бр.07-2631/1
26.12.2014 год.
Гевглија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана 26.12. 2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2015 година

### I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевегелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија.

**II.ФИНАНСИРАЊЕ**

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година, како и со одредени домашни и странски донации.

**III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА**

| Ред бр. | **I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата** | 1.000. 000,00 |
|---|---|---|
| 1. | Реставрација на фасада на поранешен објект на РТГ во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија | |
| 4. | Реставрација на фасада на хотел "Отоман"(кафе "Центар") | |

| Ред. бр. | **II. Изградба на објекти од обласат на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија** | |
|---|---|---|
| 2. | Изработка на бисти на: Др. Александар Сингер, Илија Џаџев и Леонид Јанков | 300.000,00 |
| 3. | Оддржување и заштита на спомен обележјата | 200.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **1.500 000,00** |

**IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од обласата и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-2632/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана 26.12.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одржување на јавното осветлување во Општина Гевгелија за 2015 година**

**I.Општи одредби**

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2015 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

1.Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:

- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

2.За функционирање на јавното осветлување се врши редовното одржување кое опфаќа:

-Замена на прегорени и искршени светилки со поставување на живини ,натриумови и еко светилки.

-Замена на заштитни стакла и нивно чистење;

-Замена на сите елементи на сијалично место;

-Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;

-Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

**II.Одржување на јавното осветлување**

За одржување на јавното осветлување ќе се вршат контроли четрипати месечно, а редовно во централните подрачја на населени места во општината, крстосниците, пешачките премини, улиците во близина на болницата, училишта, детски градинки и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

1. Степенот на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:

| Населено место | Вкупно |
|---|---|
| **Гевгелија** | |
| `ivini sijalici 125W | 1018 |
| `ivina sijalici 250 W | 24 |
| natriumova sijalica 70 W | 22 |
| natriumovi sijalici 250 W | 203 |
| sijalica ekonomik 30 W | 232 |
| natriumova sijalica 110 W | 280 |
| led reflektori 70w | 30 |
| **Гевгелија вкупно:** | **1809** |
| **Негорци** | |
| живини сијалици 125 W | 156 |
| живини сијалици 250 W | 8 |
| економик сијалица 30 W | 5 |
| natriumova sijalica 70w | 7 |
| **Негорци вкупно:** | **176** |

| | |
|---|---|
| Богородица<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 250 W<br>natriumova sijalica 70w | <br>117<br>4<br>3 |
| Богородица вкупно: | 124 |
| Мрзенци<br>живини сијалици 125 W<br>natriumova sijalica 70w | <br>71<br>2 |
| Мрзенци вкупно: | 73 |
| Прдејци<br>живини сијалици 125 W<br>ekonomik sijalica 25w | <br>74<br>2 |
| Прдејци вкупно: | 76 |
| Моин<br>живини сијалици 125 W<br>natriumova sijalica 110 W | <br>47<br>15 |
| Моин вкупно | 62 |
| Ново Конско<br>живини сијалици 125 W | <br>44 |
| Ново Конско вкупно: | 44 |
| Кованец<br>живини сијалици 125 W | <br>24 |
| Кованец вкупно: | 24 |
| Серменин<br>живини сијалици 125 W | <br>16 |
| Серменин вкупно: | 16 |
| СтароКонско<br>живини сијалици 125 W | <br>27 |
| Конско вкупно: | 27 |
| Смрдлива вода<br>живини сијалици 125 W | <br>58 |
| Смрдлива вода вкупно: | 58 |
| Хума<br>живини сијалици 125 W | <br>58 |
| Хума вкупно: | 58 |
| Миравци<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 250 W<br>ekonomik sijalici 30 W<br>natriumova sijalica 70w | <br>279<br>10<br>16<br>5 |
| Миравци вкупно: | 310 |
| Милетково<br>живини сијалици 125 W | <br>33 |
| Милетково вкупно: | 33 |
| Петрово<br>живини сијалици 125 W | <br>46 |
| Петрово вкупно: | 46 |
| Смоквица<br>живини сијалици 125 W<br>живина сијалици 250 W | <br>42<br>3 |
| Смоквица вкупно: | 45 |

| | |
|---|---|
| **Габраво**<br>живини сијалици 125 W | <br>7 |
| **Габраво вкупно:** | **7** |
| **Давидово**<br>живини сијалици 125 W<br>ekonomik sijalica 30w | <br>61<br>6 |
| **Давидово вкупно:** | **67** |
| **Општина Гевгелија се вкупно:** | **3055** |

2.Табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

| Ред.бр. | Општина Гевгелија | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | `ivini sijalici 125 W | **2180** |
| 2. | natriumova sijalica 70 W | **39** |
| 3. | natriumovi sijalici 250 W | **203** |
| 4. | ekonomik sijalici 30 W | **259** |
| 5. | `ivina sijalica 250 W | **49** |
| 6. | natriumova sijalica 110 W | **295** |
| 7 | led reflektori 70 W | **30** |

3. Потребни материјали за одржување и проширување на јавното осветлување за 2014 година.

| R.br. | Ime na matrejalot | EM | Kol. |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | @ivini sijalici 125 W | br. | 450 |
| 2. | @ivina sijalica 160 W | br. | 10 |
| 3. | @ivini sijalici 250 W | br. | 40 |
| 4. | Ekonomik sijalica 40 W | br. | 50 |
| 5. | Ekonomik sijalica 25 W | br. | 50 |
| 6. | Ekonomik sijalica 30W | br. | 150 |
| 7. | Natriumova sijalica 70W. | br. | 550 |
| 8. | Natriumova sijalica 250 W | br. | 100 |
| 9. | Ampuli za reflektori 300W | br. | 20 |
| 10. | Natriumova sijalica 110W | br. | 200 |
| 11. | Prigu{nica za nadvore{na monta`a 125 W | br. | 150 |
| 12. | Prigu{nica za vnatre{na monta`a 250 W | br. | 40 |
| 13. | Komplet armatura 125 W | br. | 150 |
| 14. | Komplet armatura 250 W | br. | 30 |
| 15. | Fasonki E27-porcelanski | br. | 250 |
| 16. | Fasonki E40-porcelanski | br. | 30 |
| 17. | Za{titno staklo F 200 | br. | 200 |
| 18. | Forel so opti~ko oko | br. | 15 |
| 19. | Kontaktor 25A | br | 5 |
| 20. | Kontaktor 63A | br. | 15 |
| 21. | Kontaktor 80A | br. | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. | Kontaktor 125A | br. | 5 |
| 23. | Tajmer so sedmodnevna memorija | br. | 8 |
| 24. | Avtomatski osigura~i 16A | br. | 50 |
| 25. | Avtomatski osiguruva~i 25A | br. | 20 |
| 26. | Avtomatski osiguruva~i 63A | br. | 20 |
| 27. | No`est osiguruva~ 63A | br. | 50 |
| 28. | No`est osiguruva~ 100-250A | br. | 30 |
| 29. | Postolje za osiguruva~i | br. | 5 |
| 30. | Patron 25A | br. | 50 |
| 31. | Kapa za osiguruva~ 25A | br. | 50 |
| 32. | Grebenest prekinuva~ 25A | br. | 5 |
| 33. | Komplet podno`je za opalna topka od 125 | br. | 20 |
| 34. | Opalna topka F-400 | br. | 20 |
| 35. | Topka F 500/160 | br. | 20 |
| 36. | Stega za kabel AL2h16 | br. | 200 |
| 37. | Prigu{nik za nadvore{na monta`a 70 W | br. | 550 |
| 38. | Kabelska glava za PP00 | br. | 5 |
| 39. | Kabel PP00 4h16mm | m | 100 |
| 40. | Kabel P/F 2h1,5mm | m | 50 |
| 41. | Kabel P/f 2h2,5mm | m | 50 |
| 42. | Alkaleks kabel 1h16mm | m | 200 |
| 43. | Alkaleks kabel 2h16mm | m | 4000 |
| 44. | Alakleks kabel 4h16mm | m | 50 |
| 45. | Iwektor za natr. sijalica 250 W | br. | 20 |
| 46. | Metal halogen reflektor 400 W | br. | 10 |

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки.

Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија на јавен тендер.

**III.Електрична енергија за јавно осветлување**

Потрошувачката на електрична енергија во 2014 година, изнесува 150.379 кWh во просек месечно односно за цела година 1.804.548 кWh.

**IV.Финансирање на јавното осветлување**

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година од Програмата Ј3 и тоа:

- за потрошена електрична енергија 13.000.000,00 денари;
- за материјали за одржување на јавното осветлување и монтажа 6.000.000,00 денари;

Вкупно средства за реализација 19.000.000,00 денари.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општината.

**V.**Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2633/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ"бр.111/08, 64/09,88/10,130/10, 23/11, 53/11 и 80/12, 163/13г), и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2015 година

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2015 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување, динамика и начин на вршење на работите, обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење, и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општината ја врши ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

## II.ВИД, ОБЕМ, ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се врши:

Метење во централното градско подрачје, утврдено со ГУП, секој ден на улиците, тротоарите, плоштадот - шеталиштето, паркиралиштата од 5 до 7 часот во периодот од 1.04. до 31.10. во текот на годината (летен период) и од 6 до 8 часот во периодот од 1.11. до 31.03. во текот на годината (зимски период).

Јавните површини во останатите делови од градот ќе се метат еднаш неделно.

Во населените места, на јавна површина во центарот на населбата и влезните улици, метењето де се врши еднаш неделно, а во другите делови е од населбата еднаш месечно.

Во туристичкиот локалитет Смрдлива Вода јавната чистота во центарот на локалитетот ќе се одржува секој ден во периодот од 01.04 до 30.09 (во сезона),а во периодот од 1.10. до 31.03. (вон сезона) два пати месечно.

Одржување на јавната чистота со миење на улиците ќе се врши секој ден во летниот период на јавните површини во центарот на градот, а во зимскиот период по потреба (зависно од временските услови).

Во останатите делови од градот, како и влезните улици и центарот на населените места ќе се мијат по потреба.

Јавната чистота на јавните површини ( парковите, уличните тревници, дрворедите) ќе се врши во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба, а се планира и изградба на јавни санитарни јазли.

## III. ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД

За одржување на јавната чистота на јавните површини во градот и населените места ќе се поставаат садови-корпи за фрлање на отпадоци, како и контејнери за собирање на отпадот

## IV.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година, и истите изнесуваат **7.400.000,оо** денари.

Средствата за одржување на јавна чистота предвидени со Програмата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година, Програма Ј4.

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за одржување на јавната чистота на општина Гевгелија за 2015 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.07-2634/1 — Претседател
26.12.2014 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен весник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 и 8/10) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2015 година

### 1. Развојни приоритети

Општина Гевгелија во 2015 година ќе настојува да обезбеди поволни услови за локалниот економски развој. За таа цел активностите ќе бидат насочени кон поддршка на проекти за локалниот економски развој и енергетската ефикасност.

### 2. Цел

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни приоритети согласно постојните стратешки документи.

## 3. Проектни активности

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

Проектите и активностите се групираат во две групи:

### 3.1 Поддршка на локалниот економски развој

| Р. Бр. | Проект | Одобрени средства (мкд) | Учество на општина Гевгелија |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Центарот за регионален развој на Југоисточен плански регион | **230.000** | **230.000** |
| 2. | Реконструкција на Пионерски дом | **8.917.500** | **7.195.500** |
| 3. | Промовирање на оддржлив туризам и еколошка промоција преку партнерство | **10.691.037** | **6.150.000** |
| **ВКУПНО:** | | **19.838.537** | **13.575.500** |

### 3.2 Проекти од областа на енергетската ефикасност (во согласност со програмата за енергетска ефикасност)

| Р.Бр. | Проект | Предвидени средства (мкд) |
|---|---|---|
| 1. | Кофинансирање и имплементација на Програмата за енергетска ефикасност 2013-2015 година.<br>- Кампања заштеда на енергија;<br>- Енергетски прегледи на проекти. | **200.000** |

**4.Финансирање**

Предвидените проектни активности во оваа Програма, во вкупна вредност од **13.775.500 денари,** ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2015 година и кофинансирани од страна на домашните и меѓународните институции, агенции и фондации.

5.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07.2635/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***



В...
('...
Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија", бр. 25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија во 2015 година**

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата за туристички развој и за туристичко претставување на општина Гевгелија во 2015 година.

2. Средствата за финансирање за оваа намена се утврдени во износ од **1.000.000** денари и се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за **2015** година.

3. Средствата ќе се користат за:

| Р.Бр. | Проект | Износ |
|---|---|---|
| 1. | **Пропагандно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија** | 400.000 |
| | - Изработка на промотивен филм за Гевгелија | |
| | - Пропаганден материјал | |
| | - Флаери | |
| | - Сувенири | |
| | - Одржување на туристичка веб страна | |
| 2. | **Туристички водич** | 200.000 |
| 3. | **Активности на туристичко информативен центар** | 250.000 |
| 4. | **Организирање и учество на саемски манифестации** | 150.000 |
| | **Вкупно:** | **1.000.000** |

4. Оваа Програма ќе се реализира според динамиката на приливот на средствата од туристичката такса за привремен престој и од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година.

5. За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на општина Гевгелија.

6. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Гевгелија.

Бр. 07-2636/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи Николов с.р.***

Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМее бр.45/97,23/9945/06 и 16/04 г.) и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелијаее бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**



**I.ВОВЕД**

Интегрираното спречување и сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички,

биолошки и хемиски мерки и постапки. Тоа се превентивни и куративни мерки кои се преземаат со цел, сузбивање или намаливање на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести.

Што се однесува до ерадикацијата, редовно се преземаат мерки за намалување на животните скитници кои ги има во општина Гевгелија и истите претставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

**II. ЦЕЛИ**

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од заразни болести, штетници и животни скитници, потребно е преземање соодветни мерки и во текот на 2015 година. Со планираните активности според оваа програма, ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гевгелија.

**III.АКТИВНОСТИ**

Во 2015 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, штетници и животни скитници општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

| | **Мерки и активности** | **Место и локација** | **Планирани Средства** |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Основни училишта, детски градинки, ја општински установи и др. објекти. Дезинсекција против комарци на целата терито што ја опфаќа општина Гевгелија. | 1.500.000,оо |
| 2. | Ерадикација на животни скитници | во градот Гевгелија и населените места. | 300.000,оо |
| | **Вкупно денари : 1.800.000,оо** | | |

**IV.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелијаее.

Бр.07-2637/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За комуникација во општина Гевгелија за 2015 година**

## ВОВЕД

Општина Гевгелија, во своето работење, настојува да развие двострана комуникација со граѓаните и сите идентификувани групи од интерес на општината. За да може да се остварува редовно и навремено информирање на граѓаните и на сите идентификувани одделни групи од интерес на општината за работата и за резултатите од работата на општината активностите се предвидуваат во Годишната програма за комуникација за 2015 година. На тој начин се унапредува позитивниот имиџ на општина Гевгелија и нејзиниот транспарентен однос кон граѓаните и јавното мислење.

Основната функција на оваа програма е на системски, плански и динамичен начин да ги определи начините на пренесување на информациите за работата на единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата опфаќа и форми за унапредување на внатрешната комуникација во општината во насока на поефективно организирање на извршувањерто на секојдневните активности на вработените, како и поедноставен проток на информациите од општината кон надворешната јавност.

Оваа програма ќе послужи и како рамка за определување на основните елементи што ќе бидат потребни за изработка на подолгорочна стратегија за комуникација со јавнста.

Програмата ги дефинира општата и специфичните цели на комуникацијата, ги идентификува целните групи, ги планира активностите и ги определува алатките со кои ќе се спроведат тие активности. Програмата опфаќа и начини и инструменти за следење и оценување на нејзиното спроведување, како и мерки за постојано ажурирање и подобрување.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНИКАЦИЈА

**Општа цел:**

Оддржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

**Специфични цели:**

- Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на општината ;
- Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
- Обезбедување комуникација и распространување на информациите по мера на посебните целни групи;
- Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност, со која ќе се постигне задоволството при секојдневната работа на општинската администрација и ќе се зголеми чувството на лојалност на

секој вработен и на неговата ‘ важност’ во донесувањето на секојдневните одлуки.

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Во процесот на спроведување на Програмата за комуникација, Општина Гевгелија ќе се придржува кон следниве принципи на комуникација:

- Процесот на комуникација да биде јасен и разбирлив
- Комуникацијата да биде навремена
- Комуникацијата да биде отворена, чесна и искрена
- Информациите да бидат достапни до сите
- Комуникацијата да биде двонасочна меѓу општината и сите целни групи.

Во процесот на комуникација, општина Гевгелија истапува со слоганот-Општина Гевгелија е сервис на граѓаните, затоа да управуваме со општината заедно.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

**- Граѓаните на општина Гевгелија**

Општината редовно ќе ги информира граѓаните за своите активности со цел: да ја зголемува транспарентноста на својата работа,и да ги поттикне граѓаните за поголема вклученост во нејзината работа во сегментите каде тоа се очекува од нив (пр. за учество во процесите за донесување одлуки).

**- Урбани и месни заедници**

Да го поттикне партнерскиот однос за остварување на заеднички интереси

**- Медиуми** (локални и национални)

Општината ќе се залага за активна транпарентност преку медиумите , со тоа што постојано ќе пласира информации од секојдневните активности и случувања во општина Гевгелија, со цел граѓаните од општината и од Република Македонија да имаат постојан прилив за новостите во неа.

**- Бизнис сектор**

Општината ќе одржува постојан контакт и ќе го информира бизнис-секторот за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти за локален економски развој. Во овие контакти општината настапува со мотото-Општина Гевгелија е доверлив партнер кој работи на креирање на поволна бизнис клима. Бидете и Вие наш партнер.

**- Невработени**

Ќе се одржуваат постојани средби со невработените, како и со Подрачната единица на Агенцијата за вработување на Република Македонија за да се најдат привремени или трајни решенија за решавање на проблемот на невработеноста.

**- НВО сектор**

Општината ќе ги комуницира и информира невладините огранизации за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти од интерес за развојот на општината.

**- Општинска администрација**

Општината ќе ги унапредува формите на внатрешна комуникација меѓу вработените за засилувањето на нивната улога во застапување и прокламирање на интересите на општината.

**- Потенцијални инвеститори**

Општината редовно ќе ги информира потенцијалните инвеститори за своите активности, проекти и потреби со цел да привлече капитал за реализицијата на проекти и да придонесе за локален економсмки развој.

**- Донатори**

Општината редовно ќе ги информира меѓународните организации и донатори за своите активности, проекти и потреби со цел да стимулира поддршка за следни активности и потреби.

**- Маргинализирани групи**

Општината преку рaлични форми ќе одржува комуникација со ранливите категории граѓани како што се децата со посебни потреби, Ромите и други социјални групи за подобрување на нивниот статус, услови за живеење и остварување на основните човекови права.

**-Земјоделци**

Иако единиците на локалната самоуправа немаат директна надлежност во земјоделието, Општина Гевгелија ќе наоѓа начини за одржување комуникација и стимулирарање на земјоделското прозиводство.

**-Студенти**

Студентите како носители на идниот развој на општината, ќе бидат вклучени во отворениот ден на општината, а комуникацијата со нив ќе се одржува и преку различни форми за стимулирање во учењето.

**- Туристички организации**

Туризмот како еден од правците за развој на Општина Гевгелија налага потреба за редовна комуникација со турстичките субјекти. Печатење пропагандни материјали, промовирање туристичка веб страна која од наредната година ќе почне со работа , вклучување на традиционалните манифестации во туристичката понуди на локално и национално ниво, како и создавање на општинска асоцијација на туристички работници која е веќе формирана, ќе бидат во фокусот на интересирањето.

## АЛАТКИ И НАЧИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Општина Гевгелија ќе ги користи следните алатки и начини за комуникација:

**- Месечен весник**

„Гевгелиски Магазин", излегува еднаш во месецот, со осврт на настаните и актуелните теми организирани од Општината. Исто така обработува содржини што се од интерес на пошироката јавност.

**- Е-билтен**

Се подготвува секојдневно. Главен акцент се става на дневните настани и на актуелните случувања. Опфаќа теми од локалната самоуправа, од работата на јавните општински установи, од соработката со невладниот и бизнис-секторот и најави на значајни културни и спортски настани

**- WEB страница**

-Редовно се ажурира, со можност за интерактивна коминикација со граѓаните по проблемски прашања, но и за испитување на јавното мислење.

**- Прес конференции**

Се организираат по потреба, кога градоначалникот, лицето одговорно за комуникација со јавноста на Општината или раководителите на секторот/одделенијата имаат да соопштат одредена информација. Како и по повод оддржувањето на традиционалните манифестации и кога се прави периодичен пресек на сработеното.

**- Изјави за медиумите**

Една од најчесто користените алатки за комуникација со граѓаните преку медиумите. Изјавите се даваат кога општината има активности од различни области и по барање на медиумите, кога обработуваат теми за локалната самоуправа.

**- Соопштенија за јавноста**

Се употребува кога се пренесува кратка писмена информација со различна содржина ( известување, демант, повик, честитка... )

**- Интервјуа**

Тие спаѓаат во често употребуваните алатки, кои се користат периодично – (најчесто еднаш месечно), тематски кога се прави сублимат на одредена материја. Интервјуа се прават и локалните и националните медиуми.

**- Посети на новинари**

-Кога се започнува или завршува некој капитален проект, Општината и Градоначалникот практикуваат организирање посета на новинари. Со обезбеден превоз се посетува локацијата и се информира за суштината на проектот/активноста.

**- Брифинзи за новинарите**

Ова е поретко користена алатка за комуникација, главно, поради малиот број новинари и дописници во општината, но, изминатиот период повеќе се практикуваше, со брифирање на дописниците од општините Струмица и Велес, поради можноста да се даваат насоки за теми интересни за јавноста.

**- Огласи (рекламни спотови)**

Ова е платен дел на локалните медиуми, во кој се емитуваат огласи поврзани со јавните набавки, лицитации на земјиште и сл.

**- Снимка од седница**

Седниците на Советот на општината се снимаат и се емитуваат на локалната телевизија (со која е склучен договор). Ова помага за поголема транспарентност во работата на Советот и подобро информирање на граѓаните за неговата работа. Оваа година се планира директно пренесување на седниците и домодернизирање на системот за аудио снимање во рамките на салата за одржување на седници на Советот.

**- Публикации**

Се изработуваат по одредени тематски содржини кои помагаат во профилирањето и промовирањето на општината во пошироката јавност. Публикациите како печатен материјал претставуваат траен документ сработен за манифестации и активности организирани од Општината.

**- Флаери/брошури**

-Се изработуваат по потреба: тематски, за промовирање на Општината за туристички, културни, стопански и др. Цели. Исто така се изработуваат за потребите на медиумски кампањи сврзани со одредени акции ( пр. За поголема наплата на општинските даноци, за Системот 48, за легализација на дивоградбите, за евиденција на дивоградби и сл.)

**-Настани**

Се организираат за комуникација со специфични целни групи (пензионери, невладини организации, невработени, деца со посебни потреби, бизнис-сектор и др.). Притоа се пренесуваат ставови на општината и градоначалникот и се прибираат мислења од специфичните целни групи.

-**Огласна табла**

На огласната табла се објавуваат направените интервенции во урбанистички планови, преземени соопштенија од министерсвата и владата

кои се однесуваат за територијата на Општина Гевгелија, како и интерни соопштенија за вработените од општинската администрација.

**Средства и начини за унапредување на имиџот и идентитетот на општина Гевгелија**

Посебна грижа во рамките на програмата за комуникација ќе се посвети на унапредувањето на имиџот и идентитетот на општина Гевгелија и тоа како пред локалната, така и пред пошироката јавност.

За оваа цел ќе се користат следниве средства и начини:

-Промоција на веб страната „Гевгелија-турист инфо“;

- редовно користење на симболите на општината како средства за идентификација
- настојување, секогаш кога е можно, за време на јавните настапи на претставници на општината да се гледаат и симболите на општината
- изработка на општински знамиња, како големи, така и за на маса

## АКТИВНОСТИ

1.Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на општината

2.Поттикнување на граѓаните за учество во крирањето на буџетот

3. Одржување на пилот проектот - „Ден на отворена општина“

4. Поттикнување на поголема вклученост на граѓаните во донесување на стратешки документи

5. Поттикнување на поголемо учество на граѓаните на манифестациите од заеднички интерес

6. Подигање на свеста и информирање на граѓаните за даночните обврски кон општината

7. Одржување информативни средби со посебни целни групи

8. Информирање на граѓаните за законската регулатива за градење во насока на спречување на нелегална градба

9. Подигање на капацитетот за комуницирање

10. Редовно информирање на јавноста за случувањата во општината

## КРИЗНА КОМУНИКАЦИЈА

Кога редовната комуникација е оневозможена од какви и да е причини и се создаваат вонредни услови, настапува комуникација во услови на криза. Ваквата настаната состојба ја проценува градоначалникот, кој во услови на кризна ситуација ја координира комуникацијата со јавноста.

## РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмата ќе се користат сите расположливи ресурси што и досега се користат.

Сепак, за одредени активности во насока на унапредување на досегашната комуникација потребно е да се алоцираат и дополнителни ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| | Активност | Трошоци/денари |
|---|---|---|
| 1 | Редизајнирање на веб-страницата на Општина Гевгелија , ажурирање и закуп на интернет простор | 350.000 |
| 2 | Поставување на електронски банер | 500.000 |
| 3 | Набавка на дневни и неделни весници,електронски изданија | 300.000 |
| 4 | Печатење на Гевгелиски магазин, печатење и издавање на публикации | 650.000 |
| 5 | Пренос на седници на Советот, ТВ емисии и реклами | 900.000 |
| 6 | Огласи, објави, закуп на печатен и електронски простор | 800.000 |
| 7 | Медиумска промоција на општината | 318.000 |
| | Вкупно | 3.818.000 |

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, а под раководство на градоначалникот на општината.

## МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ

Остварувањето на програмата ќе се следи секојдневно, како што се спроведуваат планираните активности.

Оценувањето на спроведувањето ќе се прави редовно, најмалку еднаш месечно.

Ќе се спроведува квалитативно и квантитативно мерење на резултатите, според индикаторите од планот за спроведување на активностите.

По потреба, програмата ќе се ажурира, а во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Бр.07-2638/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 11 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и 11/05) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За социјална заштита за потребите на граѓаните на општина Гевгелија за 2015 година**

**I. ВОВЕД**

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија е Законот за социјалната заштита. Според овој закон, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, согласно со Националната програма за развој на социјалната заштита, ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.

Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување на социјалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и децата без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, согласно со одредбите од овој закон.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита.

**II. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Социјалната заштита, како организирана дејност од страна на државата и локалната самоуправа, која има за цел да се спречат и надминат основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот, најчесто ги третира следниве ризици:

- Ризици по здравје ( болест, повреда и инвалидност )
- Ризици од старост и стареење
- Ризици на кои се изложени еднородителските семејства
- Ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично
- Ризици од сиромаштија и ризиците од друг вид на социјална исклученост.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.

**III. АНАЛИЗА НА ФАКТОРИТЕ БИТНИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА СЛИКА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

1. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Подрачјето на општина Гевгелија зафаќа површина од 485 км2 со населеност од 47 лица на 1 км2. Општината има 22.988 жители од кои 97 % се од македонската национална припадност.

На подрачјето на општина Гевгелија функционираат следните институции од областа на социјална заштита:

- Регионален центар за социјална работа Гевгелија (општина Гевгелија, Богданци, и Дојран ) – Министерство за труд и социјална политика.
- Центар за ментално здравје Гевгелија - Министертсво за здравство.
- Дневен Центар за деца со посебни потреби - Министерство за труд и социјална политика.
- Центарот за превенција и третман од зависности од дрога-Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика.

2. ПОДАТОЦИ КОИ ЈА ДЕФИНИРААТ СОЦИЈАЛНАТА СЛИКА ВО ОПШТИНАТА

| **Социјалната слика на општина Гевгелија во март 2011 година** | **Социјална слика на општина Гевгелија во ноември 2014 година** |
|---|---|
| **43 корисници на постојана парична помош,** | **42 корисници на постојана парична помош,** |
| **323 корисници на паричен надоместок за нега и помош од друго лице;** | **371 корисници на паричен надоместок за нега и помош од друго лице;** |
| **3 деца згрижени во социјални установи;** | **4 деца згрижени во социјални установи;** |
| **евидентирани лица со посебни потреби има над 195;** | **62 евидентирани лица со посебни потреби;** |
| **8 малолетни лица под старателство и 16 полнолетни лица;** | **2 малолетни лица под старателство и 20 полнолетни лица;** |
| **72 активни корисници на дрога кои се вклучени во метадонски третман ( бројка од Центар за ментално здравје );** | **50 активни корисници на дрога кои се вклучени во метадонски третман ( бројка од Центар за ментално здравје );** |
| **82 корисника на социјална парична помош;** | **90 корисника на социјална парична помош;** |
| **30 случаи - пријави на семејно насилство врз жени и деца.;** | **17 случаи - пријави на семејно насилство врз жени и деца.;** |
| | **69 корисника на додаток за мобилност и слепило** |
| | **32 корисника на додаток за глувост** |

***SWOT АНАЛИЗА***

| **Јаки Страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Човечки ресурси (образовни профили од областите социјална работа, социологија, психологија, педагогија и медицина);<br>- Релативно мал број на лица корисници на правото на социјална помош;<br>- Потенцијални објекти кои со преадаптација би се користеле за реализирање на програми од социјалната заштита;<br>- Владини институции од областа на социјална заштита;<br>- Висока покриеност со инсталации на домаќинства (водовод, струја, канализација ). | - Недостиг на финансиски средства;<br>- Немање доволно проекти;<br>- Недоволна техничка и кадровска опременост на државните институции (возило, стручен персонал);<br>- Мал процент на средства од државниот буџет за програми и проекти;<br>- Незаинтересираност и немотивираност за волонтерска работа. |
| **Можности** | **Закани** |
| - Меѓуопштинска соработка на ова поле; | - Појава на облици на негативна култура (болести |

| | |
|---|---|
| - Активни здруженија, НВО од областа на социјалната заштита<br>- Формирање на call центри;<br>- Прекугранична соработка и користење на нивни средства<br>- Соработка со меѓународни НВО и соработка на институциите од областа на социјалата;<br>- Отворање на нови капацитети кои би ги намалиле социјалните тензии преку вработувањето;<br>- Редифинирање на односот на централната и локалната власт;<br>- Воведување модерни софтверски ( ИТ) решенија за евиденција на лица изложени на социјалнен ризик;<br>- Интернационални организации и фондации кои донираат средства за социјални проекти. | на агресивност, негација, некритичност);<br>- Голем процент на средства од државниот буџет се користат за директни парични плаќања;<br>- Појава на питачење (питачи од други градови) поради зголемениот број на шопинг туристи од соседна Грција;<br>- Зголемување на бројот на сиромашно население во државата. |

## IV. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

Согласно претходно нарравените анализи утврдени се следните приоритетни цели:

1. Унапредување на превенцијата,
2.Остварување на социјална заштита на лица изложени на социјален ризик,
3. Оствауавње на социјална заштита на лица со посебни потреби,
4.Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1**
**<u>Унапредување на превенцијата</u>**

**ЦЕЛ**

- Унапредување на превенцијата преку развивање на соработката помеѓу релевантните институции на локално ниво

**АКТИВНОСТИ**

1. **Формирање на Локален Совет за социјална превенција на општина Гевгелија.**

Со цел унапредување на превенцијата, Советот на општината ќе формира Локален Совет за социјална превенција, во кој по еден претставник ќе имаат: општина Гевгелија, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија, општинските основни училишта, средното општинско училиште, Полициската станица Гевгелија, Здравствениот дом Гевгелија и Центарот за јавно здравје Гевгелија;

2. **Обезбедување на услови за функционирање на Локалниот Совет за социјална превенција;**

По формирање на Локалниот Совет за социјална превенција, општината ќе обезбеди услови за одржување на средби, односно ќе обезбеди стручна и техничка помош во неговата работа.

3. **Поддршка на меѓуопштинското работно тело за социјална заштита.**

Меѓуопштинското работно тело кое ги опфаќа општините Гевгелија и Дојран има потреба од организирање на постојани средби заради задржување на континуитетот на работа како и поради градење на социјалните политики на

локално и микрорегионално ниво. Поради тоа, неопходни се одржување на средби кои можат да бидат организирани во Гевгелија, Дојран или на било кое други место со цел договарање на активностите, градење на заедничка социјална локална политика и евалвација на реализираните активности.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015 година
**Потребни средства:** 15.000,00 днари.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 2**
**Остварување на социјална заштита на лица изложени на социјален ризик**

**ЦЕЛ**
- Подобрување на квалитетот на живот на населението, а особено на оние лица кои се со загрозена материјална состојба и на кои им е потребна социјална помош.

**АКТИВНОСТИ**
**1. Еднократна парична помош за физички лица**
Општина Гевгелија, како и во изминатите години, ќе продолжи со финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална ситуација а тука спаѓаат лица со ниски прамања или приматели на социјална помош.
Во оваа категорија ќе бидат земени во предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи како и лица неспособни за работа.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 150.000,00 денари.

**2. Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДГ Детска радост Гевгелија**
Оваа активност се однесува на деца кои потекнуваат од семејства кои се приматели на социјална парична помош, односно семејства со ниски примања. Средствата ќе се исплаќаат врз основа на податоци кои месечно ќе ги доставува ЈОУДГ Детска радост Гевгелија.

**Извор на средства:**
Буџетот на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 150.000,00 денари.

**3. Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од семејства корисници на социјална помош, еднородителски семејства и штитениците на Дневниот центар за деца со посебни потреби.**
За децата – жители на Општина Гевгелија, кои потекнуваат од семејства кои се приматели на социјална парична помош или од родителски семејства, како и децата кои го посетуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби, општината секоја година доделува новогодишни пакетчиња.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 20.000,00 денари.

**4. Доделување на огревно дрво на лица кои се корисници на право на социјална помош**

Оваа активност се однесува на лица кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија. Дрвата за огрев ќе се доделат по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа- Гевгелија.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 80.000,00 денари.

**5. Доделување на „Велигденските пакет" на лица кои се корисници на право социјална помош.**

И оваа активност, како претходната, се однесува на лица кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија. Истата ќе се реализира по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа- Гевгелија.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 25.000,00 денари.

**6. Субвенционирање на потрошувачката на комунални услуги-испорака на вода за пиење, канализација (одведување на урбани отпадни води) и погребални дејности.**

Оваа активност се однесува на домаќинства кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги-испорака на вода за пиење, канализација (одведување на урбани отпадни води) и погребални дејности, издадена од давателот на услуга-ЈПКД „Комуналец" Гевгелија, доколку:

-остварува право на социјална парична помош, согласно Законот за социјалната заштита,

-редовно ги плаќа сметките за потрошената вода и другите комунални услуги,

-потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 450.000,00 денари.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 3**
**<u>Остваруавње на социјална заштита на лица со посебни потреби</u>**

**ЦЕЛ**

- Подобрување на квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби;
- Побрза социјализација и поголема вклученост на оваа група во јавниот – социјален живот.

**АКТИВНОСТИ**

**1. Субвенционирање на превоз на одредени категории лица со посебни потреби во општинскиот линиски превоз на патници.**

Субвенционирањето на превоз во општинскиот линиски превоз на патници ќе се врши за лица со посебни потреби во општина Гевгелија и тоа:

- Лица со интелектуална попреченост,
- Телесно инвалидизирани лица,
- Лица со оштетен вид,
- Лица со оштетен слух,
- Инвалиди на трудот,
- Бубрежно болни лица,
- Инвалидски пензионери,
- Воени инвалиди.

За лицата со 100% инвалидитет ќе се субвенционира и превоз за неговиот придружник.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 360.000,00 денари.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 4**

**Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции**

**ЦЕЛ**

- Намалување на бројот на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции,
- Намалување на штетните последици од злоупотребата на дроги,
- Ресоцијализација на лицата корисници на дроги.

**АКТИВНОСТИ**

- Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции,
- Едукативни работилници за семејствата на зависници од дроги,
- Едукативни работилници за лица вклучени во метадонски третман.

Овие активности ќе бидат реализирани во соработка со невладиниот сектор од општината.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:** 50.000,00 денари.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

**1. Еднократна парична помош на новородено дете**

Општина Гевгелија ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца, чии родители се со постојано живеалиште во Општина Гевгелија, во износ од 6.000,00 денари.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:

- лична карта на родителите,
- извод од матична книга на родените (за новороденчето)
- број на трансакциска сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови, туку општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2015
**Потребни средства:**
1.000.000,00 денари.

**V. БУЏЕТ**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на општина Гевгелија 2015 година, а во вкупен износ од 2.300.000,00 денари.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр. 07-2639/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 9 и 29 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за остварување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува остварување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Валандово, формата на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на општина Гевгелија за општина Валандово.

**Член 3**

Работите кои општина Гевгелија ќе ги врши за општина Валандово се од областа на заштитата на животната средина (записници, решенија, заклучоци и друга преписка) на овластениот инспектор за животна средина.

**Член 4**

За вршење на работите од членот 3 на оваа одлука општина Гевгелија со општина Валандово ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи.

Договорот ќе го склучат Градоначалниците на двете општини.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2651/1 Претседател
26.12.2014 год. на Советот општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување и финансирање на Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија за 2015 година со програма**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува и финансира Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии за 2015 година со програма

**Член 2**

Програмата,составен дел на оваа одлука, ќе се финансира од основниот Буџет на општина Гевгелија за 2015 година во износ од 1.998.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2647/1 Претседател
26.12.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 38 став 1, точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапување кон реализација на регионален проект под наслов "Подобрување на условите за квалитетен живот и безбедност на граѓаните од населените места низ кој поминуват патиштата А4, Р1 105 и Р1 102 во ЈИПР" и за сопствено учество на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Гевглија пристапува кон реализација на регионален проект под наслов "Подобрување на условите за квалитетен живот и безбедност на граѓаните од населените места низ кој поминуват патиштата А4, Р1 105 и Р1 102 во Југоисточниот плански регион".

**Член 2**

Во рамките на реализација на Проктот од член 1 на оваа Одлука, во општина Гевгелија ќе се гради пешачка патека од Негорски бањи до населено место Негорци.

**Член 3**

Вредноста на Проектот од член 2 на оваа Одлука изнесува 5.357.213 денари, а ќе се реализира со заедничко финансирање од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, како носител на проектот со срдства одобрени преку Бирото за ргионален развој и средства на општина Гевгелија, како партнер во проектот.

**Член 4**

Учество на општина Гевгелија во реализација на Проктот изнесува 3.857.213 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година..

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2654/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) и Одлуката за превземање на основачките права и утврдување како Општинска јавна установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
### за усвојување и финансирање на Буџет на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2015 година со буџет

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува и финансира Буџетот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2015 година.

**Член 2**

Буџетот, составен дел на оваа одлука,ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година во износ од 3.000.000,00 денари.



**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2648/1 Претседател
26.12.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги-Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08, 33/10, 116/10,156/10,18/11,,51/11,6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2015 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2640/1 Претседател
26.12.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10, 18/11,51/11,6/12,100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2015 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2015 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-489/3 од 18.12.2014 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2641/1 Претседател
26.12.2014 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10, 18/11,51/11,6/12,100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за 2015 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за 2015 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-128 од 25.11.2014 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2644/1 — Претседател
26.12.2014 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10, 18/11,51/11,6/12,100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за 2015 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за 2015 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-300/2 од 24.11.2014 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2642/1 — Претседател
26.12.2014 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10, 18/11,51/11,6/12,100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски" Миравци за 2015 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски" Миравци за 2015 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-258/1 од 24.11.2014 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2643/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 89а став 1 алинеа 3 од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, , 33/10,116/10, 156/10, 18/11,51/11,6/12,100/12 и 24/13 год год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2015 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2015 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-1231/1 од 4.12.2014 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2645/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 98 став 1 алинеа 2 од Законот за заштина на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансов план- буџет на ЈОУДГ "Детска Радост"Гевгелија за 2015 година**

1.Се усвојува Финансовиот план- буџет на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2646/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 12 од Законот за комуналните дејности („Сл.Весник на РМ“ бр.95/12), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за комунален ред на општина Гевгелија

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат односите и начинот на вршење комуналните дејности меѓу давателите и корисниците на услугите на подрачјето на општина Гевгелија и мерките за нејзино спроведување.

**Член 2**

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комунални дејности меѓу давателите на услугите и корисниците на услугите во следните комунални дејности:

1.Собирање и транспортирање на комунален отпад
и други видови на неопасен отпад;
2.Одржување на јавна чистота во градски и други населби;
3.Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини;
4.Одржување и користење на јавен простор за паркирање;
5.Одржување и користење на пазари на големо и мало;
6.Вршење на оџачарски услуги;
7.Одржување на комунални уреди;
8.Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, хаварисани возила, земјоделски машини со приклучни и без приклучни орадија;
9.Ерадикација на животните - скитници;
10.Украсување на населените места;
11.Одржување на јавни санитарни јазли;
12.Аерозапрашување, дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
13.Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина и пчелни семејства во урбани средини;
14,.Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини;

**Член 3**

Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:
- јавни сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, надвозници, подвозници, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и слични површини);
- јавни зелени површини (паркови, парк-шуми, дрвореди, живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените објекти и покрај јавните објекти, спортско рекреативните и водни површини и други слични површини).
Одредбите на оваа Одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа одлука.

**Член 4**

Комуналните дејности од член 2 на оваа Одлука ги вршат јавните претпријатија основани од општина Гевгелија.

Вршењето на комуналните дејности, општината може да го довери на правни и физички лица кои поседуваат дозвола за вршење на соодветната дејност, согласно условите утврдени во посебен закон. (во понатамошниот текст: даватели на услуги).

Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

Корисници на услугите во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски физички и правни лица кои ги користат услугите, објектите, опремата и површините во сферата на комуналните дејности на подрачјето на општина Гевгелија..

Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите од оваа Одлука заради непречено и функционално вршење на овие дејности кои се од јавен интерес.

1.СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД И ДРУГИ ВИДОВИ НЕОПАСЕН ОТПАД

1.1. Собирање и транспортирање на комунален отпад

**Член 5**

Под Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад се подразбира селектирање, собирање, транспортирање и обработка на комуналениот отпад од населението и индустријата, негова рециклажа и преработка, депонирање на уредени депонии, како и одржување на депониите.

**Член 6**

Комунален отпад е отпадот што се создава во секојдневниот живот и работа во станбени, дворни, деловни и други простории и површини и тоа: куќни отпадоци од различни видови, отпадоци од храна, градинарски, овошни и други земјоделски култури, хартија, картонска амбалажа, крпи, разни дрвени, метални стаклени, порцелански, кожни, пластични и гумени предмети и на нив слични нештетни отпадоци.

Комунален отпад е неопасниот отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата. Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности, кои според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

**Член 7**

Преработка на отпадот се операциите утврдени со Законот за управување со отпадот, кои имаат за цел да се искористат употребливите материи и состојки на отпадот, а притоа ги опфаќаат постапките за повторно користење на отпадот, за рециклирање и за користење на отпадот како извор на енергија, исклучувајќи го горењето на отпадот заради негово дефинитивно одстранување.

**Член 8**

Отстранување на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот што не може повторно да биде употребен или преработен, а притоа не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

**Член 9**

Рециклирање на отпадот е добивање супстанции од отпадот (секундарни суровини) и нивно користење како замена за примарните суровини или користење на својствата на супстанциите содржани во отпадот за нивната првична намена или за други намени, вклучувајќи го директното користење на енергијата на отпадот.

Собирање на отпадот е збир од организирани дејности коишто опфаќаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

Складирање на отпадот е организирана дејност за складирање на создадениот отпад во објекти коишто ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена за период пократок од три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, или за период пократок од една година, доколку отпадот е наменет за отстранување.

**Член 10**

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот.

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот на следните категории:

1.амбалажен отпад (хартија, пластика, стакло, дрво и слично );

2. Отпад од дворни места ( цвеќе , трева , листови од дрвја , пилевина , гранки и слично ),

3. Отпадот настанат од делови на расипани апарати за домаќинствата , кујнски прибори , санитарни уреди и слично ;

4. Останатиот отпад од домаќинствата.

**Член 11**

Селектираниот отпад се остава на посебните места за собирање односно во посебни садови кои се поставуваат на јавните површини во формирани зелени острови за поставување на садовите за секој вид отпад .

Останатиот отпад од домаќинствата се става во вреќи или во посебни садови за тој отпад и се остава на местата за собирање и селектирање на комуналиот отпад

Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата за собирање на опасниот дел од комуналниот отпад определени од општината.

**Член 12**

На подрачјето на општина Гевгелија комуналиот отпад се собира и транспортира организирано.

Сопствениците на зградите, становите, и деловните простории, закупците и другите корисници на станбените и деловните простории (во натамошниот текст: создавачи и поседувачи на отпадот) имаат обврска задолжително да ги користат услугите за отстранување на комуналниот отпад на начин и под услови утврдени со оваа Одлука и другите прописи кои ги уредуваат овие односи.

**Член 13**

Отпадот од дворните места се собира во посебни садови за отпад и се оставаат пред влезовите на станбените, односно деловните објекти или до контејнерите за собирање на отпадот од домаќинствата.

.

**Член 14**

Отпадот од домаќинствата треба да се собира само во типизирани садови (канти).

Во кантите не смее да се става жар,жешка пепел, течности, мртви животни и слично.

Кантите за собирање на отпадот од домаќинствата ги набавуваат на свој трошок создавачите на отпадот.

**Член 15**

Кантите за секое семејство, се ставаат во дворните места. Отпадот се подига во деновите и времето што ќе го одреди јавното претпријатие за комунални дејности или друго правно или физичко лице кое е овластено за вршење на дејноста на собирање и транспортирање на отпадот.

Се забранува создавачите на отпад од индивидуалните згради, отпадот да го депонираат во контејнерите поставени кај колективните згради или кај институциите.

**Член 16**

Отпадот од колективните згради се собира и во посебни садови за отпад - контејнери.

Во контејнерите не смее да се фрла жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

**Член 17**

Зградите од кои отпадот од домаќинствата се става во контејнери мораат да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број за да ги задоволи потребите на домаќинствата.

Бројот и видот на садовите за отпад за секоја поодделна зграда го одредува јавното претпријатие за комунални дејности или правното и физичко лице кое е овластено за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 18**

Садовите за отпадот од домаќинствата ги набавува правното или физичкото лице кое е овластено за собирање на отпадот на трошок на корисниците на услугата.

Собирачот на отпадот е должен да ги пере, и дезинфицира контејнерите најмалку два пати годишно, и да ги одржува во исправна состојба а за кантите тоа да го врши корисникот.

Местата околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредна состојба за кои се должни да се грижат собирачите на отпадот.

**Член 19**

Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад така да не се растура и да не го валка просторот околу садот.

Кантите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

Забрането е изнесување и вадење на отпад од кантите и контејнерите.

При ставањето на отпадот од домаќинствата создавачот на отпадот е должен волуменски да го намали отпадот.

Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 20**

Отпадот од домаќинствата во Општина Гевгелија организирано се собира најмалку еднаш неделно.

Кабастиот отпад (делови од мебел, душеци, дрвена амбалажа, пластични гајби, автомобилски гуми и слично) се изнесува еднаш месечно во термини определени од давателот на услугата..

**Член 21**

Собирачот на отпадот е должен при собирањето и транспортот на отпадот да внимава отпадот да не се растура , да не се крева прав, да не се оштетуваат садовите, како и да не се валкаат и оштетуваат површините за сместување на отпадот.

Ако при утовар и истовар во возилото дојде до растурање на отпадот, собирачот на отпадот е должен истиот веднаш да го исчисти, а садовите да ги врати на местото определено за нив и да ги затвори капаците на кантите и контејнерите.

**Член 22**.

Јавното претпријатие за комунални дејности основано од страна на Советот на општина Гевгелија управува и се грижи за уредување и одржување на депонијата за комунален отпад, а особено е должен:

- да го огради просторот на депонијата и да обезбеди контролирано влегување и излегување на возилата при депонирањето на отпадот;
- да обезбеди уреди и објекти за лична хигиена на работниците и миење и дезинфекција на возилата;
- да го спречи ширењето на миризбата и нечистотијата;
- површините што се покриени со отпад да ги покрие со земја во слој најмалку од 30 - 50 сантиметри;
- да не дозволи палење оган и горење на отпадот во депонијата;
- да презема санитарно хигиенски и ветеринарни мерки за спречување на размножувањето на инсекти и стаорци.

**Член 23**

Се забранува:

1.Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад или специјалните вреќи за отпад;

2.Фрлање и складирање на медицински отпад како и други отпадоци кои не се сметаат за комунален отпад во контејнерите и кантите за отпад.

3.Фрлање во контејнерите жар и други запалени материјали, вода, киселина, моторни и разни други масла и други штетни и опасни материи;

4.Поставување и преместување на контејнерите и кантите за отпадоци надвор од определените локации;

5.Пребарување на отпад во корпите, кантите и контејнерите од страна на физички лица;

6.Палење на отпадот во кантите и контејнерите;

7.Собирањето и транспортирањето на отпадот да се врши со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;

8.Собирање и транспортирање на комунален отпад без поседување на дозвола;

9.Истурање и фрлање на отпад во канализаци-оните и во другите инфраструктурни системи и објекти;

10.Горење на отпад и согорување на отпад без дозвола

<u>1.2.Депонирање на индустриски отпад и штетни материи</u>

**Член 24**

Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

**Член 25**

Создавачите на индустрискиот и комерцијалниот отпад должни се да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпадот со давателот на услугата на територијата на општина Гевгелија.

Со индустрискиот неопасен отпад се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот.

**Член 26**

Забрането е:

- предавање на индустрискиот отпад на правно или физичко лице кое не поседува дозвола за собирање и транспортирање на отпад согласно Законот;
- истурање или фрлање на индустрискиот отпад кој содржи штетни материи во водите, почвата, во садови кои не се предвидени за собирање на таков вид отпад, во канализационите и другите инфраструктурни системи и објекти;
- собирањето и транспортирањето на индустрискиот отпад со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;

1.3. Депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи

**Член 27**

Под депонирање на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи утврдени со Закон а кои немаат својство на комунален отпад се подразбира собирање, транспортирање и депонирање на овие отпадоци на уредени депонии, како и одржување на депониите.

**Член 28**

Отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи се:
градежен материјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок, кал, камења, тули, ќерамички отпадоци и слично.

Отпадоците од став 1 на овој член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини. Создавачите на отпадоците од став 1 на овој член се должи да го отстрануваат односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

**Член 29**

Со отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот што се однесуваат за инертниот отпад.

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци кои немаат својство на комунален отпад, се должни сами да го собираат и да го транспортираат отпадот на местата определени од општината или истите да ги предадат на овластени правни и физички лица кои собираат и транспортираат отпад.

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци кои немаат својство на комунален отпад должни се да поседуваат доказ дека отпадоците што се создаваат со изведувањето на градежните работи го предале на начин утврден во став 2 на овој член.

**Член 30**

Посебно уредените депонии, односно определените места ги одржува и со нив управува Јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината или правно или физичко лице кое од страна на Општината е овластено за вршење на истата дејност.

**Член 31**

Се забранува транспортирањето на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни транспортрни возила што би предизвикало истурање на истиот на сообраќајните
површини.

Забрането е оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини, јавно сообраќајните површини, неизградено градежно земјиште, во и покрај водните површини и слично.

2.ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

**Член 32**

Одржување на јавната чистота е чистење (миење и метење) и одржување на јавни и сообраќајни површини и чистење на снегот во зимски услови.

Под јавни и сообраќајни површини во урбаните средини се подразбираат:

- улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта на кои не се наплатува надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај;

- детски игралишта, отворени игралишта за мали спортови и јавни санитарни објекти;

- бензински и такси станици, автобуски станици, стојалишта и свртувалишта во градскиот, приградскиот и општинскиот превоз на патници, јавни телефонски говорници, отворени простори на јавни објекти, паркиралишта на кои се наплаќа надомест, паркови, парк-шуми, улични тревници, пазари, магацини и складишта на отворен простор, спортско - рекреативни терени (стадиони, тениски игралишта, стрелишта и слично), отворени простори на хотелските, туристичките и спортско - рекреативните објекти, патишта, проточни и суви канали, речни брегови и корита во урбаните средини.

**Член 33**

Одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини од оваа Одлука го врши јавното претпријатие основано од општината или правно и физичко лице согласно со закон.

Сопствениците, односно корисниците на станови и станбени објекти, на објекти на правни и физички лица за вршење на дејност, земјиштето што им припаѓа за употреба на тие објекти, како и сопствениците, односно корисниците на неизградено градежно земјиште во урбаните средини, се должни да ја одржуваат чистотата во тие објекти.

**Член 34**

Јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината должно е за одржување на улиците и тротоарите во зимски услови и тоа чистење на снегот од тротоарите и плоштадите, правење пешачки патеки, а по потреба машинско и рачно посипување на сол во соработка со Одделението за комунални работи и локални патишта на општина Гевгелија..

Отстранувањето на снегот и ледот од тротоарите пред зградите и деловните простории го вршат сопствениците на зградите, односно сопствениците и корисниците на становите и деловните простории.

**Член 35**

Јавните површини се користат во согласност со нивната намена.

Јавните површини треба да се одржуваат така да бидат уредни и чисти за да служат за целта за кои се наменети.

**Член 36**

Одржувањето на чистотата на јавните и сообраќајните површини се врши според годишна програма што ја изготвува давателот на услугата а ја донесува Советот на општината најдоцна до 31 декември за наредната година.

**Член 37**

Во оправдани случаи, поради зголемено загадување на јавните и сообраќајните површини, поради временски непогоди, реконструкции и слично, комуналниот инспектор може да определи чистење на јавните и собраќајните површини и надвор од донесената Програма од претходниот член.

**Член 38**

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасадите на станбените и деловните објекти како и за слични градежни работи може повремено да се користат јавните и сообраќајните површини или неизградено градежно земјиште само со одобрение издадено од страна на Одделението за комунални работи, патишта и улици на општина Гевгелија..

Во одобрението од претходниот став треба да се утврдат условите и начинот на истовар, утовар, или оставање на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот материјал и надоместокот за користење на јавната или сообраќајната површина.

При извршувањето на работите од став 1 на овој член пред нивното започнување мора да се осигура проодноста на тротоарите и улиците, јавните и сообраќајните површини кои се зафаќаат мора да се оградат со ограда која треба прописно да се означи и осветли и материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

**Член 39**

Изведувачот на градежните работи мора да обезбеди земјата да не се растура по јавната површина при ископот на темели и слично.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со водорамни и вертикални заштитници.

По завршувањето на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи должен е да ги отстрани скелето и другиот градежен материјал од јавните површини и истите да ги доведе во првобитна состојба.

**Член 40**

Покрај дрворедите не смее да се остава песок, чакал или друг градежен материјал.

**Член 41**

Изведувачот на градежните работи најкасно 24 часа по завршувањето на работите мора да го отстрани целиот градежен материјал и опремата и да го извести одделението за комунални работи, патишта и улици на општина Гевгелија дека одобрената јавна површина веќе не му е потребна за користење.

**Член 42**

Во текот на извршувањето на градежните работи изведувачот е должен:

- да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков вид градежен и друг материјал, кал и слично кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;

- при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што се руши да ги полива со вода заради спречување на ширење на прашината;

- сливниците за атмосферските води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да ги чисти;

- да го транспортира градежниот материјал до и од градилиштето на начин што нема да го спречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и да го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

**Член 43**

На јавните и сообраќајни површини не е дозволено, односно забрането е:

- фрлање и оставање на хартија, опушоци, амбалажа, земја, песок, шут, отпадоци од градежен материјал и други отпадоци освен на местата определени за таа намена;
- запалување, уништување и закопување на комунален цврст и технолошки отпад;
- излевање и пуштање на отпадни води и други течности;
- уништување на огради, клупи, натписи, садови и корпи за отпадоци и слично;
- миење на автомобили и други превозни средства како и разни други машини;
- сечење, цепење и кршење на дрва и јаглен;
- паркирање на возила надвор од определените места за таа цел, утовар и истовар од возилата, особено на места каде што се наоѓаат улични хидранти, шахти и сливници;
- колење на ситен и крупен добиток, живина и други животни;
- фрлање на пцовисани животни;
- перење на килими, теписи, постелнина и други материјали на јавните површини утврдени со закон, како и на балконите и терасите на индивидуалните и колективните станбени објекти, деловни објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата;
- варење на ракија, приготвување зимница и слично;
- поправање или сервисирање на возила (замена на масло или механички поправки) и вршење на други занаетчиски работи;
- мешање на бетон, малтер и други слични материјали, освен во посебни случаи за кои треба да се има одобрение од надлежниот орган на општината;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од моторни возила;
- оставање на нерегистрирани хаварисани возила, приколки и камп - приколки;
- растурање на отпадоци од вреќи, контејнери и корпи;
- поставување контејнери за отпадоци, канти и слично надвор од определеното место за таа цел;
- цртање и пишување на разни цртежи, графики и текстови без одобрение од надлежниот орган на општината;
- вршење на физиолошки потреби надвор од објектите за таа намена;
- пишување на графити на фасадите од објектите, оградите и урбаната опрема;
- истегнување на градежно железо;
- истекување на фекални води од фарми и депонирање и оставање на шталско ѓубре.

**Член 44**

Во населените места на подрачјето на општина во кои не е изградена канализација за отпадни води, отпадните води, односно фекалиите се испуштаат задолжително во септички јами.

Септичките јами не смеат да бидат отворени, треба да се бетонирани од горната страна и добро заштитени.Септичките јами треба да бидат оддалечени од станбените и деловните простории, односно објекти на соседите најмалку 10 метри, а од водоснабдителните објекти најмалку 15 метри.

Доколку површината на просторот на дворните места е помала и не можат да се исполнат условите од претходниот став, септичките јами можат да бидат и на помало растојание оддалечени од објектите на соседите кое не може да биде помало од 6 метри .

Септичките јами треба редовно и хигиенски да се одржуваат.

Септичките јами не смеат да се празнат на јавните и сообраќајните површини, ниту во отворените канали за истек на атмосферските води.

**Член 45**

Во населените места на подрачјето на општина Гевгелија, надворешни клозети можат да бидат изградени во дворните места, според пропишаните санитарно- хигиенски услови приклучени во канализациона мрежа или септичка јама, кои неможат да бидат на одалеченост помала од 6 метри од станбените и деловни простории на соседот, и истите редовно да се одржуваат чисти, да се варосуваат и дезинфицираат.

**Член 46**

Чистењето на септичките јами и полските клозети треба да го врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од општината или правно или физичко лице овластено од општината со специјални возила - цистерни при што претходно се обезбедуваат санитарно - хигиенски мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши дезинфекција на теренот околу септичката јама и полскиот клозет.

3.ОДРЖУВАЊЕ ЧИСТЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ ЗЕЛЕНИЛО ПАРК ШУМИ ВОДНИ И РЕКРЕАТИВНИ ПОВРШИНИ

**Член 47**

Под одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично на подрачјето на општина Гевгелија..

**Член 48**

Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одмор и рекреација.

Одржувањето и користењето на парковите е дејност што ја врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината.

Одржувањето, уредувањето и користењето на парковите се врши врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на општина Гевгелија, а на предлог на јавното претпријатие на кое му е доверено управувањето со парковите.

Јавното претпријатие е должно да ги одржува и уредува парковите согласно годишната програма донесена од страна на Советот на општина Гевгелија, а особено:

- хортикултурно да ги уредува површините во просторот на парковите;
- редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;
- редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталишта;
- да ги одржува во исправна состојба клупите за седење;
- редовно засадување, обработување и наводнување на зелените површини;
- да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и нивно редовно одржување,
- редовно кастрење на ниските гранки заради безбедно шетање по парковите.

**Член 49**

Под зеленило во смисла на оваа Одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди (во натамошниот текст: зелени површини).

Под јавни зелени површини во смисла на оваа Одлука се подразбираат зелените површини покрај улиците,плоштадите, културно - историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта, спортските терени, гробиштата и дворните места на јавните објекти на општината.

**Член 50**

Одржувањето на зелените површини опфаќа:

-подигање, садење, одгледување и обновување на зелените површини;
- заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници;
- чистење на озеленетите површини; и
- одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

Одржувањето на јавните зелени површини го врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на општина Гевгелија.

Годишната програма треба да содржи: планирање начинот и мерките за одржување на истите, видовите на зеленило, поставување и видот на урбаната опрема и други работи на одржување, како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на средства.

**Член 51**

Парк-шума во смисла на оваа Одлука е подрачје со посебно природни карактеристики кое се одликува со своевиден панорамски изглед и особено природна убавина настаната на природен начин, односно тоа се делови од просторот кои со своите географски особености и творбите на човекот се истакнуваат од другата околина и имаат излетничко, рекреативно, историско, естетско, културно или научно значење.

Парк- шума се прогласува со посебна одлука од Советот на општината. Одржувањето и управувањето со парк - шумите го врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од Советот на општина Гевгелија или други домашни и странски физички и правни лица овластени од општината согласно со Законот.

Овластениот субјект на кого му е доверено правото да управува со парк - шумата е должен да презема соодветни мерки (шумски ред) со цел да се обезбеди подмладување и заштита на шумите од појава на пожари и ширење на штетни инсекти и растителни болести, од штетното дејство на ветерот, снегот и другите елементарни непогоди и заштита на шумското земјиште за што донесува посебен правилник за кој согласност дава Советот на општина Гевгелија..

**Член 52**

Водно - рекреативни површини се определени простори на подрачјето на општината кои се користат од страна на граѓаните за одмор и рекреација во летниот период од годината (отворени базени за капење, крајбрежните делови на акумулационите езера и речни корита, оспособени за капење).

**Член 53**

Под рекреативни површини на подрачјето на општината се подразбираат определени простори на подрачјето на општина Гевгелија кои од страна на граѓаните се користат за одмор и рекреација (посебни подрачја од ридско - планинските предели, полските предели, месности околу манастири, историски споменици, крајбрежни терени покрај реките, акумулационите езера и слично).

Одржувањето и уредувањето на рекреативните површини општината може да го довери на јавното претпријатие за комунални дејности, здруженија на граѓани, спортско - рекреативни и еколошки друштва, излетнички друштва, месни заедници.

Одржувањето на зелените површини, сечење и поткастрување на дрвја во дворовите, пред колективните станбени згради го врши заедницата на сопственици..

**Член 54**

Сечење и копање на дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини може да се врши заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако пречат на подземните и надземните инсталации, кога се оштетени од елементарни непогоди, заради изградба на инвестициони објекти или поради реконструкција на зелените површини.

За сите дејствија и работи од претходниот став потребно е да се има одобрение од Одделението за комунални работи.

**Член 55**

Одобрението од претходниот став на овој член особено треба да содржи определувањето на рокот во кој треба работите да се завршат како и рокот во кој зелените површини треба да се доведат во првобитната положба.

Трошоците за извршување на сите работи утврдени во ставот 2 на член 49 се на товар на инвеститорот, односно изведувачот на работите.

**Член 56**

На зелените површини и на земјиштето на кое е предвидено да се уредува зелена површина, комуналната инфраструктура може да се монтира само подземно.

По исклучок, во парк - шума и на пошумени терени инсталациите од претходниот став може да се поставаат воздушно но под услов да не го попречуваат правилниот развиток на вегетацијата, да не го нарушуваат естетскито изглед на зеленилото и да не го попречуваат нормалното користење на овие зелени површини.

**Член 57**

Во парковите , јавните зелени површини, парк - шумите, водно - рекреативните површини забрането е:
- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
- било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветни и тревни посеви и слично);
- собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прекопи и слично;
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото определено за таа намена;
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично на и покрај зелените површини;
- чување и пасење на добиток и живина;
- закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати на дрвјата;
- уништување и оштетување објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично;
- минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид возила и нивно миење;
- кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци, на чешмите, канделабрите и на други уреди и објекти што им служат на зелените површини;
- изведување на било какви други работи кои доведуваат до уништувањена зелените површини;
- пуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување;
- истоварување, оставање и складирање на разен материјал (огревно дрво, јаглен, отпадно дрво, железо, лим и слично);
- фрлање на отпадоци и други предмети во базените и фонтаните;
- газење по затревнатите површини во парковите;
- косење на тревата во парковите и другите зелени површини без одобрение;
- кубење и кинење на цвеќе;
- палење на огнови во парковите и парк- шумите;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките (светилки, носачи на жичани водови, орманчиња, скали и слично);

**Член 58**

За отстранување на снегот и мразот од јавните паркиралишта, пазарите на мало, спортските објекти и слични простори се грижат правните или физичките лица кои управуваат со тие површини, односно кои обавуваат деловна дејност.

<u>4. ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ</u>

**Член 59**

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот за паркирање и објектите во него и давањето на соодветни услуги како и утврдувањето на начинот на неговото користење.

Јавните паркиралишта мораат да се одржуваат чисти и уредни.

На јавните паркиралишта забрането е да се врши било каква трговска дејност, да се врши утовар и истовар на стока и други работи што не се во согласност со намената на јавниот простор за паркирање, да се оставаат оштетени или неисправни возила, да се паркираат возила за кои не е наменет јавниот простор за паркирање, приколки за кампување, земјоделска и друга приклучна механизација како и автомобилски приколки и сл.

5. ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАЗАРИ

**Член 60**

Под одржување и користење на пазари се подразбира одржување на комуналните објекти,односно просторот на објектите изградени за давање услуги на трговија.

Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи.

Како трговија на стоки на крајните потрошувачи се смета трговијата на стоки за лична потрошувачка и трговија на стоки за потребите на домаќинствата.

**Член 61**

Одржувањето и користењето на пазарите го врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од општинаа или правно и физичко лице овластени од страна на општината (во натамошниот текст: даватели на услуга).

Давателот на услугата е должен пазарите секојдневно да ги чисти и одржува уредно и во хигиенска состојба и во зимскиот период да го чисти снегот и мразот.

Давателите на услуга се должни најмалку еднаш неделно да вршат детално миење на зелените пазари.

**Член 62**

На пазарите мора да има доволен број типизирани контејнери за отпад од 1 x 1 м2, поставени на соодветни места.

**Член 63**

На зелените пазари се врши трговија на големо и мало на земјоделски стоки под услови пропишани со закон и друг пропис.

На посебно организирани делови на зелените пазари може да се врши трговија на големо и мало и на други стоки под услови пропишанио со закон и друг пропис.

**Член 64**

Давателот на услуга е должен да утврди и истакне пазарен ред и да се придржува на пазарниот ред и работното време со тоа што да го контролира дотурот на стока на пазарот и истиот да не претставува пречка за крајните потрошувачи.

Пазарните површини треба да бидат изградени со асфалт или бетонска подлога, со рамна или мазна површина, погодни за чистење и миење, со доволен број сливници, исправна канализациона мрежа со доволно количество на здрава и исправна вода за пиење и санитарен јазол, односно посебни клозети за машки и женски пол. Производите што се продаваат на земјоделските пазари мора да бидат сместени на хигиенски тезги.

**Член 65**

На сточните пазари може да се изложат за промет само жив крупен и ситен добиток, како и перјаста живина.

6. ВРШЕЊЕ НА ОЏАЧАРСКИ УСЛУГИ

**Член 66**

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење.

Заради организирано и навремено вршење на оџачарски услуги на подрачјето на општина Гевгелија во рамките на јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината може да се формира посебна служба за вршење на оџачарски услуги.

Оџачарските услуги можат да ги вршат и други правни и физички лица овластени од Општината согласно Законот.

**Член 67**

Корисници на услугата се сите правни и физички лица кои имаат во сопственост или користат станбени или деловни простори на територијата на општина Гевгелија..

**Член 68**

Корисниците на услугата се должни да извршат чистење на оџаците најмалку еднаш годишно доколку истите ги користат во грејната сезона. Чистењето на оџаците вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона и тоа во месеците септември и октомври.

**Член 69**

На барање на корисникот на услугата, давателот на услугата е должен да изврши чистење на оџаците за што претходно писмено го известува за денот и часот кога ќе се чистат оџаците.

Станарите во колективните станбени згради се должни на лицето кое врши оџачарски услуги непречено да му овозможат чистење на оџаците ако за истото бидат писмено известени од страна на давателот на услугата и тоа во рок од најмалку 5 дена пред отпочнувањето на чистењето.

**Член 70**

Висината на цената и начинот на плаќањето се утврдува по предлог на давателот на услугата.

7. ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ УРЕДИ

**Член 71**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема.

**Член 72**

На плоштадите и поголемите раскрсници можат да се поставаат јавни часовници кои мораат да бидат исправни.

**Член 73**

Јавните клозети можат да се градат на плоштади, пазари, во паркови, и слични места кои мораат да бидат опремени со соодветна опрема, да бидат уредни, исправни и да ги исполнуваат техничките и санитарни услови согласно законските и другите прописи.

**Член 74**

За уредување и одржување на комуналните уреди и објекти како што се јавните клозети, фонтани, водоскоци, чешми и други слични украсни комунални уреди ќе се грижи јавното претпријатие за комунални работи основано од општината.

**Член 75**

Заради функционалноста на намената на комуналните уреди забрането е:

1.Миење и перење на јавните чешми, фонтани;
2.Напојување на животни на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
3.Кршење на уредите и опремата;
4.Пишување на натписи, шарање или цртање на истите;
5.Фрлање и оставање на комунален отпад на истите;
6.Загадување на водата во фонтаните ;
7.Поливање со било какви течности на комуналните уреди.

8. ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ И ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА

**Член 76**

Под отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила во смисол на оваа Одлука се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, неисправни, неправилно или непрописно паркирани возила од јавните сообраќајни површини на општина Гевгелија..

**Член 77**

Хаварисани, односно оштетени возила е она возило кое поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со силата на сопствениот мотор.

Неправилно или непрописно паркирано возило е она возило кое е паркирано на јавните сообраќајни површини спротивно на важечките прописи.

**Член 78**

Под отстранување и чување на возила во смисла на оваа Одлука се подразбира подигање и транспортирање на возилата со специјални возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

**Член 79**

Отстранувањето на возилата од јавните сообраќајни површини го врши овластениот субјект определен од страна на општината а по налог на комуналниот инспектор.

**Член 80**

За отстранување на хаварисаните возила комуналниот инспектор на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстранување на возилото во рок од 7 дена од денот на врачувањето на решението.

Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото не го отстрани сам возилото во рокот утврден во претходниот став на овој член надлежните инспекторски органи изготвуваат записник и издаваат наредба за отстранување на возилото до овластениот субјект за отстранување.

Во записникот треба да се содржат најмалку следните податоци:

- тип, марка и регистарски број на возилото;
- состојба на возилото;
- кус опис на оштетувањето доколку возилото е оштетено.

Овластениот субјект по издадената наредба од страна на овластените службени лица е должен веднаш да отпочне со отстранување на возилото во присуство на овластените службени лица.

**Член 81**

Овластеното правно лице е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменето за нивно паркирање и да ги чува до нивното предавање на

сственикот односно на носителот на правото на користење на возилото. Чувањето на возилото не може да трае подолго од 30 дена.

Просторот го определува овластениот субјект по претходна согласност од страна на општина Гевгелија.

**Член 82**

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето од претходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

По исклучок примопредавањето на возилото што се отстранува може да се изврши и на самото место од каде се отстранува, додека возилото не е поставено на платформата на специјалното возило.

**Член 83**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши по наплатата на трошоците за отстранување, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

**Член 84**

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на непрописно паркираните возила ги утврдува Советот на општината со посебна Одлука.

Трошоците за отстранување и чување на хаварисаните возила се утврдуваат со посебен договор склучен помеѓу овластениот субјект и Градоначалникот на општината.

9 .ЕРАДИКАЦИЈА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ

**Член 85**

Под ерадикација на животни скитници во смисол на оваа Одлука се подразбира хумано решавање на проблемот со животните - скитници и тоа: собирање, привремено згрижување, стерилизирање, вакцинирање, дехелментизација на здравите и еутаназија на болните кучиња и мачки скитници со цел за зачувување на здравјето на населението и отстранување на изворите на заразните заболувања, како и смалување на можноста од нивно пренесување, спречување на евентуални економски штети и унапредување на хигиенските услови на живот.

**Член 86**

Решавањето на проблемот на животните скитници општина Гевгелија може да го довери на јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината или на друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите согласно законските прописи.

**Член 87**

Советот на општина Гевгелија донесува Годишна програма за решавање на проблемот на животните скитници која меѓу другото содржи реална проценка на бројот на кучињата и мачки скитници што треба да се третираат во тековната година, условите и организацијата на извршувањето на предвидените работи и средствата за реализирање на програмата.

10. УКРАСУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Член 88**

Под уредување на градското подрачје и на населените места на подрачјето на општина Гевгелија се подразбира уредување на надворешните делови на зградите, излозите, поставувањето на реклами, натписи и оградите, јавното осветлување во посебни прилики на

свечености и празници, комуналните објекти и комуналната опрема и уредување на другите површини во склоп на поставувањето објекти и слично.

**Член 89**

Оградите покрај јавните површини мораат да бидат изработени така да се вклопуваат на околината, по правило од украсна жива ограда, и не смеат да бидат изведени со бодликава жица, колци и слично.

Правните и физичките лица се должни оградите покрај јавните површини кои ги користат да ги држат уредни, за да не пречат на видливоста на сообраќајницата и да не претставуваат опасност за минувачите.

**Член 90**

Дворовите, градините и другите слични површини пред зградите и неизграденото градежно земјиште покрај јавните површини, сопственикот, односно корисниците мораат да ги одржуваат уредни и чисти.

**Член 91**

За време на новогодишните и божиќните празници излозите на продавниците и другите деловни објекти од страна на сопствениците или корисниците може да бидат свечено украсени.

За време на новогодишните и божиќните празници и во посебни прилики на свечености, плоштадите и потесниот реон на централното градско подрачје потребно е да бидат свечено украсени и јавното осветлување да биде дополнето со свечено украсни светлосни елементи.

11. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

**Член 92**

Јавните санитарни јазли ги одржува јавното претријатие за комунални дејности основано од Општината или друго правно или физичко лице овластено од страна на Општината.

Јавните санитарни јазли мораат да бидат опремени со соодветна санитарна опрема и субјектите од став 1 на овој член должни се истите да ги одржуваат во чиста и исправна состојба, редовно да ги одржуваат и дезинфицираат.

**Член 93**

Јавните санитарни јазли мораат да бидат изградени според пропишаните санитарно - хигиенски услови, односно да се изградени од тврд материјал, поврзани со канализациона и водоводна линија..

**Член 94**

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплатува соодветен надоместок што ќе го определи давателот на услугата.

**Член 95**

Забрането е оштетување на санитарната и друга опрема во јавните санитарни јазли.

12.ДЕЗИНФЕКЦИЈА ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА

**Член 96**

Советот на општина Гевгелија донесува годишна програма за, дезинсекција, дезинфекција и дератизација.

Програмите од претходниот став на овој член го содржат начинот на вршење на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата, периодот на вршење на овие активности и потребните средства, како и изворите на финансиски средства.

**Член 97**

Аерозапрашувањето се врши најмалку еднаш годишно во период пролет – лето .

Дезинсекција се врши по потреба и по барање на заинтересираните субјекти , а во согласност со пропишаните стандарди и нормативи .

Превентивно дезинфекција и дератизација се вршат системски , најмалку еднаш годишно , во согласност со утврдени нормативи .

**Член 98**

Вршењето на аерозапрашувањето , дезинсекцијата , дезинфекцијата и дератизацијата , општината може да го довери на овластен субјект специјализиран за вршење на тие дејности .

**Член 99**

Вршењето на дезинфекција, дезинсекција и дератизација општината може да го довери на овла-стен субјект специјализиран за вршење на истите дејности.

Општината навремено преку средствата за јавно информирање е должна да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведувањето на дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата и за мерките за заштита што треба да ги преземат граѓаните.

<u>13.ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА СИТНА И КРУПНА СТОКА ЖИВИНА И ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ</u>

**Член 100**

На подрачјето на градот Гевгелија во границите на градежниот опфат се забранува чувањето на секаков вид ситна и крупна стока , перјаста живина и пчелни семејства.

Фарми за одгледување на стока можат да бидат изградени на оддалеченост не помала од 500 метри од градежниот опфат на градот.

Пчелни семејства можат да се постават на оддалеченост не помалку од 500 метри од градежниот опфат.

**Член 101**

Во населените места дозволено е чување на ситна и крупна стока до две грла.

Чувањето на стоката и живина во населените места треба да биде во посебно изградени санитарно - хигиенски објекти во сопствените дворови кои треба да бидат оддалечени од станбените објекти на соседите најмалку 10 метри и да бидат преземени сите санитарно - хигиенски и здравствени мерки.

**Член 102**

Шталите во населените места на подрачјето на општината мора да бидат изградени на оддалеченост не помала од 500 метри од градежниот опфат и редовно да се одржуваат и чистат.

Ситната и крупната стока и живината мора да бидат регистрирани кај надлежната ветеринарна установа согласно законските прописи и редовно да бидат вакцинирани.

Шталскиот отпад да се собира на оддалеченост од најмалку 10 метри од објектите на соседите и тоа во ограден и покриен простор, најмногу до 2м3 по што истиот редовно да се изнесува по нивите.

Не е дозволено чување и складирање на слама, во бали или во стогови како храна за добитокот, во градежниот опфат на градот и населените места.

**Член 103**

Носењето на добиток во градот може да се врши до зелениот и сточниот пазар и обратно во специјални корпи на начин на кој не се загрозува безбедноста на сообраќајот и улиците.

**Член 104**

На подрачјето на градот, во градежниот опфат чување на гулаби е дозволено само во дворните места на индивидуалните станбени објекти.

Гулабарникот треба да биде изграден од погоден материјал со бетонски под, поврзан со канализациониот систем и истиот постојано да се одржува во хигиенска состојба. Чувањето и одгледувањето на гулаби не смее да пречи во нормалното живеење на соседите.

До колку гулабите го пореметуваат нормалото живеење на соседите на било кој начин надлежните инспекциски органи можат да наредат преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

**Член 105**

На подрачјето на општина Гевгелија во дворните места на индивидуалните станбени објекти може да се чуваат домашни миленици -кучиња под услов истите да бидат регистрирани во надлежната ветеринарна институција и редовно вакцинирани.

Сопственикот е должен сместувањето и чувањето на кучињата да го уреди на начин што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите. Сопствениците на кучиња се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места.

Кучето може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзано со каиш.

Забрането е оставање на фекални остатоци од домашните миленици на јавна површина. Сопственикот на домашниот миленик е должен да ја исчисти површината од фекални остатоци од неговиот домашен миленик

Сопственикот на ловечките кучиња е должен при минување низ градот и населеното место кучето да го држи заврзано, а за лов да го пушти по излегувањето од градот и населеното место

Не е дозволено чување на кучиња со ќут на постојано лаење и завивање.

**Член 106**

Во станбените згради може да се чуват кучиња за кои сопственикот има прибавено писмено одобрение од заедницата на сопственици на колективната станбена зграда.

<u>14. СЕЧЕЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ОГРЕВНО ДРВО И ЈАГЛЕН НА ЈАВНИ И СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ</u>

**Член 107**

Истоварот, сечењето, цепањето, складирањето на огревното дрво и јагленот треба да се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

Во исклучителни случаи тоа може да се прави и на јавни површини,но при тоа не смее да се спречи нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот и протекот на атмосферските води со претходно добиено одобрение од надлежниот орган на општината.

Дрвјата, јагленот и сличен материјал мораат да се отстранат од јавните и сообраќајните површини најкасно во рок кој ке го определи надлежниот орган во општината , и после тоа јавната површина да се доведе во првобитната положба.

## II.МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛЕН РЕД И НАДЗОР

**Член 108**

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 2 на оваа Одлука се утврдуваат со посебни програми за секоја дејност поодделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Програмите од став 1 на овој член ги донесува Советот на општина Гевгелија.

**Член 109**

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат овластените комунални инспектори.

Надлежните општински инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината, над физичките и правните лица на кои општина Гевгелија им дала дозвола за вршење на комунална дејност, над законитоста во работењето на субјектите во комуналните дејности на подрачјето на општината како даватели на комуналните услуги така и над правните и физичките лица кои се назначени како корисници на комуналните услуги согласно одредбите на оваа Одлука.

**Член 110**

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба комуналните инспектори составуваат записник и донесуваат решение со кое го определуваат начинот и рокот на отстранување на недостатокот.

Против решението на инспекторот од ставот 1 на овој член дозволена е жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

По жалбата против решението на комуналниот инспектор одлучува Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 111**

Физичките и правните лица се должни на надлежните општински инспекции да овозможат несметано обавување на надзорот, а во начело пристап до просториите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, да дадат лични податоци и да пружат други потребни известувања за предметот.

**Член 112**

Ако општински инспектори во својата работа наидат на отпор, можат да побараат помош од надлежните полициски органи.

**Член 113**

Контрола на спроведувањето на оваа Одлука врши комуналниот редар.

При вршење на контролата комуналниот редар има право да ги провери идентификациските документи на лицата поради потврдување на нивниот идентитет.

За констатираните неправилности при контролата комуналниот редар составува записник и изрекува мандатна казна на самото место согласно со Законот за комуналните дејности и Законот за прекршоците.

## III. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 114**

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му изрече за сторен прекршок на правно и физичко лице - давател на комунална услуга, ако:

-не обезбеди трајно и квалитетно вршење на комуналните услуги , како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 115**

Глоба во износ од 1000 до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице –корисник на услуга кое постапува спротивно на одредбите на оваа Одлука

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Член 116**

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во мандатна постапка, ако постапува спрот ивно на одредбите на оваа Одлука.

**Член 117**

(1) Кога, комуналниот инспектор на општината, ќе утврди дека е сторен прекршок ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, инспекторите од ставот (1) на овој член се должни да спроведат постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоци.

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 118**

Сопствениците чии што објекти (штали, фарми и трла) егзистираат во градежниот опфат на градот и населените места должни се истите да ги дислоцираат согласно членовите 100 и 102 во рок од две години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 119**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за комунален ред на општина Гевгелија бр. 2/98 и 5/03 год.

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.07-2649/1 Претседател<br>
26.12.2914 год. на Советот на општина Гевгелија,<br>
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службн весник н РМ" бр.5/02 и 11/05 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) а врз основа на член 64-б став 4 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 42/12, 168/12, 163/13, 39/14 и 42/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласнот на Ценовник за услуги за пренос на возила и помош на пат, односно отстранување на оштетени возила и возила во дефект од општински и локални патишта за територијата на општина Гевгелија

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Ценовникот за услуги за пренос на возила и помош на пат, односно отстранување на оштетени возила и возила во дефект од општински и локални патишта за територијата на општина Гевгелија

на Трговското друштво за превоз, трговија и услуги ШЛЕП СЕРВИС ДООЕЛ - Гевгелија.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2653/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги-Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.53/04,55/07,145/10 и 136/11 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

## Л И С Т А
за измена и дополнување на Листата за определување на
имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на
подрачјето на општина Гевгелија

1.Во Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/12 год.) се вршат следните измени и доплнувања:

Во ставот 1 во подточка 5 "5.Во населено место Прдејци" во став 1 по зборот "Баламов", точката се брише и се додаваат зборовите "Индустриска и Вардарска".

Во истиот став во подточка 8 "8 .Во населено место Мрзенци" во став 1 по зборот "Бозаџиев", точката се брише и се додаваат зборовите "Киро Николов".

2.Листата, согласно член 5 од Законот за имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, се доставува до Владата на Република Македонија, за добивање на согласност.

3.Оваа Листа за измена и дополнување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Гевгелија влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр.07-2652/1
26.12.2014 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николовс.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2014 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со оваа Предлог-Програмата се определуваат прашањата (актите и материјалите) кои ќе ги разгледува и одлучува на Советот на општина Гевгелија во своето работење во текот на 2015 година (Во натамошниот текст: Советот на општината).

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на општината ќе разгледува и одлучува и по други прашања и проблеми што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2015 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, невладиниот сектор како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2015 година се распоредени во групи и подгрупи.

## 1.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15 март 2015 година

1.2.Завршна сметка за 2014 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски , "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: 15 Март 2015 година

1.3.Завршна сметка за 2014 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: 15 Март 2015 година

1.4.Завршна сметка за 2014 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: 15 Март 2015 година

1.5. Завршна сметка за 2014 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: 15 Март 2015 година

1.6.Завршна сметка за 2014 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: 15 Март 2015 година

1.7.Завршна сметка за 2014 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет

Рок: 15 Март 2015 година

1.8.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2014 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"

Рок: 15 Март 2015 година

1.9.Квартални извештаи за извршувањена Буџетот за 2015 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач: Општинска администрација

Рок: Квартално во текот на 2015 година

1.10.Информација за преземените активности за реализација на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Септември 2015 година

1.11.Буџет на општина Гевгелија за 2015 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: До крајот на декември 2015 година

1.12.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: До крајот на декември 2015 година.

1.13.Годишен финансиски план за 2016 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта

Рок:Декември 2015

1.14.Годишен финансиски план за 2016 година на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Средноопштинско училиште

Рок: Декември 2015 година

1.15.Годишен финансиски план за 2016 година на Општинската установа за деца-Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца

Рок: Декември 2015 година

1.16.Годишен финансиски план за 2016 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека

Рок: Декември 2015 година

1.17.Годишен финансиски план за 2016 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата

Рок: Декември 2015 година

1.18.Годишен финансиски план за 2016 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет

Рок: Декември 2015 година

1.19.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито"за 2016 год.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: Декември 2015 година

1.20.Годишен финансиски извештај од Невладините организации за потрошените средства доделени од Буџетот на општина Гевгелија

Предлагач : Советници
Изготвувач: Невладините организации и Општинската администрација
Рок: Декември 2015 година

## 2.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

2.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2016 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година

2.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година

2.3.Информација за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2015 год.

2.4.Извештај за реализација на Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2015 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 год.

2.5.Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 год.

2.6.Извештај за работата на Партиципативното тело од областа на урбанизмот.

Предлагач и изготвувач: Партиципативно тело
Рок: Декември 2015 год.

2.7.Програма за поставување на времени објекти во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Општинска администрација
Рок: Во текот на 2015 год.

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

3.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2014 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок:Март 2015 година

3.2.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2014 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2015 година

3.3.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија, нивно уредување и користење.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2015 година.

3.4.Програма за уредување на речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2015 година.

3.5.Информација за состојбата и преземените активности за кучињата скитници во општина Гевгелија.
Предлагач и Изготвувач: КПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2015 година.

3.6.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни-Ноември 2015 год.

3.7.Информација за состојбата со општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2015 година.

3.8.Информација за состојбата со авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2015 година.

3.9.Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Октомври 2015 година

3.10.Информација за хортикултурно уредување во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Ноември 2015 година

3.11.Информација за состојбата со преземените активности за изградба на регионална депонија за комунален цврст отпад.
Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Ноември-Декември 2015 година.

3.12.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2014 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година.

3.13.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Гевгелија за 2016 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година

3.14.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2016 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година

3.15.Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2016 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година

3.16.Програма за јавното осветлување во општина Гевгелија за 2016 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година

3.17.Програма за хортикултурно и партерно уредување на јавни површини во општина Гевгелија за 2016 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2015 год.

3.18.Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2014 година
Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Март 2015 година.

3.19.Програма за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2016 година.
Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година.

3.20.Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2016 година.
Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година.

3.21.Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2016 година.
Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2015 година.

## 4.АКТИ НА КОИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДАВА СОГЛАСНОСТ

4.1.Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2015 година
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Јануари 2015 година

4.2.Програма за работа на ЈП"Миравци" Миравци за 2015 година
Предлагач и изготвувач: ЈП"Миравци" Миравци
Рок: Јануари 2015 година

4.3.Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2014 год.
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2015 година

4.4.Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2014 год.
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2015 година

4.5.Извештај за работењето на ЈП"Миравци" Миравци за 2014 год.
Предлагач и изготвувач: ЈП"Миравци" Миравци
Рок: Април 2015 година

4.6.Годишна завршна сметка на ЈП"Миравци" Миравци за 2014 год.
Предлагач и изготвувач: ЈП"Миравци" Миравци
Рок: Април 2015 година

4.7.Квартални извештаи за извршување на финансиските планови на јавните комунални претпријатија ЈПКД "Комуналец" Гевгелија и ЈПВК "Миравци" Миравци за 2015 година.
Предлагач и изготвувач: Јавните комунални претпријатија
Рок: Квартално во 2015 година

4.8.Годишен извештај за работата на Управниот одбор и Надзорниот одбот за материјално финансиското работење на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2014 година.
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија,
Управен и надзорен одбор на јавното претпријатие
Рок:Јануари-Април 2015 година

## 5.ОПШЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

5.1.Годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2015 година

5.2.Одлука за формирање комисија за соработка со невладиниот сектор.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2015 година

5.3.Извештај за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2014/2015 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа - библиотека
Рок: Февруари 2015 година

5.4.Годишна програма за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2015/2016 година
Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека
Рок: Февруари 2015 година

5.5.Извештај за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2014/2015 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на културa
Рок: Февруари 2015 година

5.6.Годишна програма за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2015/2016 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2015 година

5.7.Извештај за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2015/2016 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2015 година

5.8.Годишна програма за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2015/2016 година
Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2015 година

5.9.Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2014/2015 година.
Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: Февруари 2015 година

5.10.Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2015/2016 година.
Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: февруари 2015 година

5.11.Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Полициска станица Гевгелија
Рок. Полугодишно 2015 година

5.12.Информација за безбедност во сообраќајот на патиштата на подрачјето во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач:Полициска станица Гевгелија
Рок: Полигодишно 2015 година

5.13.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во Јавните здравствени установи во општина Гевгелија.
Предлагач и изготвувач: Завод за здравствена заштита
ПЕ Гевгелија,ЈЗО и Здравен дом Гевгелија.
Рок: Јануари 2015 година

5.14.Пограма за запрашување во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2015 година.

5.15.Информација за преземените активности и извршеното запрашување.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2015 година.
